# СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словенечки македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 8 јули 1971

БЕЛГРАД

БРОЈ 29 ГОД. XXVII

Цена на овој број е 10 динари. — Претплатата за 1971 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1 Пошт фах 226. — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 50-934; Претплатна служба 51-732; Продажна служба 51-671


**344.**

Бидејќи се исполнети условите од Уставниот амандман XII, Соборот на народите, врз основа на Уставниот амандман XII точка 3, на седницата од 30 јуни 1971 година, донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИТЕ АМАНДМАНИ

Се прогласуваат Уставните амандмани XX до XLII, што ги усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година, на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1971 година, на седницата на Просветно-културниот собор од 30 јуни 1971 година, на седницата на Социјално-здравствениот собор од 30 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година.

**Собор на народите**

АС бр. 329
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

## УСТАВНИ АМАНДМАНИ XX ДО XLII

Овие уставни амандмани се составен дел од Уставот на СФРЈ и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување.

### АМАНДМАН XX

1. Работните луѓе, народите и народностите ги остваруваат своите суверени права во социјалистичките републики, и во социјалистичките автономни покраини во согласност со нивните уставни права, а во Социјалистичка Федеративна Република Југославија кога во заеднички интерес тоа е утврдено со Уставот на СФРЈ.

2. Социјалистичка Федеративна Република Југославија е сојузна држава како државна заедница на доброволно обединети народи и на нивните социјалистички републики, како и на социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово кои се во состав на Социјалистичка Република Србија, заснована врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работни луѓе и граѓани и на рамноправни народи и народности.

3. Републиката е држава заснована врз сувереноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работни луѓе и граѓани и на рамноправни народи и народности.

4. Покраините се автономни социјалистички самоуправни демократски општествено-политички заедници во кои работните луѓе, народите и народностите ги остваруваат суверените права, а кога во заеднички интерес на работните луѓе, народите и народностите на републиката како целина тоа е утврдено со Уставот на Социјалистичка Република Србија — и во републиката.

5. Покрај правата што им се обезбедени со Уставот во другите општествено-политички заедници, народностите ги остваруваат суверените права и во општината како основна општествено-политичка самоуправна заедница.

6. Самоуправната положба и правата на работниот човек и на граѓанинот во организациите на здружениот труд, во интересните и месните заедници, самоуправната положба на граѓаните во општината, слободното самоуправно здружување, активноста и творештвото на работните луѓе и на граѓаните, рамноправноста на народите и народностите и основните слободи и права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот на СФРЈ, се основа, граница и правец на остварувањето на правата и должностите на општествено-политичките заедници во вршењето на функциите на власта.

7. Со одредбата на точка 1 од овој амандман се заменува одредбата на Оддел I, став 2 од Основните начела, а со одредбата на точка 2 се заменува член 1 од Уставот на СФРЈ.

Се укинуваат член 108 од Уставот на СФРЈ и одредбата на точка 4 став 3 од Амандманот XVIII.

### АМАНДМАН XXI

1. Основата на социјалистичките самоуправни односи ја чини општествено-економската положба на работниот човек во општествената репродукција која му осигурува, работејќи со средствата на репродукцијата во општествена сопственост и решавајќи непосредно и рамноправно со другите работни луѓе во здружениот труд за сите работи на општествената репродукција во услови и односи на меѓусебна зависност, одговорност и солидарност, да го остварува својот личен материјален и морален интерес и правото да се користи со резултатите од својот труд и со придобивките на општиот материјален и општествен прогрес и врз таа основа што попотполно да ги задоволува своите лични и општествени потреби и да ги развива своите работни и други творечки способности.

Заради обезбедување на ваква општествено-економска положба на работниот човек, на работниците им се гарантира, како нивно неотуѓиво право, врз основа на својот труд во основните организации на здружениот труд во кои се здружуваат и работат, како и во сите облици на здружување и деловна соработка на тие организации, да стекнуваат доход и да управуваат со работите и со средствата на општествената репродукција и да одлучуваат за доходот што, како дел од вкупниот општествен доход, го остваруваат во различни облици на здружениот труд и на здружување на средствата.

Доходот остварен во кој и да е облик на здружениот труд и здружување на средствата им припаѓа во целост на основните организации на здружениот труд.

Од доходот што основните организации на здружениот турд заеднички го остваруваат со здружување и со деловна соработка, на секоја од тие организации ѝ припаѓа делот што одговара на нејзи-

ниот придонес во остварувањето на тој доход и тој е составен дел на доходот што основната организација на здружениот труд го остварува со своето вкупно работење и за кој работниците во неа одлучуваат непосредно врз основа на својот труд.

Остварениот вкупен доход во основната организација на здружениот труд претставува материјална основа на правото на работникот да одлучува за условите на својот труд и за распределбата на доходот и да стекнува личен доход во согласност со начелото на распределба спрема трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд.

2. Основната организација на здружениот труд е основен облик на здружениот труд во кој работниците врз основа на својот труд непосредно и рамноправно ги уредуваат меѓусебните односи во работата, управуваат со работите и со средствата на општествената репродукција, одлучуваат за доходот и за другите прашања на својата општествено-економска положба.

Работниците во секој дел од работната организација (претпријатие, установа и сл.) што претставува работна целина во која резултатот од нивниот заеднички труд може да се потврди како вредност на пазарот или во работната организација и кој врз таа основа може самостојно да се изрази, имаат право таквиот дел да го организираат како основна организација на здружениот труд.

Работниците на основната организација на здружениот труд во состав на работната организација имаат право својата основна организација на здружениот труд да ја издвојат и да ја конституираат како самостојна организација на начин предвиден со закон.

Со организирање на основна организација на здружениот труд во состав на работната организација или со издвојување на основна организација на здружениот труд од составот на работната организација не можат да се повредат правата на работните луѓе во другите делови на таа организација, ниту интересите и правата на таа организација како целина што произлегуваат од меѓузависноста во работата или од заедничкиот труд со здружени средства, како ниту едностранo да се менуваат меѓусебните обврски.

3. Доходот го распоредуваат работниците во основната организација на здружениот труд за своите лични и заеднички потреби и за потребите за проширување на материјалната основа на здружениот труд и за подигање на работната способност на работниците. Од доходот како резултат на нивниот заеднички труд во организацијата и на вкупниот општествен труд, остварен на пазарот и во целината на меѓусебните односи и врски во различни облици на деловна соработка и заедничко работење, на работниците им припаѓа за задоволување на нивните лични и заеднички потреби дел од тој доход што е сразмерен со нивниот труд и со придонесот за успехот и развојот на организацијата што тие го дале со својот труд.

На секој работник во организацијата на здружениот труд му припаѓа, согласно со начелото на распределба според трудот, личен доход сразмерно со резултатите на неговиот труд и со неговиот личен придонес за успехот и развојот на организацијата што тој го дал со својот вкупен, тековен и минат труд во неа.

Резултатот од трудот и личниот придонес на работникот за успехот и развојот на организацијата на здружениот труд, покрај другите основи и мерила утврдени врз начелата на заемност и солидарност, се основа и мерило при одлучувањето за употребата на средствата издвоени во организациите на здружениот труд за нивните заеднички потреби.

4. Работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распоредување на доходот и за распределба на средствата за лични доходи во согласност со основите и мерилата утврдени со самоуправни спогодби и со општествени договори.

Ако работниците не се придржуваат кон основите и мерилата утврдени со самоуправните спогодби или со општествените договори, односно ако такви спогодби или договори не се склучени, а со распоредувањето односно со распределбата се нарушува начелото на распределба според трудот или нормалниот тек на општествената репродукција, со закон можат да се утврдат мерки со кои се обезбедуваат односи што одговараат на тие спогодби или договори, односно мерки со кои се обезбедува рамноправност на работниците во примената на начелото на распределба според трудот.

5. На секој работник во здружениот труд со општествени средства му се гарантира, врз основа на својот труд да остварува личен доход и други права најмалку во височина односно обем што му ја обезбедува неговата социјална сигурност и стабилност. Височината на личниот доход и обемот на овие права, како и начинот на нивното остварување, се утврдуваат со самоуправна спогодба односно со општествен договор или со закон, во зависност од општиот степен на продуктивноста на вкупниот општествен труд и од општите услови на средината во која работи и живее работникот.

6. Со слободна размена на својот труд со трудот на работниците во организациите во областа на образованието, науката, културата, здравството и на другите општествени дејности, како дел од единствениот процес на општествениот труд, работните луѓе ги обезбедуваат своите лични и заеднички потреби во тие области. Со вакви односи им се обезбедува на работниците во тие дејности еднаква општествено-економска положба како и на работниците во другите организации на здружениот труд.

Работниците во организациите на здружениот труд на општествените дејности и корисниците на нивните услуги основаат самоуправни интересни заедници и со самоуправни спогодби и договори ги утврдуваат меѓусебните односи, прва и обврски.

Самоуправни интересни заедници работните луѓе како корисници можат да основаат и за задоволување на одредени лични и заеднички потреби и за остварување на своите интереси врз основа на заемност и солидарност, утврдувајќи ги врз самоуправни основи своите заеднички и поединечни обврски спрема тие заедници и своите заеднички и поединечни права што се остваруваат во нив.

Со закон можат да се утврдат: обврска за образување на интересни заедници, начелата за нивната организација и за меѓусебните односи на работниците од заинтересираните области на трудот, како и обврска за плаќање придонес на интересните заедници заради финансирање на нивната дејност врз начелата на солидарност и сразмерност на придонесите со личните доходи на работниците, односно со економската сила на другите обврзници.

7. Средствата распоредени во основната организација на здружениот труд за проширување на материјалната основа на трудот, како дел од заедничките средства на општествената репродукција, служат за проширување на материјалната основа на трудот во таа организација и во општеството како целина, согласно со интересот на работниците во организацијата на здружениот труд да се користат во неа со тие средства или да ги здружуваат со средствата на други организации заради заедничка работа и работење.

Со закон може привремено да се ограничи располагањето со дел од средствата на општествената репродукција или да се утврди обврска за здружување на дел од тие средства заради финансирање на одредени неопходни потреби на општествената репродукција, согласно со уставот односно со покраинскиот уставен закон.

8. Организациите на здружениот труд, во рамките на самоуправните спогодби и на општествените договори, и општествено-политичките заедници, во рамките на своите права и обврски утврдени со уставот, се должни, во согласност со начелата на заемност и солидарност, да се грижат за економска и друга помош на организациите на здружениот

труд што ќе дојдат во исклучителни економски тешкотии и да преземаат мерки за нивна санација кога тоа е во општествен интерес.

Организациите на здружениот труд, сами или во рамките на самоуправните спогодби, врз начелата на заемност и солидарност, обезбедуваат средства за запослување, преквалификација и за остварување на други стечени права на работниците, кога поради технолошки и економски причини ќе престане потребата од нивна работа во организацијата.

Со закон можат да се утврдат одредени материјални обврски на организациите на здружениот труд за создавање на заеднички средства за остварување на задачите од претходните ставови.

9. Заради задоволување на со уставот односно со покраинскиот уставен закон утврдените општи општествени потреби што ги остваруваат во општествено-политичките заедници, работниците од доходот на основната организација на здружениот труд или од своите лични доходи плаќаат врз основа на закон утврдени даноци за тие потреби.

Обврските на работниците и на организациите на здружениот труд спрема општествено-политичките заедници се утврдуваат во зависност од способноста на стопанството да го осигури задоволувањето на личните и заедничките потреби на работните луѓе и на потребите на проширената репродукција во согласност со достигнатиот степен на продуктивноста на вкупниот општествен труд и со потребите на материјалниот и општествениот развој што одговараат на неговите можности и на долгорочните интереси на развојот на производните сили на општеството, како и во зависност од способноста на организацијата на здружениот труд, во согласност со општите обврски на стопанството и со резултатите на трудот и успехот што го остварува, да ги осигури со уставот утврдените права на работниците.

Ова начело се применува и во сите други случаи кога со акти на општествено-политичките заедници, во рамките на нивните права и должности утврдени со уставот односно со покраинскиот уставен закон, привремено се ограничува располагањето со средствата со кои управуваат организациите на здружениот труд или се утврдува обврска за здружување на тие средства.

10. Спрема организацијата на здружениот труд која не ги исполнува своите обврски утврдени со закон или која со своето работење потешко ќе ги оштети општествените интереси или во која битно ќе се наруши остварувањето на самоуправните права на работниците, можат да се преземат посебни со закон утврдени привремени мерки, под услови и според постапка предвидени со закон.

11. Со овој амандман се заменуваат одредбите на чл. 11, 12, 15 став 3 и на член 18 став 2 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXII

1. Својот труд и средствата на општествената репродукција во основните организации на здружениот труд работниците слободно ги здружуваат во претпријатија, установи и во други работни организации или во други облици на здружениот труд, вклучувајќи ги и оние што вршат кредитни и банкарски работи и работи на осигурувањето, заради зголемување на доходот во основните организации на здружениот труд и унапредување и развивање на сопствениот и заедничкиот труд и работење и подигање на производноста на вкупниот општествен труд.

Меѓусебните односи во овие организации работниците ги уредуваат со самоуправна спогодба за здружување врз основа на рамноправност, обезбедувајќи го во целината на овие односи неотуѓивото право на работникот, врз основа на својот труд, да управува со работите и средствата на општествената репродукција и да одлучува за доходот што го остварува основната организација на здружениот труд во која работи.

Статутите и другите општи акти на организацијата во која се здружени основните организации на здружениот труд не можат да бидат во спротивност со самоуправната спогодба за здружување.

Основните и другите организации на здружениот труд се носители на правата и обврските што им припаѓаат врз основа на устав, закон и самоуправна спогодба за здружување.

2. Доходот што основните организации на здружениот труд со здружување на трудот и средствата и со деловна соработка со други организации заеднички го остваруваат во вид на камати на кредит или во друг вид, е составен дел на доходот што основните организации на здружениот труд го остваруваат со своето вкупно работење и им припаѓа на овие орргаанизации сразмерно со нивниот придонес во остварувањето на тој доход

3. На организацијата на здружениот труд која во своето работење се користи со здружени средства на други организации на здружениот труд што по тој основ имаат право на учество во нејзиниот доход, во рамките на остварениот доход мораат да ѝ бидат обезбедени средства за лична и заедничка потрошувачка на работниците, како и средства за проширување на материјалната основа на трудот според нејзиниот придонес во заедничките резултати од трудот.

Мерилата за утврдување на средствата за лична и заедничка потрошувачка на работниците и на придонесот во заедничките резултати на трудот се одредуваат со договор во согласност со единствените начела за здружување на средствата утврдени со сојузен закон, како и со самоуправни спогодби и општествен договор за овие мерила.

Со здружување на средства не можат да се стекнат никакви сопственички или други трајни права. Правото на учество во доходот на друга организација по основ на здружување на средства гасне, кога, во согласност со единствените начела за здружување на средствата и во согласност со договорот ќе се вратат или ќе се амортизираат средствата со чие здружување е стечено ова право. Други заемни права и обврски по основ на здружување на средства се остваруваат согласно со договорот.

4. Организациите на здружениот труд можат средствата на општествената репродукција да ги вложуваат во странство и да се користат со средства на странски лица, под условите и во границите утврдени со сојузен закон.

Правата на странското лице над средствата што ги вложува во организацијата на здружениот труд во земјата по склучувањето на договорот не можат да се намалат со закон или со друг акт.

5. Заради проширување на материјалната основа на трудот, организациите на здружениот труд можат да собираат парични средства од граѓаните и да им обезбедат, покрај враќање на овие средства, и надоместок за вложените средства во вид на камати или и други погодности.

6. Меѓусебните кредитни односи на организациите на здружениот труд и нивните односи со други лица во рамките на кредитниот систем се уредуваат во согласност со единствените начела утврдени со сојузен закон.

Со договорите за меѓусебните кредитни односи помеѓу организациите на здружениот труд и за нивните односи со други лица во рамките на кредитниот систем, покрај обврските за условите за користење и враќање на кредитот во границите одредени со закон, не можат, да се утврдуваат и други обврски со кои се ограничуваат правата на работниците утврдени со уставот.

7. Заради остварување на заедничките интереси во обезбедувањето на парични средства за вршење и проширување на својата дејност, организациите на здружениот труд, интересните заедници и општествено-политичките заедници можат да основаат со договор банки, како посебни организации на здружениот труд за вршење на кредитни и други банкарски работи.

Организациите на здружениот труд, интересните заедници и општествено-политичките заедници, ка-

ко и други општествени правни лица што ги здружуваат своите средства во банка, управуваат со работите на банката согласно со договорот за основање на банката и со статутот на банката што се донесува во согласност со тој договор.

Средствата што ги остварува банката со своето работење, по издвојувањето на делот за задоволување на личните и заедничките потреби на работниците што работат во банката и за унапредување на материјалната основа на нивниот труд, се распределуваат меѓу општествените правни лица што ги здружиле своите средства во банката, согласно со статутот на банката.

Од делот на средствата што се здружуваат во банката и од делот на распределените средства остварени со работењето на банката, се образува резервен фонд на банката.

Средствата што се распределуваат од доходот на банката можат да се одаочуваат само како приход на лицата на кои им се распоредени и врз основа на прописите и во корист на општествено-политичката заедница на која ѝ се плаќа данок од доходот на тие лица.

Работењето на банките што се однесува на собирањето на штедните влогови на граѓаните, правата и обврските на банките во врска со тоа работење, како и правата на граѓаните, врз основа на своите штедни влогови покрај договорените камати, да стекнуваат и други права, се уредуваат со закон, во согласност со единствените начела на кредитниот систем.

8. Организациите на здружениот труд, интересните заедници, општествено-политичките заедници и другите општествени правни лица што ги здружуваат своите средства во осигурителни и во други парични организации, имаат во поглед на управувањето со тие организации и во поглед на распределбата во начело исти права како и општествените правни лица што ги здружуваат своите средства во банка.

Правата на граѓаните — осигуреници на учество во управувањето, како и другите нивни права, се утврдуваат со статутот во согласност со закон.

Организациите на здружениот труд, интересните заедници, општествено-политичките заедници и другите општествени правни лица, имаат во организациите на здружениот труд, што се занимаваат, освен со други дејности, и со банкарско или слично работење заради стекнување на доход, во начело исти права како и општествените правни лица што здружуваат средства во банка, и тоа во делот што се однесува на тоа работење.

Основањето и работењето на организациите на здружениот труд што се занимаваат со работи на прометот на стоки и услуги се уредуваат во согласност со начелата на здружениот труд и самоуправувањето, на меѓусебното влијание врз деловната политика во рамките на нивната соработка со производствените и други организации, на заедничкото преземање на ризик и на заедничката одговорност за проширување на материјалната основа и за зголемување на продуктивноста на трудот во производството и во стоковниот промет, како и на соодветното учество во доходот остварен со оваа соработка.

9. Со овој амандман се заменуваат одредбите на член 19 став 4 и на член 29 ст. 4 и 5 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXIII

1. Со самоуправна спогодба работниците на основните и други организации на здружениот труд и интересните заедници ги усогласуваат меѓусебните интереси во општествената поделба на трудот и во општествената репродукција, ги утврдуваат основите и критериумите според кои тие ги усогласуваат своите посебни интереси со заедничките интереси и ги утврдуваат меѓусебните права и одговорности и мерките за нивното остварување.

Самоуправната спогодба ја обврзува организацијата на здружениот труд и интересната заедница што ја склучила или пристапила кон неа.

Основите и други организации на здружениот труд и интересните заедници што сметаат дека со самоуправна спогодба на други организации на здружениот труд се повредени нивните интереси можат да поведат постапка за преиспитување на самоуправната спогодба на начин утврден со закон.

2. Со општествен договор организациите на здружениот труд и нивните општи асоцијации, интересните заедници, општествено-политичките заедници, синдикатите и други општествено-политички организации и други самоуправни и општествени организации обезбедуваат и остваруваат самоуправно усогласување и уредување на општествено-економските и други односи од заеднички или општ интерес.

Општествениот договор ги обврзува организациите и заедниците што го прифатиле.

Општествено-политичките заедници, во рамките на своите права и должности, со закон или со друг општ акт можат да утврдат дека општествениот договор е општо задолжителен.

3. Постапката за склучување и спроведување на самоуправната спогодба и на општествениот договор се засновува врз начелата на јавност и рамноправност на учесниците на спогодувањето и договарањето.

Со самоуправната спогодба и со општествениот договор се утврдуваат мерките за нивното спроведување и материјалната и општествената одговорност на учесниците на спогодувањето и договарањето.

## АМАНДМАН XXIV

1. Се гарантира слободата на самостојниот личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните кога вршењето на дејноста со личен труд одговара на начинот, материјалната основа и можностите на личниот труд.

Работните луѓе што вршат таква дејност имаат во начело иста општествено-економска положба и во основа исти права и обврски како и работните луѓе во организациите на здружениот труд.

Со закон се уредуваат условите за вршење на дејност со самостоен личен труд со средства во сопственост на граѓаните и сопственичките права над средствата на трудот и на деловните простории што одговараат на вршењето на дејност со самостоен личен труд.

2. Работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд, согласно со договорот и законот, можат, меѓусебно да го здружуваат својот труд и своите средства на трудот во задруги и во слични организации, и во нив заеднички да располагаат со доходот од заедничкиот труд.

Работните луѓе кои самостојно ја вршат дејноста со личен труд, согласно со договорот и законот, можат својот труд и средствата на трудот да ги здружуваат со организациите на здружениот труд во различни облици на кооперација и во други видови деловна соработка и, во рамките на таа соработка, да учествуваат во управувањето со заедничките работи и во распределбата на доходот остварен со оваа соработка.

3. Работните луѓе кои самостојно ја вршат дејноста со личен труд, кога за вршење на таквата дејност е потребен дополнителен труд на други лица, можат да запослуваат во ограничен обем други лица врз основа на договор.

Договорот за запослување го склучуваат работните луѓе кои запослуваат работници и овие работници во согласност со колективниот договор што го склучуваат синдикалната организација и соодветната стопанска комора односно друга општа асоцијација во која се претставени работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд. Со тој колективен договор на овие работници им се обезбедуваат права сходно со одредбите на точка 3 став 2 и 3 и точка 5 од Амандманот XXI.

4. Работниот човек кој самостојно врши дејност со личен труд својот труд и средствата на трудот може да ги здружува со трудот на други лица во

посебни организации на здружениот труд што се утврдуваат со закон.

Работниот човек кој својот труд и средствата на трудот ги здружува со трудот на други лица, врз основа на сопственичкото право може самостојно да располага само со оној дел од доходот остварен во посебната организација на здружениот труд кој му припаѓа по основ на средствата вложени во оваа организација над кои има право на сопственост, а во согласност со начелата што важат за здружување на трудот и на општествените средства во организациите на здружениот труд.

Другиот дел од доходот, по издвојување на личните доходи на здружените работници и на работниот човек кој го здружил со нив својот труд и средствата на трудот, а кои им припаѓаат врз основа на трудот, е општествена сопственост и тие управуваат со него согласно со уставните начела за самоуправувањето.

На работниот човек кој својот труд и средствата на трудот ги здружува со трудот на други лица во посебна организација на здружениот труд, му се гарантира правото на сопственост над средствата што ги внел во организацијата, како и правото, согласно со договорот и со законот, да раководи со работењето на организацијата и да учествува во остварувањето на доходот врз основа на резултатите од неговиот труд и по основ на вложените средства во оваа организација над кои има право на сопственост.

5. Со закон се одредува кога самостојното вршење на дејноста со личен труд со користење на дополнителен труд на други лица од точка 3 на овој амандман, кој ги надминува границите на дозволениот со закон дополнителен труд на други лица, мора да се организира како посебна организација на здружениот труд според начелата од точка 4 на овој амандман.

6. Со закон може да се утврди дека во ридско-планинските краишта најголемата површина на обработливо земјоделско земјиште по домаќинство на кое земјоделците имаат право на сопственост, може да биде поголема од површината што е утврдена во член 21 од Уставот на СФРЈ.

7. Со овој амандман се заменува член 22 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXV

1. Економските интереси на работните луѓе и на народите и народностите на Југославија се остваруваат на единствениот југословенски пазар.

На единствениот југословенски пазар работните луѓе и организациите на здружениот труд се рамноправни во вршењето на дејностите и во здобивањето со доход, врз основа на дејствувањето на законитоста на пазарот и на општественото насочување на стопанскиот и општествениот развој врз основите на самоуправувањето.

Противуставен е секој акт и секое дејство со кои се нарушува единството на југословенскиот пазар.

Општествено-политичките заедници се одговорни за обезбедување на единството на југословенскиот пазар.

Поаѓајќи од отвореноста на југословенскиот пазар, организациите на здружениот труд и општествено-политичките заедници, заради остварување на заедничките интереси врз основите на рамноправни економски односи, воспоставуваат и развиваат меѓународна економска соработка во согласност со утврдената политика и прописи.

2. Основата на единството на југословенскиот пазар ја чинат:

— слободното движење и здружување на трудот и на средствата за репродукција и слободната размена на стоки и услуги, на научни достигања и стручни искуства — на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— единствените пари, единствениот монетарен систем, единствената монетарна политика и заедничките основи на кредитната политика;

— единствениот систем и заедничката политика на економските односи со странство;

— слободното образување и здружување на организациите на здружениот труд и слободното вршење на нивната дејност на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— развивањето на слободен натпревар на пазарот; самоуправното спогодување и општественото договарање за унапредување на производството и на прометот и за интегрирање на општествениот труд;

— спречувањето да се стекнат предимства врз основа на монопол на пазарот и други општествено и економски неоправдани предимства, во смисла на членот 30 од Уставот на СФРЈ;

— планирањето на стопанскиот и на општествениот развој.

Прометот на стоки и услуги на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да се ограничи само врз основа на сојузен закон.

3. Запослувањето на граѓаните е слободно на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија под истите услови што важат во местото на запослувањето.

Правата врз основа на трудот, без оглед на тоа во која општествено-политичка заедница се стечени, се признаваат на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

4. Организациите на здружениот труд работат слободно и рамноправно на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, согласно со прописите што важат во местото на нивното работење.

5. Противуставни се прописите и другите акти и дејства со кои организациите на здружениот труд или работните луѓе на територијата на другите републики и автономни покраини, па со тоа и другите републики и автономни покраини, се ставаат во нерамноправна или понеповолна положба. Споровите што ќе произлезат од ваквите противуставни или противзаконити акти и дејства, вклучувајќи ги и споровите за надоместок на штетата која со тоа се предизвикува, ги решава суд одреден со сојузен закон.

6. Заради обезбедување рамноправност на организациите на здружениот труд во стекнувањето на доход и во располагањето со резултатите од трудот и заради обезбедување рамноправност на републиките и автономните покраини на единствениот југословенски пазар, истовремено со утврдувањето на заедничката економска политика, односно со донесувањето на мерките за нејзиното спроведување, се утврдува и се обезбедува компензација како составен дел на мерките на заедничката економска политика за соодветниот плански период, ако со актите на органите на федерацијата се нарушува таквата рамноправност.

7. Со овој амандман се заменува член 28 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXVI

Општествениот план на Југославија се заснова врз општествен договор на работните луѓе, организациите на здружениот труд, интересните заедници, општините и другите самоуправни заедници и врз договор на републиките и автономните покраини за економската политика од заеднички интерес.

Со општествениот план на Југославија, врз основа на плановите и програмите за развој и заеднички оценетите можности и услови за развој на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници, како и на плановите за развој и можностите и условите за развој на републиките и автономните покраини и развојот на целокупната општествена заедница и врз таа основа усогласените заеднички интереси, се утврдува заедничката економска политика и, во согласност со неа, се насочува општествената репродукција врз

основите на самоуправните социјалистички општествено-економски односи.

Општествениот план на Југославија ги утврдува насоките и рамките за донесување на мерките на економската политика што ги донесуваат органите на федерацијата во согласност со правата и должностите утврдени со Уставот на СФРЈ, заради обезбедување услови за остварување на усогласените заеднички интереси на здружениот труд односно на заедничките интереси на републиките и автономните покраини на единствениот југословенски пазар.

Со овој амандман се заменува член 121 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXVII

1. Емисионата функција ја врши Народната банка на Југославија.

Заедничката емисиона политика ја остваруваат Народната банка на Југославија и народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини.

Народната банка на Југославија и народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини се установи на единствениот монетарен систем.

2. Народната банка на Југославија издава банкноти и ковани пари и, во согласност со заедничката емисиона политика, го утврдува обемот на емисијата на парите и презема други мерки за остварување на таа политика.

Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, во рамките на заедничката емисиона политика, ги утврдуваат условите и начинот на користење на паричните средства во републиката односно во автономната покраина и преземаат други мерки што се потребни за остварување на кредитната политика на републиката односно на автономната покраина.

Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини не можат да се занимаваат со дејност на деловните банки ниту да имаат статус на тие банки.

Народната банка на Југославија и народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини се одговорни, во рамките на своите права и должности за стабилноста на валутата, за општата ликвидност на плаќањето и за спроведувањето на заеднички утврдената монетарна политика.

Народната банка на Југославија и народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини самостојно ги применуваат со сојузен закон утврдените мерки со кои се остваруваат целите и задачите на монетарно-кредитната политика. Деловните банки се должни да се придржуват кон одлуките што ги донесуваат Народната банка на Југославија и народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини заради остварување на таа политика.

3. Со работите на Народната банка на Југославија управува Совет на гувернери што го сочинуваат гувернерот на Народната банка на Југославија и гувернерите на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини. Советот на гувернерите е одговорен за спроведувањето на емисионата и на монетарно-кредитната политика.

4. Статусот на Народната банка на Југославија и единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини се уредуваат со сојузен закон.

5. Работите на платниот промет во земјата, евиденцијата и информативно-аналитичките работи за располагање со општествените средства, како и контролата на располагањето со тие средства и контролата на извршувањето на обврските на работните и други самоуправни организации и на општествено-политичките заедници, ги врши Службата на општественото книговодство.

6. Со овој амандман се заменуваат одредбите на член 29 став 6 и на чл. 31 и 117 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXVIII

1. Републиките и автономните покраини соработуваат во областа на даночната политика и ги усогласуваат преку меѓусебни договори основите на даночната политика и даночниот систем кога е тоа неопходно заради обезбедување на единството и стабилноста на југословенскиот пазар.

2. Со сојузен закон се установуваат видовите на приходи што се остваруваат со оданочување на производите и услугите во прометот и се утврдуваат стапките на оданочувањето, освен за производите и услугите за кои стапките на оданочување врз основа на сојузен закон ги одредуваат други општествено-политички заедници.

3. Органите на федерацијата заради спречување и отстранување на растројствата на пазарот можат:

— да предлагаат општествено-политичките заедници да ги намалат или да ги зголемат придонесите и даноците што тие ги утврдуваат;

— да предлагаат општествено-политичките заедници привремено да не трошат одреден дел од своите приходи;

— да дадат иницијатива за договарање на републиките и автономните покраини за основите на нивната даночна политика.

Непостоењето на договор не ги спречува републиките и автономните покраини да донесуваат акти и да пропишуваат мерки во рамките на своите права и должности.

4. Кога е тоа неопходно заради спречување и отстранување на поголеми растројства во стопанството или кога тоа го бараат интересите на народната одбрана или другите вонредни потреби на земјата, органите на федерацијата можат да пропишуваат:

— граници во кои општествено-политичките заедници можат да ги утврдуваат своите приходи од доходот на организациите на здружениот труд и од прометот на производите и услугите;

— обврска на организациите на здружениот труд, на интересните заедници и на општествено-политичките заедници да образуваат резервни општествени средства;

— привремена забрана на располагањето со одредени општествени средства од страна на организациите на здружениот труд, интересните заедници и општествено-политичките заедници.

5. Даноците и придонесите, освен данокот на имот и на приходи од имот, ѝ припаѓаат на општествено-политичката односно интересната заедница која обезбедува задоволување на потребите односно вршење на услуги на работникот и граѓанинот или на членовите на нивното семејство.

Кога местото на задоволување на потребите односно на користење на услугите и местото на заслужување на работникот се во различни републики и автономни покраини, примената на ова начело се уредува со сојузен закон.

6. Организацијата на здружениот труд плаќа даноци и придонеси според прописите што важат на територијата на која таа трајно је врши својата дејност.

7. Со овој амандман се заменуваат одредбите на член 27 став 3 и на член 124 од Уставот на СФРЈ и одредбата на точка 4 од Амандманот XVI.

## АМАНДМАН XXIX

1. Во Социјалистичка Федеративна Република Југославија народите и народностите и работните луѓе и граѓаните ги остваруваат и обезбедуваат: суверенитетот, рамноправноста и националната слобода, независноста, територијалната целокупност, безбедноста и општествената самозаштита, одбраната и меѓународната положба и односите на земјата со други држави и меѓудржавни организации, системот

на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи, единствените основи на политичкиот систем, основните демократски слободи и права на човекот и граѓанинот, солидарноста и социјалната сигурност на работните луѓе и граѓаните и единствениот пазар, и го усогласуваат заедничкиот стопански и општествен развиток и другите свои заеднички интереси.

2. Овие заеднички интереси се остваруваат:

— преку органите и организациите на федерацијата, со рамноправно учество и одговорност на републиките и на автономните покраини во овие органи и организации во утврдувањето и спроведувањето на политиката на федерацијата;

— со непосредна соработка и договор на републиките, автономните покраини, општините и другите општествено-политички заедници;

— со самоуправно спогодување, општествено договарање и здружување на организациите на здруженото труд и на други организации и интересни заедници;

— со дејноста на општествено-политичките и други организации и здруженија на граѓаните;

— со слободни и сестрани активности на граѓаните.

3. Со Уставот на СФРЈ се утврдуваат правата и должностите што федерацијата, во остварувањето на заедничките интереси, ги врши преку сојузните органи и организации во согласност со Уставот на СФРЈ.

4. Со уставот на републиката, со уставниот закон на автономната покраина, со закон, со самоуправна спогодба, со општествен договор, со статутот на општината, со статутот на месната заедница, со статутот на интересната заедница, со статутот и самоуправната спогодба за здружување на организациите на здруженото труд и со други самоуправни општи акти, народите и народностите, работните луѓе и граѓаните утврдуваат кои заеднички интереси ги остваруваат во тие заедници и начинот на нивното остварување.

5. Со овој амандман се заменува член 113 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXX

1. Социјалистичка Федеративна Република Југославија ја претставуваат органите на федерацијата одредени со Уставот на СФРЈ.

2. Федерацијата преку сојузните органи и организации:

1) ја обезбедува независноста и територијалната целокупност на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и го штити нејзиниот суверенитет во меѓународните односи; одлучува за војна и мир;

2) ги уредува основните права на работните луѓе во здруженото труд со кои се обезбедува нивната со Уставот на СФРЈ утврдена положба во самоуправните и општествено-економските односи, како и основните праза на организациите на здруженото труд, на интересните, општествено-политичките и другите заедници во поглед на средствата во општествена сопственост; ги уредува основните права на работните луѓе заради обезбедување на нивната социјална сигурност и солидарност;

3) ги уредува договорните и другите облигациони односи во областа на прометот на стоки и услуги; ги уредува основните сопственичко-правни и други основни правни односи со кои се обезбедува единството на пазарот; ги уредува основните имотно-правни и други материјално-правни односи во областа на поморството, на внатрешната пловидба и на воздушниот сообраќај; го уредува авторското право;

4) ги уредува основите на системот на општественото планирање и го утврдува општествениот план на Југославија; ги утврдува основите на подготовките на стопанството и на општествените служби за функционирање во војна; го уредува монетарниот систем; ги утврдува законските средства за плаќање и политиката на емисијата на пари и го обезбедува нејзиното спроведување; го уредува платниот промет во земјата и со странство, образувањето на парични и девизни резерви и располагањето со нив, основите на кредитниот и банкарскиот систем, кредитните и други облици на вложувања на домашни лица во странство и на странски лица во Југославија; ги уредува основите на системот на осигурување имот и лица; го уредува и го обезбедува системот на мерките со кои се спречува нарушувањето на единството на пазарот; го уредува системот на општествената контрола на цените и обезбедува непосредна контрола на цените на стоките и услугите од интерес за целата земја; ги уредува и обезбедува сојузните стоковни резерви за обезбедување на потребите на земјата во случај на војна и на други вонредни прилики и заради обезбедување стабилност на пазарот во случај на поголеми растројства на пазарот; ги уредува и спроведува мерките за ограничување на пазарот и на слободата на прометот на стоки и услуги од интерес за целата земја во случај на елементарни несреќи и недостиг на добра неопходни за потребите на стопанството и за животот на граѓаните; го уредува системот на надворешнотрговското и девизното работење и на другото економско работење со странство и го обезбедува извршувањето на сојузните закони во тие области; го уредува царинскиот систем, царинската тарифа и мерките на вонцаринска заштита и го обезбедува нивното спроведување; ги уредува условите за отворање и работата на царинските зони; го уредува и го обезбедува кредитирањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини; ги утврдува и ги обезбедува приходите што според Уставот на СФРЈ ѝ припаѓаат; ги утврдува начелата за функционирањето на Службата на општественото книговодство; ги уредува основите на правната положба и на работењето на организациите на здруженото труд на единственото стопанско подрачје на Југославија; го уредува здружувањето на стопанските организации во стопанска комора за територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија; го уредува задолжителното здружување на работните организации во деловни заедници кога тоа го бара технолошкото единство на системот во одделни области и кога тоа е од интерес за целата земја;

5) ги уредува основите на системот на народната одбрана и се грижи за неговото спроведување; ги уредува основните права и должности на граѓаните, на организациите на здруженото труд и на другите организации во областа на народната одбрана; ги утврдува основите на плановите и на подготвителните мерки за одбрана на земјата; проглесува мобилизација; го остварува врховното командување со вооружените сили; ја уредува и ја организира Југословенската народна армија и командува со неа; ја уредува воената обврска на граѓаните и заштитата на членовите на семејствата на лицата што се на задолжителна воена служба; ги уредува статусните и другите прашања на лицата на служба во Југословенската народна армија и на воените лица, военото школство, воените судови и военото обвинителство; го уредува и го обезбедува социјалното осигурување и заштитата на воените лица и на нивните семејства; ги уредува и ги обезбедува основните права на борците, на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци;

6) ја утврдува политиката на меѓународните односи на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и се грижи за нејзиното спроведување; одржува политички, економски и други односи со другите држави и меѓудржавни организации; ги склучува, ратификува и го обезбедува извршувањето на меѓународните договори; обезбедува извршување на меѓународните обврски на Југославија; ги штити државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и нивните интереси и интересите на домашните организации во странс-

тво; го уредува остварувањето на меѓународните односи и ја уредува организацијата и дејноста на службите за надворешни работи на федерацијата;

7) ги уредува основите на системот на заштита на поредокот утврден со Уставот на СФРЈ (државна безбедност); ја обезбедува дејноста на службата за државна безбедност која е неопходна за остварување на одговорноста на сојузните органи утврдена со Уставот на СФРЈ и ја усогласува работата на органите што ги вршат работите на државната безбедност;

8) го уредува државјанството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија; ги утврдува основните податоци за матичните книги и личните карти; ги уредува празниците и одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

9) ја уредува контролата на прометот на стоки преку државната граница, режимот на преминувањето преку државната граница, положбата, престојот и заштитата на странците во Југославија, заштитата на животот и здравјето на луѓето од заразни болести што ја загрозуваат целата земја, заштитата на добитокот и растенијата од заразни болести што ја загрозуваат целата земја, ставањето во промет на лекови и внесувањето и растурањето на странски печат и на други средства за масовно комуницирање, и го обезбедува извршувањето на сојузните прописи во тие области кога во интерес на целата земја тоа е утврдено со сојузен закон; го уредува режимот на крајбрежното море; ја уредува контролата на патничкиот сообраќај преку државната граница, ја уредува правната положба на странските правни лица во Југославија; ја уредува заштитата на човековата средина од опасности за животот и здравјето на луѓето што ја загрозуваат целата земја; го уредува превозот на запални течности, гасови, експлозиви и на радиоактивни и други опасни материи кога тоа е од интерес за целата земја; го уредува прометот на отрови и производството и прометот на опојни дроги; ги уредува основите на режимот на водите од интерес за две или повеќе републики; ја уредува положбата на странските информативни установи и на претставниците на странските средства за информации; пропишува ограничување или забрана на слободата на користење на печатот и на другите видови на информирање ако тие се користат заради рушење на основите на социјалистичкото демократско уредување утврдено со Уставот на СФРЈ или заради загрозување на независноста на земјата, или заради загрозување на мирот и рамноправната меѓународна соработка;

10) ја уредува и обезбедува безбедноста на воздушниот сообраќај; ги уредува основите на безбедноста во другите области на сообраќајот; ги уредува основите на системот на комуникациите и го обезбедува извршувањето на сојузните прописи во областа на радиоврските кога во интерес на целата земја тоа е утврдено со сојузен закон;

11) ги уредува општите услови за изрекување на казнени санкции за кривични дела и стопански престапи и видовите на тие санкции; ги одредува кривичните дела против народот и државата, човечноста и меѓународното право, против угледот на СФРЈ, нејзините органи и претставници, против угледот на странска држава и организација и угледот на нивните шефови и претставници, против службената должност на службените лица во сојузните органи и организации, против вооружените сили, како и кривичните дела и стопанските престапи со кои се нарушува единството на југословенскиот пазар или се повредуваат сојузните прописи; ја уредува одговорноста и санкциите за прекршоците со кои се повредуваат сојузните прописи и постапката по прекршоците што ја водат сојузните органи; ја уредува општата управна постапка и судските постапки;

12) ги уредува мерите и ја обезбедува контролата на мерите; ја уредува заштитата на пронајдоците, техничките унапредувања, жиговите, знаците на квалитетот, ознаките на потеклото на производите, мострите и моделите, како и стандардите, техничките нормативи и нормите на квалитетот на производите и услугите, и го обезбедува извршувањето на сојузните прописи во овие области кога во интерес на целата земја тоа е утврдено со сојузен закон;

13) го уредува и организира собирањето и обработката на статистички и други податоци за состојбата и движењето на населението и за економските и други појави што се од интерес за целата земја;

14) го уредува решавањето на судирите на републичките односно покраинските закони со законите на другите републики односно покраини (колизиони норми) и на судирите на надлежностите помеѓу републичките односно покраинските органи од територите на разни републики; го уредува решавањето на судирите на законите со прописите на другите земји;

15) ја уредува организацијата и начинот на работата на органите на федерацијата, како и материјалните и други односи на сојузните органи и организации; ги уредува изборите за органите на федерацијата; ги уредува правата на работниците од трудот и по основ на трудот во сојузните органи и организации;

16) ја штити уставноста утврдена са Уставот на СФРЈ и законитоста во согласност со Уставот на СФРЈ;

17) врши други права и должности утврдени со Уставот на СФРЈ.

3. Со овој амандман се заменуваат чл. 114 до 116 и 160 до 162 од Уставот на СФРЈ како и одредбата на точка 1 од Амандманот IV.

## АМАНДМАН XXXI

1. Во остварувањето на правата и должностите утврдени со Уставот на СФРЈ, органите на федерацијата ја утврдуваат политиката и донесуваат закони и други акти.

2. Во областите што се уредени со сојузен закон, републиките и автономните покраини, во рамките на своите права и должности, можат да донесуваат закони.

Ако во областите што се уредуваат со сојузен закон не е донесен таков закон, републиките односно автономните покраини можат да донесуваат свои закони ако тоа е од интерес за остварувањето на нивните права и должности.

3. Односите за кои со одделни одредби на чл. 1 до 122, чл. 124 до 159 и член 252 став 4 од Уставот на СФРЈ, како и со одредбите на важечките уставни амандмани до колку не се однесуваат на органите на федерацијата, е пропишано да се уредуваат со сојузен закон или со закон, ќе се уредуваат со републички односно покраински закон, ако со амандманите XX до XLI не е одредено да се регулираат со сојузен закон.

4. Во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот на СФРЈ сојузните органи ја утврдуваат политиката на извршувањето на сојузните закони и на другите акти на Сојузната скупштина, го следат нивното извршување и спроведување и вршат други политичко-извршни и управни работи.

Сојузните органи, во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот на СФРЈ, непосредно одговараат за извршувањето и применувањето на сојузните закони и на другите сојузни прописи во областите на меѓународните односи, народната одбрана, државната безбедност, економските односи со странство, обезбедувањето на единството на југословенскиот пазар, финансиите, запослувањето, заштитата на југословенските граѓани на работа во странство, како и во другите односи во кои органите на федерацијата, според амандманите XX до XLI, го обезбедуваат извршувањето на сојузните закони и другите сојузни прописи.

5. Сојузните органи можат да бидат овластени да донесуваат прописи за извршување на сојузните закони и на другите сојузни прописи за чие извршување непосредно се одговорни.

Сојузните органи можат да вршат инспекциски работи со овластувања утврдени со сојузен закон, кога непосредно се одговорни за извршувањето и применувањето на сојузните закони и на другите сојузни прописи.

6. За извршувањето и применувањето на сојузните закони во областите во кои сојузните органи непосредно не се одговорни, одговорни се органите во републиките и во автономните покраини.

Во согласност со оваа одговорност односите помеѓу сојузните органи и органите во републиките односно во автономните покраини во извршувањето и применувањето на сојузните закони се засновуваат врз меѓусебна соработка, известување и договарање.

Сојузните органи на управата општат со општинските органи на управата преку соодветните републички односно покраински органи.

Во работите што се однесуваат на воената одбрана и воената мобилизација на луѓето и на материјалните средства, сојузните органи на управата можат да општат и непосредно со општинските органи на управата.

Ако органите во републиките односно во автономните покраини не ги извршуваат сојузните закони или другите сојузни прописи за чие извршување се одговорни, Сојузниот извршен совет ќе го предупреди извршниот совет на републиката односно извршниот совет на автономната покраина за тоа и ќе преземе други мерки во рамките на своите права и должности

7. Сојузните закони и другите општи акти на сојузните органи се донесуваат и се објавуваат во службениот лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во автентични текстови на јазиците на народите на Југославија утврдени со републичките устави.

Сојузните закони и другите општи акти на сојузните органи се објавуваат во службениот лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија како автентични текстови и на јазиците на албанската и унгарската народност.

8. Со овој амандман се заменуваат одредбите на член 85 став 2, член 119 ст. 1 и 3 до 6, чл. 120, 126 до 129 и на член 131 став 1 од Уставот на СФРЈ, точ. 1 до 3 од Амандманот XVI и точка 2 став 3 од Амандманот XVIII

## АМАНДМАН XXXII

1. За измена на Уставот на СФРЈ одлучува Сојузната скупштина, со согласност на собранијата на сите републики и автономни покраини, по постапка утврдена со Уставот на СФРЈ. Ако со измената на Уставот на СФРЈ се уредуваат само положбата на републиките и меѓусебните односи на федерацијата и републиките, за измената на Уставот на СФРЈ одлучува Сојузната скупштина, со согласност на собранијата на сите републики.

Предлог да се пристапи кон измена на Уставот на СФРЈ може да поднесе и собрание на република и собрание на автономна покраина.

Сојузната скупштина може да одлучи да се пристапи кон измена на Уставот на СФРЈ ако со предлогот за пристапување кон измена на Уставот на СФРЈ се согласат собранијата на сите републики и автономни покраини, односно собранијата на сите републики.

2. Нацртот на измените на Уставот на СФРЈ го претресуваат и собранијата на сите републики и автономни покраини и даваат свое мислење за него.

Кога ќе добие мислење од другите собори на Сојузната скупштина и од собранијата на републиките и на автономните покраини, Соборот на народите го утврдува предлогот за измена на Уставот на СФРЈ.

3. Измената на Уставот на СФРЈ е усвоена кога со текстот прифатен од Сојузната скупштина ќе се согласат собранијата на сите републики и собранијата на автономните покраини, односно собранијата на сите републики.

Ако собранието на една или на повеќе републики односно собранието на автономната покраина не се согласи со текстот на измената на Уставот на СФРЈ прифатен од Сојузната скупштина, предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на СФРЈ во врска со прашањето за кое не е постигната согласност не може да се стави на дневен ред пред истекот на една година од денот кога Соборот на народите ќе утврди дека не постои согласност.

Усвоената измена на Уставот на СФРЈ ја прогласува Соборот на народите.

## АМАНДМАН XXXIII

1. Заради остварување на одговорноста на републиките и автономните покраини во вршењето на одредени функции на федерацијата, органите на федерацијата, врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи, ги утврдуваат основите на општественото план на Југославија и донесуваат акти за утврдување на политиката и закони со кои се уредуваат односите во областите на:

— монетарниот систем и емисијата на пари;

— девизниот систем, надворешнотрговскиот промет и кредитните односи со странство;

— царинската и вонцаринската заштита;

— општествената контрола на цените на производите и услугите;

— кредитирањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини;

— утврдувањето на приходите на општествено-политичките заедници што се остваруваат со одаочување на производите и услугите во прометот (точка 2 на Амандманот XXVIII);

— системот, изворите и вкупниот обем на средствата за финансирање на федерацијата (точка 3 на Амандманот XXXIV).

Органите на федерацијата, врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, донесуваат акти со кои се утврдуваат мерки за ограничување на пазарот и на слободниот промет на стоки и услуги и мерки што се основ за компензација и начинот и обликот на компензацијата, како и акти со кои се пропишува здружување на стопанските организации во стопанска комора за целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и задолжително здружување на работните организации во деловни заедници (точка 2 на Амандманот XXX).

Актите односно законите со кои се утврдува политиката или се уредуваат односите во областите од став 1 на оваа точка се донесуваат едновремено со општественото план на Југославија. Ако поради побитно изменети околности е неопходно да се извршат измени во веќе утврдената политика или во законите во тие области, соодветните акти односно закони можат да се донесат и пред истекот на времето за кое се донесува општественото план на Југославија.

Органите на федерацијата, врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, донесуваат и прописи за спроведување на законите и другите акти од став 1 на оваа точка, ако усогласувањето на ставовите е предвидено во тие акти.

2. Пред поднесувањето на предлогот на актот до Сојузната скупштина односно пред донесувањето на актите од овој амандман, Сојузниот извршен совет обезбедува усогласување на ставовите со надлежните републички и покраински органи преку републичките и покраинските извршни совети.

Сојузниот извршен совет обезбедува усогласување на ставовите со надлежните републички и покраински органи и кога предлогот на актот од овој амандман произлегува од други овластени предлагачи.

Се смета дека постои согласност на надлежните републички и покраински органи кога републичките и покраинските извршни совети или други надлежни републички односно покраински органи се изјаснат дека го прифаќаат предлогот на актот или дека не се противат на неговото донесување.

Ако Сојузната скупштина не го усвои во целост предлогот на актот за кој е постигната согласност со надлежните републички и покраински органи, таа за новиот предлог на актот одлучува откако за него ќе се постигне согласност со надлежните републички и покраински органи.

3. Ако со надлежните републички односно покраински органи не се постигне согласност, Сојузниот извршен совет за тоа ќе го извести Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и ќе му даде свое мислење и предлози. Сојузниот извршен совет може да му предложи на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија да се донесе закон или друг акт со кој привремено ќе се регулираат прашањата за кои не е постигната согласност (пропис за привремени мерки).

Ако Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија смета дека решавањето на одредени прашања за кои не е постигната согласност е неопходно заради обезбедување стабилност на пазарот, или дека поради нерешавање на тие прашања би можела да настане значителна штета за општествената заедница, или дека поради тоа би можеле да настанат нерамноправни економски односи помеѓу републиките односно автономните покраини, или дека не би можеле да се исполнуваат обврските спрема стопански недоволно развиените републики и автономни покраини или обврските на Социјалистичка Федеративна Република Југославија спрема другите земји, ќе ѝ предложи на Сојузната скупштина или на Сојузниот извршен совет да се донесе пропис за привремени мерки.

Ако до денот кога мора да се донесе сојузниот буџет не се постигне согласност со надлежните републички и покраински органи во поглед на вкупниот обем на средствата за финансирање на федерацијата, потребите на федерацијата привремено ќе се финансираат врз основа на буџетот од претходната година.

4. Предлогот на прописот за привремени мерки за чие донесување е надлежна Сојузната скупштина е усвоен во Соборот на народите ако за него гласа мнозинство делегати од секоја република и автономна покраина во тој собор.

Ако предлогот на прописот за привремени мерки не се усвои во Соборот на народите со пропишаното мнозинство, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да прогласи пропис за привремени мерки, во текстот што Соборот и другиот надлежен собор ќе го усвојат со мнозинството на гласови предвидено во чл. 181 став 1 од Уставот на СФРЈ, да се применува до донесувањето на конечен акт на Сојузната скупштина врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи.

5. Сојузниот извршен совет донесува пропис за привремени мерки со двотретинско мнозинство на гласовите на сите членови на Советот.

6. Прописот за привремени мерки останува во сила додека, врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи, не се донесе конечен акт, а најдолго една година од донесувањето на прописот за привремени мерки. Ако конечниот акт не се донесе во рок од една година, прописот за привремени мерки останува во сила за наредната година

7. За обезбедување учеството на републиките и автономните покраини во постапката за усогласување на ставовите по прашањата од овој амандман и за следење на спроведувањето на политиката и извршувањето на прописите од тие области, Сојузниот извршен совет и извршните совети на републиките и на автономните покраини можат спогодбено да образуваат меѓурепублички комитети за одделни области.

Меѓурепубличките комитети се образуваат врз начелото на рамноправна застапеност на републиките и соодветна застапеност на автономните покраини. Членовите на меѓурепубличките комитети ги делегираат извршните совети на републиките и извршните совети на автономните покраини.

## АМАНДМАН XXXIV

1. Сите приходи и сите расходи на федерацијата се утврдуваат во буџетот на федерацијата.

2. Со средствата на буџетот на федерацијата се финансираат Југословенската народна армија и другите задачи на народната одбрана од надлежност на органите на федерацијата, органите и организациите на федерацијата, обврските спрема стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за дополнително финансирање на неопходните општествени служби, основните права на борците, воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци, резервите што во рамките на своите права и должности ги образува федерацијата, како и другите потреби што федерацијата ги финансира според одредбите на Уставот на СФРЈ.

3 Приходи на федерацијата се царините, сојузните такси и приходите од работата на сојузните органи и организации, како и придонесите на републиките и автономните покраини што се остваруваат со отстапување на федерацијата дел од приходите од со сојузен закон пропишаниот данок на производите и услугите во прометот, а најмногу до износот на вкупните расходи на федерацијата утврдени во согласност со републиките и автономните покраини. Начинот на утврдувањето и отстапувањето на тие приходи на федерацијата се пропишува со сојузен закон.

4. Федерацијата не може да основа фондови или да презема обврски, освен кога за тоа е овластена со Уставот на СФРЈ или кога со основањето на фондот односно со преземањето на обврските се согласат собранијата на републиките и на автономните покраини.

Органите на федерацијата можат да распишуваат задолжителни заеми за потребите на Фондот за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини.

5. Со овој амандман се заменуваат член 122 од Уставот на СФРЈ и Амандманот III.

## АМАНДМАН XXXV

1. Меѓународните договори што бараат донесување на нови или измена на важечките републички односно покраински закони или од кои произлегуваат посебни обврски за една или повеќе републики или автономни покраини, се склучуваат со согласност на републичките односно покраинските собранија. Постапката за склучување на вакви меѓународни договори се утврдува со сојузен закон, со согласност на републичките и покраинските собранија.

2. Републиките и автономните покраини остваруваат соработка со органи и организации на други држави и со меѓународни органи и организации, во рамките на утврдената надворешна политика на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на меѓународните договори.

Општините, организациите на здружениот труд и другите организации остваруваат соработка со соодветните странски и меѓународни органи и организации и со територијалните единици на странските држави, во рамките на утврдената надворешна политика на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на меѓународните договори.

3. Во меѓународното општење се применува начелото на рамноправност на јазиците на народите на Југославија, а сходно со тоа и начелото на рамноправност на јазиците на народите и народностите

Кога меѓународните договори се утврдуваат на јазиците на земјите договорнички, рамноправно ќе се употребуваат јазиците на народите на Југославија.

## АМАНДМАН XXXVI

1. Се установува Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Претседателството ја претставува Социјалистичка Федеративна Република Југославија во земјата и во странство и врши други права и должности утврдени со Уставот на СФРЈ.

Претседателството се образува врз основа на рамноправно претставување на републиките и соодветно претставување на автономните покраини, заради нивното непосредно учество во остварувањето на правата и должностите на федерацијата утврдени со Уставот на СФРЈ.

Претседателството, во рамките на своите права и должности, а заради остварување на рамноправноста на народите и народностите, ги усогласува заедничките интереси на републиките односно на автономните покраини, во согласност со нивната одговорност во остварувањето на правата и должностите на федерацијата.

2. Претседателството има право да ѝ предлага на Сојузната скупштина основни правци на политиката и донесување на закони и други општи акти, како и право да поднесе предлог да се пристапи кон измена на Уставот на СФРЈ.

Претседателството го разгледува спроведувањето на политиката, на законите и на другите општи акти на Сојузната скупштина и за тоа зазема ставови и дава мислења.

3. Претседателството во рамките на своите права и должности:

1) ѝ предлага на Сојузната скупштина кандидат за претседател на Сојузниот извршен совет;

2) ја прогласува одлуката на Сојузната скупштина за избор на Сојузниот извршен совет;

3) ги прогласува со указ сојузните закони;

4) предлага избор на претседател и судии на Уставниот суд на Југославија, предлага избор и разрешување на членови на Советот на федерацијата;

5) поставува и отповикува со указ амбасадори и пратеници на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и прима акредитивни и отповиковни писма од странските дипломатски претставници што се акредитирани кај него; издава исправи за ратификација на меѓународните договори;

6) поставува, унапредува и разрешува генерали и адмирали, како и други военоинаредбодавни старешини што ќе ги одреди сојузниот закон, поставува и разрешува претседател, судии и судии поротници на воените судови и военоинаредбодавни обвинители;

7) доделува одликувања на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

8) дава, согласно со сојузен закон, помилувања за кривични дела предвидени со сојузни закони;

9) основа соодветни служби за вршење на работите од својата надлежност;

10) донесува деловник за својата работа.

Претседателството, во случаите кога во смисла на член 189 став 3 од Уставот на СФРЈ дошло до распуштање на надлежните собори на Сојузната скупштина поради тоа што не е постигната согласност за донесување на закон, може да прогласи привремено, до одлуката на новоизбраните собори, да се применува законот во текстот што го усвоил Соборот на народите.

Претседателството, во смисла на член 227 став 1 од Уставот на СФРЈ, може да ѝ предложи на Сојузната скупштина да го избере и за наредниот мандатен период претседателот на Сојузниот извршен совет што оваа функција ја вршел четири години.

4. Претседателството, во остварувањето на општонародната одбрана, ги утврдува основите на плановите и на подготвителните мерки за одбрана на земјата; дава насоки за преземање мерки за подготовки и мобилизирање на изворите и на силите на земјата за одбрана и за усогласување на плановите и мерките на општествено-политичките заедници и на работните и други организации, го утврдува постоењето на непосредна воена опасност, наредува општа или делумна мобилизација, и прогласува воена состојба ако Сојузната скупштина не е во можност да се состане.

Претседателството е највисок орган на раководење и командување со вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во војна и во мир.

Претседателството пренесува одредени работи на командувањето со вооружените сили и раководењето со Југословенската народна армија, утврдени со сојузен закон, врз Воениот комитет кој се состои од сојузниот секретар за народна одбрана, како претседател, и два члена што ги именува Претседателството. Воениот комитет одговара пред Претседателството за работите што се пренесени врз него.

Претседателството за време на воена состојба може да го прошири составот на Воениот комитет.

5. Претседателството, по сопствена иницијатива или по предлог од Сојузниот извршен совет, за време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност, донесува уредби со законска сила по прашања од надлежноста на Сојузната скупштина. Претседателството ѝ ги поднесува овие уредби на потврдување на Сојузната скупштина, штом таа ќе биде во можност да се состане.

Со уредба со законска сила донесена за време на воена состојба, исклучително додека трае таа состојба и ако тоа го бараат интересите на одбраната на земјата, можат да се запрат одделни одредби на Уставот на СФРЈ што се однесуваат на одделни слободи и права на граѓаните и на правата на самоуправните организации, или на составот и овластувањата на политичко-извршните и управните органи.

6. Претседателството ги врши своите права и должности врз основа и во рамките на Уставот на СФРЈ и на сојузните закони и е одговорно за тоа.

7. Претседателството може да изнесува пред Сојузната скупштина одделни прашања од своја надлежност и да бара таа да заземе став по нив.

Сојузната скупштина може да бара од Претседателството да изложи ставови за одделни прашања од негова надлежност што се од интерес за работата на Скупштината.

Претседателството има право да ѝ дава мислења на Сојузната скупштина за предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на СФРЈ, како и за предлог на закон или на друг општ акт чие донесување тоа не го предложило.

8. Ако Сојузната скупштина не го прифати предлогот на Претседателството за утврдување на основните правци на политиката или предлогот за донесување на закон односно на друг општ акт чие донесување Претседателството го смета неопходно, или ако не го прифати предлогот на Претседателството да се одложи донесувањето на закон односно на друг општ акт, Сојузната скупштина и Претседателството спогодбено ја утврдуваат постапката за расправање на спорното прашање и одредуваат рок за усогласување на ставовите по тоа прашање. Овој рок не може да биде подолг од шест месеци.

Ако и по одредениот рок не се постигне согласност во поглед утврдувањето на основните правци на политиката, на предлогот за донесување односно за одлагање на донесувањето на законот или на другиот општ акт, по истото прашање ќе се води уште еден претрес во Сојузната скупштина кој мора да заврши во рок од три месеци.

Во случај и по повторниот претрес да не се постигне согласност, Сојузната скупштина се распушта, а на Претседателството му престанува мандатот.

Изборите за Сојузната скупштина се распишуваат во рок од 15 дена од денот на распуштањето на

Скупштината, а изборот на Претседателството мора да се изврши во рок од 15 дена од денот на конституирањето на новоизбраната Скупштина.

До изборот на ново Претседателство, Претседателството на кое му престанал мандатот останува на должност.

9. На Сојузниот извршен совет Претседателството може да му дава мислење и да изразува ставови за спроведувањето на политиката, законите и другите општи акти на Сојузната скупштина, како и да предлага мерки за нивното спроведување.

Претседателството може да свика седница на Сојузниот извршен совет и да стави одредени прашања на дневен ред на неговата седница.

Претседателството има право уредбите и другите прописи на Сојузниот извршен совет од поопшто политичко значење, пред нивното објавување, да ги задржи од извршување.

Ако Претседателството задржи од извршување пропис на Сојузниот извршен совет, спорното прашање ќе го изнесе пред Сојузната скупштина заради донесување на одлука.

Претседателството, во остварувањето на своите права и должности, пред Сојузната скупштина може да постави прашање за доверба на Сојузниот извршен совет.

10. Претседателството го сочинуваат претседателите на собранијата на републиките и претседателите на собранијата на автономните покраини и по два члена од секоја република и по еден член од секоја автономна покраина, кои ги избира собранието на републиката односно на автономната покраина на заедничка седница на сите собори на собранието.

11. Сојузната скупштина, на заедничка седница на сите собори, го прогласува изборот и го објавува составот на Претседателството.

Членовите на Претседателството на заедничка седница на сите собори на Сојузната скупштина даваат свечена изјава, чиј текст гласи:

„Изјавувам дека како член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе се борам за заштита на сувереноста, независноста и интегритетот на земјата, дека ќе се залагам за остварување на братството, единството и рамноправноста на народите и народностите, за развитокот на социјалистичкото самоуправно општество и за остварување на заедничките интереси на работните луѓе и на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, дека ќе се придржувам кон Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и сојузните закони и дека совесно и одговорно ќе ја вршам својата должност.“.

По давањето на свечена изјава, Претседателството се конституира и ја презема должноста.

12. Членот на Претседателството ужива имунитет.

Во поглед на имунитетот на членот на Претседателството сходно се применуваат одредбите на член 202 од Уставот на СФРЈ. За прашањето на имунитетот на своите членови одлучува Претседателството.

13. Членовите на Претседателството се избираат на време од пет години.

Никој не може да биде избиран двапати едноподруго за член на Претседателството.

Членовите на Претседателството се избираат на триесет дена пред истекот на мандатот на членовите на Претседателството на кои им истекува мандатот.

Во случај на престанок на мандатот на член на Претседателството пред истекот на времето на кое е избран, мандатот на новоизбраниот член на Претседателството трае до истекот на мандатот на членот на Претседателството на чие место е избран.

Ако мандатот на новоизбраниот член на Претседателството трае подолго од една година, тој не може да биде избиран за член на Претседателството во наредниот мандатен период.

14. Во случај на непосредна воена опасност или воена состојба, мандатот на членовите на Претседателството се продолжува додека трае таквата состојба односно додека не бидат создадени услови за избор на нови членови на Претседателството.

15. Членот на Претседателството не може едновремено да биде пратеник на Сојузната скупштина, член на Сојузниот извршен совет, член на републички односно покраински извршен совет, член на уставен суд, судија, ниту именуван функционер на друг државен орган.

16. Претседателството избира претседател и потпретседател од редовите на своите членови за период од една година.

Претседателството го утврдува редоследот за избор на претседател и потпретседател за период од седум години, и тоа по ред од секоја република, со тоа што и на автономните покраини што се во состав на Социјалистичка Република Србија им припаѓа наизменично еден мандатен период.

Претседателот и потпретседателот на Претседателството не можат да бидат од иста република односно од иста автономна покраина.

Претседателството го прогласува и го објавува изборот на претседател и потпретседател на Претседателството.

17. Претседателот на Претседателството, од името на Претседателството, ја претставува Социјалистичка Федеративна Република Југославија, го претставува Претседателството, свикува седници на Претседателството и претседава на нив, ги потпишува актите што ги донесува Претседателството, се грижи за спроведувањето на актите и заклучоците на Претседателството, издава исправи за ратификација на меѓународните договори и прима акредитивни и отповиковни писма на странски дипломатски претставници акредитирани кај Претседателството.

Претседателот, од името на Претседателството, остварува командување со вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во согласност со Уставот на СФРЈ и сојузен закон.

Претседателот, од името на Претседателството, врши, за време на воена состојба и кога Претседателството не е во можност да се состанува, одредени права и должности за чие вршење ќе го овласти Претседателството.

Потпретседателот на Претседателството го заменува претседателот во случај на негова отсутност или подолга спреченост и може да го застапува во вршењето на работите што ќе му ги довери претседателот.

18. Претседателството работи врз основа на усогласување на ставовите на своите членови.

Претседателството одлучува на начин утврден со деловникот за работа на Претседателството.

19. Општествено-политичките и самоуправните организации, по своја иницијатива или по барање од Претседателството, можат да изнесуваат свои мислења и ставови пред Претседателството за прашањата од негова надлежност.

20. Претседателството образува, како советодавни тела, Совет за надворешни работи, Совет за работи на народната одбрана и Совет за работи на државната безбедност. Претседателството може да образува и други совети.

Советите се образуваат врз основа на рамноправно претставување на републиките и соодветно претставување на автономните покраини.

Со сојузен закон може да се пропише посебен состав, организација и делокруг на Советот за работи на народната одбрана.

21. Членовите на Советот на федерацијата ги избира, на предлог од Претседателството, Сојузната скупштина од редот на општествено-политичките и други јавни работници.

Претседателството го свикува Советот на федерацијата заради разгледување на прашања на државната политика и дејноста на политичко-извршните и управните органи на федерацијата.

22. Со овој амандман се заменуваат одредбите на чл. 215 до 218, член 221 став 2, чл. 222, 224, 256 и 257 од Уставот на СФРЈ и амандманите V и VI.

## АМАНДМАН XXXVII

1. Поаѓајќи од историската улога на Јосип Броз Тито во Народноослободителната војна и во социјалистичката револуција, во создавањето и развитокот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во развојот на југословенското самоуправно социјалистичко општество, во остварувањето на братството и единството на народите и народностите на Југославија, во зацврстувањето на независноста на земјата и на нејзината положба во меѓународните односи, во борбата за мир во светот, а во согласност со изразената волја на работните луѓе и граѓаните, на народите и народностите на Југославија,

Сојузната скупштина по предлог од собранијата на социјалистичките републики и на социјалистичките автономни покраини, по постапката предвидена во Уставот на СФРЈ, може да го избере Јосип Броз Тито за Претседател на Републиката.

2. Претседателот на Републиката ја претставува Социјалистичка Федеративна Република Југославија во земјата и во странство и е Врховен командант на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Претседателот на Републиката е претседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

3. Во поглед на положбата, одговорноста и повторниот избор на Претседателот на Републиката се применуваат одредбите на чл. 219, 220 и 221 ст. 1, 3 и 4 од Уставот на СФРЈ, со тоа што Претседателот на Републиката се избира на време од 5 години.

4. Претседателот на Републиката:

1) ги прогласува со указ сојузните закони;

2) ја прогласува одлуката на Сојузната скупштина за избор на Сојузниот извршен совет;

3) поставува и отповикува со указ амбасадори и пратеници на Социјалистичка Федеративна Република Југославија; прима акредитивни и отповикувни писма од странски дипломатски претставници што се акредитирани кај него; издава исправи за ратификација на меѓународните договори;

4) доделува одликувања на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

5) го утврдува постоењето на непосредна воена опасност, наредува општа или делумна мобилизација, и прогласува воена состојба ако Сојузната скупштина и Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не се во можност да се состанат;

6) основа соодветни служби за вршење на работите од својот делокруг.

За време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност, ако Сојузната скупштина и Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не се во можност да се состанат, Претседателот на Републиката, по предлог од Сојузниот извршен совет, донесува уредби со законска сила за прашања од надлежност на Сојузната скупштина. Претседателот на Републиката ѝ ги поднесува на Скупштината овие уредби на потврдување, штом таа ќе биде во можност да се состане.

Со уредба со законска сила донесена за време на воена состојба, исклучително, додека трае таа состојба, ако тоа го бараат интересите на одбраната на земјата, можат да се запрат одделни одредби на Уставот на СФРЈ што се однесуваат на одделни слободи и права на граѓаните и на правата на самоуправните организации, или на составот и овластувањата на политичко-извршните и управните органи.

5. Претседателот на Републиката ја известува Сојузната скупштина за состојбата и проблемите на внатрешната и надворешната политика и може да ѝ предлага на Скупштината претресување на одделни прашања и донесување на одлуки.

Претседателот на Републиката може да свика седница на Сојузниот извршен совет и да стави одредени прашања на дневен ред на неговата седница. Претседателот на Републиката претседава на седницата на Советот на која присуствува.

Претседателот на Републиката го свикува Советот на федерацијата заради разгледување на прашања на државната политика и дејноста на политичко-извршните и управните органи на федерацијата.

6. Претседателот на Републиката, како Врховен командант на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија:

1) командува и раководи со вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и ги утврдува основите на плановите и на подготвителните мерки за одбрана на земјата;

2) поставува, унапредува и разрешува генерали и адмирали, како и други воени старешини кои ќе ги одреди сојузен закон;

3) поставува и разрешува претседател, судии и судии поротници на воените судови, како и воени обвинители.

Претседателот на Републиката може да образува Воен комитет и да пренесе врз него одредени работи од командувањето со вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија утврдени со сојузен закон. Воениот комитет се состои од сојузниот секретар за народна одбрана, како претседател, и два члена кои ги именува Претседателот на Републиката. Воениот комитет му одговара на Претседателот на Републиката за работите што се пренесени врз него.

Претседателот на Републиката може да пренесе одреден број работи од командувањето и раководењето со Југословенската народна армија, утврдени со сојузен закон, врз сојузниот секретар за народна одбрана.

7. Претседателот на Републиката е претседател на Советот за работи на народната одбрана.

8. Претседателот на Републиката може да свика заедничка седница на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на Сојузниот извршен совет. Претседателот на Републиката претседава на заедничката седница на Претседателството и на Сојузниот извршен совет.

9. Претседателот на Републиката, во рамките на своите права и должности, може да му довери вршење на одделни работи на потпретседателот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

10. Кога овој амандман ќе престане да важи, правата и должностите на Претседателот на Републиката утврдени со овој амандман ќе ги врши Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а престануваат да важат одредбите на чл. 219, 220 и на чл. 221 ст. 1, 3 и 4 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXXVIII

1. Сојузниот извршен совет го сочинуваат претседател и одреден број членови.

Сојузната скупштина при изборот на членовите на Сојузниот извршен совет, по предлог од претседателот на Советот, именува од редот на членовите на Советот сојузни секретари што ќе раководат со одделни сојузни секретаријати.

Претседателот на Сојузниот извршен совет го избира Сојузната скупштина по предлог од Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а членовите на Советот — по предлог од кандидатот кого Претседателството го предложило за претседател на Советот и врз основа на мислењето на Комисијата за избор и именувања.

Во Сојузниот извршен совет се избираат еднаков број членови од секоја република и соодветен број членови од секоја автономна покраина

Ако претседателот или член на Сојузниот извршен совет биде избран од редот на сојузните пратеници, му престанува пратеничкиот мандат.

2. Членовите на Сојузниот извршен совет уживаат имунитет.

Во поглед на имунитетот на членовите на Сојузниот извршен совет сходно се применуваат одредбите на член 202 од Уставот на СФРЈ. За прашањето на имунитетот на член на Советот одлучува Сојузниот извршен совет.

3. Сојузниот извршен совет е одговорен за спроведувањето на политиката и на сојузните закони и другите општи акти на Сојузната скупштина, и за таа цел ја насочува и ја координира работата на сојузните органи на управата и презема други мерки во рамките на своите права и должности.

4. Сојузниот извршен совет, во рамките на правата и должностите на орган на федерацијата, донесува уредби, одлуки и упатства за извршување на сојузните закони и на другите општи акти на Сојузната скупштина.

5. Самоуправните организации, по своја иницијатива или по барање од Сојузниот извршен совет, можат да изнесуваат пред Советот свои мислења и ставови за прашања од неговата надлежност.

6. Сојузниот извршен совет го известува Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, по сопствена иницијатива или на негово барање, за прашања од својата надлежност.

7. Ако смета дека не е во состојба да го обезбеди спроведувањето на утврдената политика и извршувањето на законот или другиот општ акт на Сојузната скупштина чие донесување се предлага, како ниту на ставовите или предложените мерки на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, или дека не може да преземе одговорност за вршење на својата функција ако не се донесе законот или другиот општ акт чие донесување го предлага, Сојузниот извршен совет може да постави прашање на доверба.

Секој собор на Сојузната скупштина по предлог од најмалку десет пратеници, членови на соборот, може да постави прашање на доверба на Сојузниот извршен совет.

За прашањето на доверба на Сојузниот извршен совет се води претрес во Сојузната скупштина.

Ако надлежните собори му изгласаат недоверба, на Сојузниот извршен совет, Советот е должен да поднесе оставка.

Најмалку десет пратеници од кој и да е собор на Сојузната скупштина во својот собор можат да покренат интерпелација за претресување на одредени политички прашања во врска со работата на Сојузниот извршен совет.

8. Ако Сојузниот извршен совет поднесе колективна оставка или ако му биде изгласана недоверба, тој останува на должност до изборот на нов Сојузен извршен совет.

9. Со овој амандман се заменуваат одредбите на чл. 226 и 228 точка 4, член 230 став 3 и на член 232 став 4 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XXXIX

1. За вршење на работите на сојузната управа, во рамките на правата и должностите на федерацијата, се основаат сојузни секретаријати.

Сојузните секретаријати се основаат и нивниот делокруг се утврдува со сојузен закон.

2. Со сојузен закон може да се основаат и други сојузни органи на управата и организации за вршење на одредени управни, стручни и други работи од рамките на правата и должностите на федерацијата, како и научни и други установи од интерес за остварувањето на функциите на органите на федерацијата.

За потребите на органите на федерацијата можат да се основаат стручни и други служби.

3. Со овој амандман се заменуваат чл. 233, 234 и 236 од Уставот на СФРЈ, како и одредбите на Амандманот II до колку се однесуваат на државните секретари и на сојузните секретари.

## АМАНДМАН XL

Уставниот суд на Југославија се состои од претседател и тринаесет судии.

Во Уставниот суд на Југославија се избираат по два члена од секоја република и по еден член од секоја автономна покраина.

Со овој амандман се заменува одредбата на член 243 став 1 од Уставот на СФРЈ.

## АМАНДМАН XLI

1. Неотуѓиво право и должност на народите и народностите на Југославија, на работните луѓе и на граѓаните е да ја штитат и бранат независноста, суверенитетот, територијалната целокупност и со Уставот на СФРЈ утврденото општествено и политичко уредување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Никој нема право да потпише или да признае капитулација или окупација на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или на одделен нејзин дел. Никој нема право да ги спречи граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија да водат борба против непријателот кој ја нападнал земјата. Такви акти се противуставни и казниви според законот како предавство на земјата и злосторство спрема народот.

2. Право и должност на општините, автономните покраини и републиките е, во согласност со системот на народна одбрана, секоја на својата територија да ја утврдува и организира народната одбрана и раководењето со територијалната одбрана и со цивилната заштита, а во случај на напад на земјата — раководењето со народниот отпор.

Организациите на здружениот труд и другите организации го вршат правото и должноста за одбрана на земјата во согласност со законот, плановите и одлуките на општествено-политичките заедници, обезбедуваат средства за народна одбрана и вршат други задачи од интерес за народната одбрана. Овие организации се одговорни за извршувањето на тие задачи.

3. Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија чинат единствена целина и се состојат од Југословенската народна армија како заедничка вооружена сила на сите народи и народности и на сите работни луѓе и граѓани, и од територијалната одбрана како најширок облик на организиран вооружен народен отпор.

Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ја штитат независноста, уставниот поредок и неповредливоста и целокупноста на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Секој граѓанин кој со оружје или на друг начин учествува во отпорот против напаѓачот е припадник на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

4. Во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во согласност со Уставот на СФРЈ, се обезбедува рамноправност на јазиците и писмата на народите и на народностите на Југославија. Во командувањето и во воената обука во Југословенската народна армија, во согласност со сојузен закон, може да се употребува еден од јазиците на народите на Југославија, а во нејзините делови — јазиците на народите и на народностите.

5. Во поглед на составот на старешинскиот кадар и поставувањето на повисоки командни и раководни положаи во Југословенската народна армија се применува начелото на што посразмерна застапеност на републиките и автономните покраини.

6. Со овој амандман се заменуваат одредбите на член 42 став 3, член 252 ст. 1 до 3, член 254 став 1 и на член 255 од Уставот на СФРЈ.

### АМАНДМАН XLII

1. За спроведување на Уставните амандмани XX до XLI и за обезбедување премин кон нивното применување ќе се донесе уставен закон

Предлогот на уставниот закон се усвојува сходно со одредбите на точка 2 ст. 6 до 8 од Амандманот XII што важат за усвојувањето на измените на Уставот на СФРЈ.

2. Одредбите на Уставот на СФРЈ што не се заменети односно укинати со Уставните амандмани XX до XLI се толкуваат и се применуваат во согласност со тие амандмани.

---

**345.**

Бидејќи се исполнети условите од Уставниот амандман XII, Соборот на народите, врз основа на Уставниот амандман XII точка 3, на седницата од 30 јуни 1971 година, донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВНИТЕ АМАНДМАНИ XX ДО XLI

Се прогласува Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани XX до XLI, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година, на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1971 година, на седницата на Просветно-културниот собор од 30 јуни 1971 година, на седницата на Социјално-здравствениот собор од 30 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година.

**Собор на народите**

АС бр. 419
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

## УСТАВЕН ЗАКОН

### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВНИТЕ АМАНДМАНИ XX ДО XLI

#### I. Примена на Уставните амандмани

Член 1

Уставните амандмани XX до XLI (во натамошниот текст: Уставните амандмани) се применуваат од денот кога ќе ги прогласи Соборот на народите на Сојузната скупштина, ако во поглед на спроведувањето и преминувањето кон примена на одделни нивни одредби со овој закон не е поинаку одредено.

Член 2

Одредбите на Амандманот XXI и на Амандманот XXII, кои се однесуваат на правото на работните луѓе на организирање основни организации на здружениот труд, на стекнување и распределба на доходот и на средствата за општествена репродукција, како и на правото на основните организации на здружениот труд на нивно здружување, се применуваат од денот кога Соборот на народите на Сојузната скупштина ќе ги прогласи Уставните амандмани. Со тој ден престануваат да важат одредбите на сојузните закони што се во спротивност со наведените одредби на амандманите XXI и XXII.

Член 3

Престануваат да важат, согласно со одредбите на овој закон, сојузните закони и другите сојузни прописи со кои се уредуваат односите чие регулирање според Уставните амандмани не спаѓа во правата и должностите на федерацијата.

Член 4

Сојузните закони и другите сојузни прописи со кои се уредуваат односите чие регулирање според Уставните амандмани спаѓа во правата и должностите на федерацијата, а кои не се во согласност со Уставните амандмани, мораат да се усогласат со нив во рокот одреден со овој закон.

Член 5

Резолуциите што ги донесе Сојузната скупштина до влегувањето во сила на овој закон се применуваат во согласност со Уставните амандмани.

Член 6

Престануваат да важат овластувањата на сојузните органи за извршување и применување на сојузните закони кои според одредбите на овој закон остануваат во сила во областите во кои сојузните органи според Уставните амандмани не се непосредно одговорни за извршување и применување на сојузните закони.

Член 7

Престанува надлежноста на Уставниот суд на Југославија за оцена на согласноста на прописите и другите општи акти со сојузните закони со кои се уредуваат односите чие регулирање според Уставните амандмани не спаѓа во правата и должностите на федерацијата.

#### II. Органи на федерацијата

Член 8

Претседателот на Републиката, до конституирањето на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ги врши своите функции утврдени со Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 9

Избор на членови на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе се изврши во рок од триесет дена од денот кога Соборот на народите на Сојузната скупштина ќе ги прогласи Уставните амандмани.

Сојузната скупштина ќе го прогласи изборот и ќе го објави составот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Претседателството ќе се конституира до 31 август 1971 година.

Член 10

Уставниот суд на Југославија продолжува со работа во сегашниот состав до усогласувањето на неговиот состав со Амандманот XL, а најдоцна до 30 септември 1971 година.

Член 11

Сојузниот извршен совет продолжува со работа до изборот на нов Сојузен извршен совет.

Изборот на нов Сојузен извршен совет ќе се изврши до 30 септември 1971 година.

Член 12

Сојузните органи на управата и другите сојузни органи и организации продолжуваат со работа според важечките прописи до денот одреден со законот за сојузната управа.

Законот за сојузната управа ќе се донесе до 31 јули 1971 година.

## III. Укинување и усогласување на сојузните закони

### Член 13

Со денот на прогласувањето на Уставните амандмани престануваат да важат одредбите на сојузните закони наведени во овој член, освен следните одредби на тие закони:

1) одредбите на Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/65, 31/67, 48/68, 55/69 и 15/71), освен одредбите на член 4 ст. 1 и 2 и уводната реченица на став 3, чл. 21, 25, 27 и 34, чл. 36 до 36ѓ, чл. 53 до 55, чл. 61 и 66, чл. 71 до 76, чл. 85 до 103а, член 104 ст. 1 и 2, член 106 став 1, член 108 став 1, чл. 116 до 118, член 119 ст. 1 и 2, член 120, член 122 став 1, чл. 123 до 125, член 127 ст. 2 до 4, чл. 128 до 130, член 135в до 154, чл. 156 до 161, чл. 163, 165 и 166, чл. 168 до 181, чл. 183 до 207, чл. 214 до 245, член 246 став 1 и 3, чл. 248 до 252 и чл. 254 до 275;

2) одредбите на Законот за средствата на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/68, 24/68, 48/68, 42/69, 55/69 и 28/70), освен одредбите на чл. 1 и 2, член 3 став 1, чл. 4 до 8а, член 34, чл. 41 до 44, член 46 став 1, чл. 57 до 74, чл. 92 и 93, чл. 95 став 1, чл. 96 до 98, член 99 ст. 1 и 2, член 100 ст. 1 до 4 и член 101;

3) одредбите на Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации („Службен лист на СФРЈ", 32/68), освен одредбите на чл. 7 до 11 и член 17;

4) одредбите на Основниот закон за избирање на работнички совети и други органи на управувањето во работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/64, 32/67 и 54/67), освен одредбите на чл. 1 до 3, чл. 72 до 74 и член 97.

Одредбите на чл. 90 до 94, член 116, член 153 ст. 5 до 7 и член 262 од Основниот закон за претпријатијата престануваат да важат со денот определен со републички односно со покраински закон, а најдоцна до 31 декември 1971 година.

### Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат сојузните општи закони.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, до 31 декември 1971 година останува во сила одредбата на член 27 став 3, а во врска со оваа одредба и одредбата на член 14 од Општиот закон за здравственото осигурување и за задолжителните видови здравствена заштита на населението („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/69).

До денот определен во став 2 од овој член, со сојузен закон ќе се регулира начинот на извршувањето на обврската спрема недоволно развиените републики и автономни покраини за дополнително финансирање на општествените служби во смисла на член 123 став 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на точка 2 од Амандманот XXXIV.

### Член 15

На денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат и следните сојузни закони:

1) Основниот закон за органите на управувањето во установите („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/64);

2) Законот за усогласување со Уставот на прописите за установите што ги основале сојузни органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65);

3) Законот за Архивскиот совет на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/64);

4) Основниот закон за користење на патнички автомобили во општествена сопственост и за начинот на располагање со општествените средства за користење на патнички автомобили („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/64).

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, останува во сила Основниот закон за користење на патнички автомобили во општествена сопственост и за начинот на располагање со општествените средства за користење на патнички автомобили — во однос на сојузните органи и сојузните организации, како и одредбите на член 1 став 1 точка 6 и на член 15 од Законот за усогласување со Уставот на прописите за установите што ги основале сојузни органи.

### Член 16

Со денот определен со републички односно покраински закон, а најдоцна на 31 декември 1971 година, престануваат да важат следните сојузни закони:

1) Основниот закон за јавните собранија („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65);

2) Основниот закон за премерот и катастарот на земјиштето („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65);

3) Основниот закон за филмот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 11/65);

4) Основниот закон за филмскиот придонес („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/68);

5) Основниот закон за утврдување на вредноста на станбените згради, становите и деловните простории („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65);

6) Основниот закон за стопанското работење (стопанисувањето) со станбените згради во општествена сопственост („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/65 и 50/68);

7) Основниот закон за посвојување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/47 и 24/52 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65);

8) Основниот закон за игрите на среќа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65);

9) Основниот закон за данокот на добивки од игри на среќа („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/64);

10) Основниот закон за занаетчиските и другите определени видови задруги („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65);

11) Основниот закон за односите на родителите и децата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 104/47, 11/51, 53/56 и 4/57 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65);

12) Основниот закон за задолжително примање на приправници во работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/67, 2/68 и 26/68);

13) Основниот закон за издавачките претпријатија и издавачките установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/59 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65);

14) Основниот закон за новинските претпријатија и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/56 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65);

15) Основниот закон за заштита на воздухот од загадување („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/65);

16) Основниот закон за радиодифузните установи („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65);

17) Основниот закон за доставување печатени работи до определени установи („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65);

18) Основниот закон за заштитата на културните споменици („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65);

19) Основниот закон за утврдување на катастарскиот приход („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/64);

20) Основниот закон за искористувањето на селскостопанското земјиште („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/65 и 12/67);

21) Основниот закон за земјоделските задруги („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65 и 7/67);

22) Основниот закон за станбените задруги („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/68 и 50/68);

23) Основниот закон за здравствениот надзор над членовите на посадата на бродовите на Југословенската трговска морнарица („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/65 и 48/68);

24) Основниот закон за здобивање со право на сопственост на земјоделски орудија и за користење земјоделски орудија од страна на граѓани („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/67);

25) Основниот закон за данокот на промет на недвижности и права („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 32/68);

26) Основниот закон за придонесот на средствата за заедничка потрошувачка („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/67, 24/68 и 50/68);

27) Основниот закон за санитарната инспекција („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65);

28) Основниот закон за установите („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 50/68 и 55/69);

29) Основниот закон за семето („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65);

30) Основниот закон за садниот материјал („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/66);

31) Основниот закон за тутунот („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/65 и 25/70);

32) Основниот закон за квалитетот и контролата на квалитетот на вештачките ѓубриња („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/64);

33) Основниот закон за виното („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/65);

34) Законот за определување на градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/68 и 20/69);

35) Законот за стручните називи и академските степени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/63);

36) Законот за минималниот личен доход („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/65, 26/68, 51/68, 60/70 и 7/71);

37) Законот за селскостопанскиот земјишен фонд од општествена сопственост и за доделување земја на селскостопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/53 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65);

38) Законот за станбените односи („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/66 и 32/68);

39) Законот за задолжително опфаќање на ризикот од земјотрес во одделни видови осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/67 и 20/69);

40) Законот за деловните згради и простории („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/65 и 57/65);

41) Законот за испитување и жигосување односно обележување на рачно огнено оружје и муниција („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/69);

42) Законот за амортизација на основните средства на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 30/68, 50/68, 17/69, 20/69 и 42/69;)

43) Законот за стопите на амортизацијата на основните средства на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66, 40/68, 50/68, 8/69 и 42/69);

44) Законот за работењето на стопанските единици на казнено-поправителните установи („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/69);

45) Законот за укнижување на недвижностите во општествена сопственост („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65);

46) Законот за заедничкиот фонд за ризици на поморските бродарски претпријатија на прекуморската пловидба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 50/68);

47) Законот за заверување на потписи, ракописи и преписи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 105/47 и 50/49 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65 и 7/67);

48) Основниот закон за правната положба на верските заедници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/53 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65).

Со денот одреден во став 1 од овој член престануваат да важат и сите одредби на сојузните закони наведени во овој став, освен следните одредби на тие закони:

1) одредбите на Основниот закон за правосудниот испит („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/67); освен одредбите на член 6, а во врска со овој член и одредбите на член 4, и одредбите на член 8;

2) одредбите на Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67, 54/67 и 15/71), освен одредбите на член 98 и член 116 став 3;

3) одредбите на Основниот закон за угостителската дејност („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65, 15/68 и 30/68), освен одредбите на член 35, а во врска со овој член и одредбите на член 24 став 1 и член 26 став 1;

4) одредбите на Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/67, 30/68, 55/69, 60/70 и 24/71), освен одредбите на член 9 ст. 2 и 3, член 24, член 31 став 3, а во врска со овој став и став 1, и член 88;

5) одредбите на Основниот закон за придонесот за користење градско земјиште („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/67 и 11/69), освен одредбата на член 3 став 1;

6) одредбите на Основниот закон за ловството („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65), освен одредбите на член 17 став 2 и член 41;

7) одредбите на Основниот закон за насочување и издвојување на средствата за станбена изградба („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/70), освен одредбата на член 11;

8) одредбите на Основниот закон за комуналните такси („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/64), освен одредбата на член 4 точка 5;

9) одредбите на Основниот закон за здруженијата на граѓани („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65), освен одредбите на чл. 14, 15 и 20;

10) одредбите на Основниот закон за евиденцијата на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65), освен одредбата на член 2 став 2;

11) одредбите на Основниот закон за организацијата и финансирањето на запослувањето („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 51/65, 47/66, 55/69 и 9/70), освен одредбата на член 2 став 2, член 30 став 2, член 31 став 1 точка 8, член 32 точка 4, член 33 точка 3, член 34 став 3, а во врска со оваа одредба и одредбата на став 1, чл. 36а до 36е, чл. 38а и 59;

12) одредбите на Основниот закон за рударството („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/66), освен одредбите на член 31 во однос на воените објекти, член 42 точка 6 и на чл. 93 до 112;

13) одредбите на Основниот закон за шумите („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/65), освен одредбите на член 3 ст. 6 и 7, член 27 став 4 и на член 52;

14) одредбите на Основниот закон за водите („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65, 50/68 и 60/70), освен одредбите на чл. 21 и 25 во однос на народната одбрана и на воените потреби, член 30 став 2, член 33, член 37 ст. 3 и 4, член 45 ст. 3 и 4, член 52 став 4, член 53 ст. 2 и 3, член 59 ст. 1 и 2, член 60 став 4, а во врска со оваа одредба и одредбата на став 1, чл. 64, 73а и 73б;

15) одредбите на Основниот закон за организацијата на превозот со моторни возила во друмскиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/65 и 30/68), освен одредбите на член 4 став 3 во однос на Југословенската народна армија, чл. 9 до 24 во однос на јавниот превоз во меѓународниот и во меѓурепубличкиот друмски сообраќај, и на член 37 став 2, а во врска со овој став и став 1;

16) одредбите на Основниот закон за искористувањето на луките и пристаништата („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/68), освен одредбата на член 3 во однос на воените луки и одредбата на член 40 во поглед на согласноста на Командата на воената морнарица;

17) одредбите на Основниот закон за морското рибарство („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65, 35/65 и 7/71), освен одредбата на член 46, а во врска со овој член и одредбата на член 41 став 1 точ. 1 и 3 до 8;

18) одредбите на Основниот закон за јавните патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/65, 7/67 и 10/70), освен одредбите на чл. 1 до 35, чл. 42 до 61, член 61а точ. 1 и 4, чл. 61б, 61в и 61д на став 2, чл. 62 до 74 и 80 до 86;

19) одредбите на Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/64, 28/66, 1/67, 54/67, 30/68, 56/69, 32/70, 60/70 и 15/71), освен одредбите на чл. 38 до 44;

20) одредбите на Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/70), освен одредбите на чл. 25 до 27;

21) одредбите на Основниот закон за прекршоците („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/65, 57/65 и 15/67), освен одредбите што се однесуваат на прекршоците за кои водат постапка сојузните органи;

22) одредбите на Законот за искористување на воздухопловните пристаништа („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/64), освен одредбите на член 1 став 2, чл. 5, 6 и 15, член 21, а во врска со овој член и одредбите на чл. 17 и 18 и на член 24;

23) одредбите на Основниот закон за бракот („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/65), освен одредбата на член 26;

24) одредбите на Основниот закон за старателството („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65), освен одредбата на член 29;

25) одредбите на Законот за експропријацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/68, 30/68 и 32/70), освен одредбите на член 1 ст. 1 и 3 алинеја 6, член 12 ст. 1 и 2, член 23 став 2 и член 30 став 3, во однос на восните објекти;

26) одредбите на Законот за наследувањето („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/65 и 47/65), освен одредбите на чл. 186 до 190 и одредбите што се однесуваат на постапката во наследните работи;

27) одредбите на Законот за личното име („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65), освен одредбата на член 7, а во врска со овој член и одредбата на член 6;

28) одредбите на Законот за набавување, држење и носење на оружје („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/67), освен одредбите на член 2 ст. 2 и 6 и на чл. 26 до 34;

29) одредбите на Законот за поморската пилотажа („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65), освен одредбите на член 4 став 3, член 5 точка 1 и на член 13;

30) одредбите на Законот за нострификација на школските свидетелства здобиени во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67), освен одредбата на член 1 став 2;

31) одредбите на Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), освен одредбите на чл. 67 до 79 и на чл. 91 до 130.

Со денот одреден во став 1 од овој член престануваат да важат сојузните закони наведени во овој став, со тоа што во рамките на правата и должностите на федерацијата тие закони остануваат и натаму во сила, и тоа:

1) Основниот закон за средствата за работа на органите на управата („Службен лист на СФРЈ", бр 46/64, 57/65 и 1/67) — во однос на сојузните органи и на сојузните организации;

2) Основниот закон за електростопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/65, 9/68 и 50/68) — во однос на Заедницата на југословенското електростопанство;

3) Основниот закон за пазарната инспекција („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 30/68) — во однос на сојузниот орган на управата надлежен за работите на пазаришната инспекција;

4) Основниот закон за судските такси („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65 и 8/69) — во поглед на судските такси во постапката пред сојузните правосудни органи;

5) Основниот закон за административните такси („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 11/66, 54/67, 51/68 и 52/69) — во поглед на административните такси во постапката пред сојузните органи и сојузните организации;

6) Законот за организацијата на Југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/66, 50/68, 55/68 и 10/70) — во однос на Заедницата на Југословенските железници;

7) Законот за избирачките списоци („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65 и 8/69) — во поглед на изборот на сојузни пратеници;

8) Законот за гробиштата на борците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 9/65) — во однос на гробиштата и на гробовите на борците што се наоѓаат во странство.

Член 17

До 31 декември 1971 година мораат да се усогласат со Уставните амандмани следните сојузни закони:

1) Основниот закон за општественото планирање („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/70);

2) Основниот закон за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 29/65, 33/65, 57/65, 52/66, 31/67, 54/67, 26/68, 30/68, 40/68, 48/68, 11/69 и 56/69);

3) Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69, 32/70, 47/70, 53/70 и 15/71);

4) Законот за обезбедување девизи на општествено-политичките заедници, установите, општествените организации и граѓанските правни лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/69);

5) Законот за девизната инспекција („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65 и 24/71);

6) Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 47/66 и 55/68);

7) Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/67, 54/67, 15/68, 50/68, 55/69 и 32/70);

8) Законот за банките и кредитните работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 29/65, 4/66, 26/66, 1/67, 17/67, 54/67, 26/68, 50/68, 13/69, 42/69, 55/69 и 28/70);

9) Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66 и 24/71);

10) Законот за највисоката интересна стопа што може да се договори за давање кредити („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/66 и 24/68);

11) Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/59 и 13/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65, 15/67, 30/68 и 32/70);

12) Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67 и 15/71);

13) Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65, 26/66, 28/66, 32/68 и 38/68);

14) Законот за републиките и автономните покраини чиј стопански развој ќе се кредитира од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65);

15) Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66);

16) Законот за Фондот за унапредување на ликовната дејност „Моша Пијаде" („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65);

17) Законот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/64 и 51/65);

18) Законот за користење на средствата од надоместокот за стопански риболов во крајбрежното море на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/65 и 14/66);

19) Законот за Југословенската лотарија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65 и 50/68);

20) Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70);

21) Основниот закон за внатрешните работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/66);

22) Основниот закон за единствените стопански комори и деловната соработка во стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/60, 16/61 и 13/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65, 31/67 и 51/68);

23) Основниот закон за здравствениот надзор над предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65);

24) Основниот закон за здравствениот надзор над прехранбените продукти („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/65).

До денот одреден во став 1 од овој член со Уставните амандмани мораат да се усогласат: одредбите на чл. 38 до 44 од Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници (член 16 став 2 точка 19); одредбите на Основниот закон за електростопанството што се однесуваат на Заедницата на југословенското електростопанство (член 16 став 3 точка 2); одредбите на Законот за организацијата на Југословенските железници што се однесуваат на Заедницата на Југословенските железници (член 16 став 3 точка 6).

Член 18

Остануваат во сила одредбите на сојузните закони од чл. 13 и 16 на овој закон со кои се пропишани казнени санкции и мерки за повреди на одредбите на тие закони што според одредбите на овој закон остануваат во сила.

Член 19

Сојузните закони што не се наведени во чл. 13 до 17 на овој закон остануваат во сила и по влегувањето во сила на овој закон, а нивните одредби што не се во согласност со Уставните амандмани мораат да се усогласат со тие амандмани до 31 декември 1972 година.

До денот одреден во став 1 од овој член мораат да се усогласат со Уставните амандмани и одредбите на сојузните закони кои според одредбите на овој закон остануваат во сила, ако со овој закон не е поинаку одредено.

Член 20

Сојузните прописи донесени за извршување на сојузен закон кој според одредбите на овој закон престанува да важи, престануваат да важат истовремено со престанокот на важењето на тој сојузен закон, ако со републички односно покраински пропис не е одредено поинаку.

Сојузните прописи донесени за извршување на сојузен закон кој според одредбите на овој закон мора да се усогласи со Уставните амандмани, мораат да се усогласат односно да се стават вон сила истовремено со усогласувањето на тој сојузен закон, а најдоцна во рок од три месеци од денот на неговото усогласување.

**IV. Други одредби**

Член 21

Важечките прописи за финансирањето на федерацијата и сојузниот буџет за 1971 година ќе се усогласат со Уставните амандмани во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

До донесувањето на соодветен сојузен закон, федерацијата ја обезбедува основната заштита на борците, на инвалидите и на семејствата на загинатите борци во обемот утврден со сојузен закон, со отстапување на републиките и на автономните покраини, заради непосредно остварување на таа заштита, соодветни износи на средствата предвидени за таа цел во сојузниот буџет.

Член 23

До усогласувањето на Законот за Народната банка на Југославија со Уставните амандмани, Советот на гувернерите, кој управува со работите на Народната банка на Југославија, го сочинуваат гувернерот на Народната банка на Југославија и генералните директори на централите на Народната банка на Југославија во главните градови на републиките, како и по еден претставник на автономните покраини што ќе го одреди надлежниот орган на автономната покраина.

До усогласувањето на Законот за Народната банка на Југославија, постојните главни централи на Народната банка во главните градови на републиките вршат функции на народна банка на републиките во смисла на Амандманот XXVII, ако со републички закон не е одредено поинаку.

Народните банки на автономните покраини ќе се образуваат со покраински закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на сојузен закон со кој ќе се регулира вршењето на работите на военниот сервис за потребите на Југословенската народна армија, овие работи ги врши Народната банка на Југославија според важечките прописи.

Член 24

До донесувањето на сојузен закон со кој ќе се одреди надлежниот суд за решавање на споровите што ќе произлезат од противуставните или противзаконитите прописи, од други акти и дејствија во смисла на точка 5 од Амандманот XXV:

Уставниот суд на Југославија одлучува за уставноста и законитоста на тие акти и дејствија;

надлежниот виши стопански суд ги решава споровите за надоместок на штета што ќе произлезат од такви акти и дејствија, а по жалба против неговата одлука — Врховниот стопански суд.

Член 25

Правата на работните луѓе од трудот и по основ на трудот во органите и организациите основани со сојузни закони што престануваат со работа и имотните и други односи што ги засновале тие органи и организации пред престанокот на нивната работа, се регулираат со сојузен закон.

Член 26

Овој закон влегува во сила кога ќе го прогласи Соборот на народите на Сојузната скупштина.

---

**346.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издавам

## У К А З

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДОПОЛНЕНИЕТО НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА

Се прогласува Дополнението на Сојузниот буџет за 1971 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од

30 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1039
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

## ДОПОЛНЕНИЕ НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА

Член 1

Во Сојузниот буџет за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/71) во членот 5 раздел 13. Сојузен секретаријат за стопанство, во позицијата 212 распоредна група 16-2-21 Премии за суров памук и волна зборовите: „суров памук и волна" се заменуваат со зборовите: „суров памук, суров коноп и волна".

Член 2

Ова дополнение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**347.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за извршување на Сојузниот буџет за 1971 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1040
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за извршување на Сојузниот буџет за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/71) во членот 8 зборовите: „суров памук и волна" се заменуваат со зборовите: „суров памук, суров коноп и волна".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**348.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА, ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ВРЗ РЕПУБЛИКИТЕ И АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

Се прогласува Законот за пренесување на средствата, правата и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството врз републиките и автономните покраини, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1037
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА, ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ВРЗ РЕПУБЛИКИТЕ И АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

Член 1

Средствата, правата и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството, утврдени со сојузните прописи донесени до 31 декември 1970 година, освен средствата и обврските што се изземаат од пренесувањето со овој закон, се пренесуваат со состојбата на 31 декември 1970 година врз републиките и автономните покраини според одредбите на овој закон.

Со овој закон не се засегнуваат правата и обврските на крајните корисници по договорите за користење на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството што се пренесуваат со овој закон врз републиките и автономните покраини.

Член 2

Средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството се пренесуваат врз републиките и автономните покраини, и тоа:

1) стасаните а ненаплатени ануитети според состојбата на 31 декември 1970 година и ануитетите што стасуваат за наплата од 1 јануари 1971 година до крајот на отплатниот период, и тоа: по кредитите што до 31 декември 1970 година се одобрени од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството преку деловните банки со кои федерацијата има договори за работење со средствата на федерацијата и преку Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта, како и по основот на учеството на федерацијата во кредитирањето на извозот на опрема и бродови и на изведувањето на инвестициони работи во странство на кредит преку Југословенската банка за надворешна трговија и преку Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на крајните корисници на кредитите дадени од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството;

2) приходот од камата на кредитните фондови на банките што се остварува од 1 јануари 1971

година, во смисла на одредбите на Законот за установувањето на каматата на фондовите во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/68 и 50/68) и Законот за интересните стопи на фондовите во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/65, 56/65, 4/66, 11/66, 28/66, 52/66, 17/67, 26/68, 30/68, 50/68, 5/69, 8/69, 20/69, 56/69 и 25/70) — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на деловната банка што ја плаќа таа камата;

3) средствата од основачките влогови на федерацијата што се повлекуваат од Југословенската инвестициона банка, од Југословенската земјоделска банка и од Југословенската банка за надворешна трговија во смисла одредбите на договорите склучени помеѓу федерацијата и тие банки за повлекувањето на тие средства — во сразмер со искористените кредити според состојбата на 31 декември 1970 година, одобрени од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството до 31 декември 1970 година на крајните корисници од територијата на републиката односно автономната покраина, преку секоја од тие банки;

4) делот на средствата од кредитниот фонд и од другите фондови на Југословенската инвестициона банка, на Југословенската земјоделска банка и на Југословенската банка за надворешна трговија што тие го внеле во тие фондови од приходот остварен со работењето со средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството, а кој од тие банки се повлекува врз основа на посебен сојузен закон — во сразмер со искористените кредити според состојбата на 31 декември 1970 година, одобрени од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството до 31 декември 1970 година на крајните корисници од територијата на републиката односно автономната покраина, преку секоја од тие банки;

5) приходот од камата на кредитите дадени од средствата на Народната банка на Југославија според состојбата на тие средства на сметката кај Народната банка на Југославија на 31 декември 1970 година, приливот на тие средства од 1 јануари 1971 година — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на корисниците на кредитите дадени од средствата на Народната банка на Југославија;

6) средствата од странските кредити и заеми што се користат за извршување делот на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството според состојбата на тие средства на 31 декември 1970 година и нивното користење почнувајќи од 1 јануари 1971 година — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на крајниот корисник на тие средства;

7) средствата за кредитирање изградбата на домашната цементна индустрија, определена со Законот за распоредување на нераспоредените средства што претставуваат разлика помеѓу набавната и продавната цена на увезениот цемент („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/70), според состојбата на тие средства на 31 декември 1970 година — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на крајните корисници на тие средства.

По исклучок од одредбите на точ. 5 и 6 од ставот 1 на овој член, федерацијата во 1971 година заради извршување на обврските од членот 12 на овој закон, ќе ги користи следните средства: 186,000 000 динари од приходот од камата на кредитите на Народната банка на Југославија, 71,000.000 динари од заемот од Меѓународната банка за обнова и развој за пругата Белград—Бар на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора и 82.000.000 динари од странски кредити за учество во изградбата на капацитети за производство на цемент.

Член 3

Обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството се пренесуваат врз републиките и автономните покраини, и тоа:

1) отплатувањето на странските заеми и кредити по кои динарската противвредност е користена за вкупните обврски на федерацијата за инвестиции во стопанството, т.е. без определен краен корисник, вклучувајќи ги и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството без обврска за враќање — во сразмер со искористените кредити според состојбата на 31 декември 1970 година одобрени од сите средства на федерацијата за инвестиции во стопанството до 31 декември 1970 година на крајните корисници од територијата на републиката односно автономната покраина, освен од средствата на федерацијата користени преку Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта;

2) отплатувањето на странските заеми и кредити по кои динарската противвредност е користена за определени обврски на федерацијата за инвестиции во стопанството, т.е. по кои крајниот корисник е познат, вклучувајќи ги и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството без обврска за враќање — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на крајниот корисник на тие средства;

3) отплатувањето на странските заеми и кредити по кои динарската противвредност е користена за други потреби на федерацијата а нивното отплатување се врши од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството — сразмерно со учеството на републиката односно автономната покраина во структурата на општественото производ на општественото стопанство во 1969 година;

4) отплатувањето на внатрешните заеми и кредити по кои средствата се користени за вкупните обврски на федерацијата за инвестиции во стопанството, т.е. без определен краен корисник, вклучувајќи ги и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството без обврска за враќање — во сразмер со искористените кредити според состојбата на 31 декември 1970 година одобрени од сите средства на федерацијата за инвестиции во стопанството на крајните корисници од територијата на републиката односно автономната покраина, освен од средствата на федерацијата користени преку Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта;

5) отплатувањето на внатрешните заеми и кредити по кои средствата се користени за определени обврски на федерацијата за инвестиции во стопанството, т.е. по кои крајниот корисник е познат, вклучувајќи ги и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството без обврска за враќање — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на крајниот корисник на тие средства;

6) отплатувањето на долгот на федерацијата според договорот за кредит склучен со Народната банка на Југославија од 15 ноември 1967 година за ревалоризација на штедните влогови — сразмерно со височината на вкупните штедни влогови во републиката односно во автономната покраина според состојбата на 31 декември 1965 година;

7) обврските на федерацијата за кредитирање и финансирање на инвестиции, утврдени со сојузните прописи — врз републиката односно автономната покраина на чија територија се наоѓа инвестиционот објект;

8) амортизацијата на обврзниците на федерацијата за инвестиции, емитирани според чл. 7 и 8 на Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/70 и 47/70) — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на крајниот корисник на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството спрема кој обврската во 1970 година е извршена со тие обврзници;

9) надоместокот на камата, додатната камата и наголемената додатна камата по кредитите дадени

во смисла на Законот за определување на пониски интересни стопи и за давање надоместок на интересот и додатен интерес на определените кредити на товар на средствата на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66, 17/67, 42/67, 24/68, 5/69 и 60/70) за инвестициони вложувања — врз републиката односно автономната покраина на чија територија се наоѓа инвестициониот објект, а за другите вложувања — врз републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на крајниот корисник на тој кредит;

10) делот од неизвршената обврска на федерацијата по основ на исплатите на наголемената додатна камата која се плаќа однапред во областа на туризмот што федерацијата не го извршува во смисла на членот 12 точка 8 од овој закон — врз републиката односно автономната покраина на чија територија се наоѓа инвестициониот објект за чија изградба е даден кредит за вложување во основни средства во областа на туризмот.

Член 4

Како обврски што во смисла на овој закон се пренесуваат врз републиките и автономните покраини се подразбираат:

1) обврските стасани до 31 декември 1970 година, а кои не се извршени до тој рок;

2) обврските што според сојузните прописи требаше да се извршат до 31 декември 1970 година, а што не се извршени и стасуваат по тој рок;

3) обврските што стасуваат по 31 декември 1970 година;

4) обврските по основ на амортизацијата на обврзниците на федерацијата, емитирани во смисла на чл. 7 и 8 од Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година.

Член 5

Со средствата и обврските што се пренесуваат според чл. 2 и 3 на овој закон врз републиките и автономните покраини се пренесуваат и другите права и обврски на федерацијата по договорите што федерацијата ги склучила до 31 декември 1970 година со банките или со други организации за извршување на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството, и тоа:

1) со Југословенската инвестициона банка по договорите:

а) од 6 март 1966 година (со дополнението од 29 април 1969 година) — за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за финансирање на изградбата на објекти во областа на сообраќајот;

б) од 11 мај 1967 година — за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за финансирање на изградбата на објекти во областа на сообраќајот;

в) од 11 мај 1967 година — за користење на средствата на федерацијата за изградба на основни шумски комуникации;

г) од 22 мај 1968 година — за користење на средствата на федерацијата за учество во покритие на трошоците на инвестиционата изградба над трошоците предвидени во договорот за изградба на Железарницата Скопје;

д) од 20 јуни 1969 година — за учеството на федерацијата во кредитирањето на изградбата на објектите на новоенергетиката;

ѓ) од 23 јули 1969 година — за вршење банкарски услуги за средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството врз кои се применува посебен режим (со протоколот кон тој договор);

е) од 23 октомври 1970 година — за учеството на федерацијата во кредитирањето на изградбата на капацитети за производство на нафта и природен гас (со анексот кон тој договор);

ж) од 26 октомври 1970 година — за учеството на федерацијата во кредитирањето на изградбата на капацитети за производство на цемент (со анексот кон тој договор);

з) од 25 декември 1969 година — за повлекување на основачкиот влог на федерацијата;

2) со Југословенската земјоделска банка по договорите:

а) од 11 мај 1967 година — за користење на средствата на федерацијата за изградба на основни шумски комуникации;

б) од 27 мај 1967 година — за користење на средствата на федерацијата за кредитирање на инвестиции во земјоделството;

в) од 27 јуни 1969 година — за користење на средствата на федерацијата за изградба на основни шумски комуникации,

г) од 2 април 1970 година — за измена и дополнение на договорот за користење на средствата на федерацијата за изградба на основни шумски комуникации склучен на 11 мај 1967 година (со додатниот договор од 27 јуни 1969 година);

д) од 12 јуни 1970 година — за вршење банкарски услуги за средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството врз кои се применува посебен режим (со додатокот кон тој договор од 12 јуни 1970 година);

ѓ) од 12 јуни 1970 година — за пресметка на обврските и побарувањата според состојбата на средствата на федерацијата од 31 мај 1970 година;

е) од 12 јуни 1970 година — за обезбедување на средства за кредитирање на инвестиции во земјоделството;

ж) од 12 јуни 1970 година — за повлекување на основачкиот влог на федерацијата;

3) со Југословенската банка за надворешна трговија по договорите:

а) од 25 декември 1969 година — за вршење банкарски услуги за средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството врз кои се применува посебен режим;

б) од 10 декември 1970 година — за повлекување на основачкиот влог на федерацијата;

4) со Народната банка на Југославија по договорите:

а) од 15 ноември 1967 година — за кредитот на 665,000.000 динари за ревалоризација на штедните влогови;

б) од 15 мај 1970 година — за кредитот од 700,000.000 динари за извршување на делот од обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството во 1970 година;

в) од 15 мај 1970 година — за кредитот од 800,000.000 динари за извршување на делот од обврската на федерацијата по основ на учеството во кредитирањето на извозот на опрема и бродови и во изведувањето на инвестициони работи во странство на кредит во 1970 година (кредит склучен со Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи со согласност на сојузниот секретар за финансии);

5) со Комерцијално-инвестиционата банка Скопје по договорот од 22 август 1967 година — за користење на средствата на федерацијата за капитален ремонт на магистралните пруги на подрачјето на Железничко-транспортното претпријатие Скопје;

6) со Социјалистичка Република Босна и Херцеговина по договорот од 24 ноември 1966 година — за кредитот на 78,000.000 динари за покритие на трошоците на пречекорувањето при изградбата на пругата Сараево—Плоче;

7) со Социјалистичка Автономна Покраина Војводина по договорот од 25 јануари 1967 година — за давање кредити за станбено-комунална изградба во градските населби пострадани од поплавата во 1965 година;

8) со Собранието на околијата Осиек од 27 јануари 1967 година — за давање кредити за станбено-комунална изградба во градските населби пострадани од поплавата во 1965 година;

9) со Заедницата на Југословенските железници по договорот од 20 март 1969 година — за кредитот на 240,000.000 динари.

Член 6

Обврските на федерацијата преземени врз основа на сојузните прописи по странските заеми и кредити што федерацијата директно ги склучила или ги склучиле банките по овластување од федерацијата за извршување на обврската на федерацијата за инвестиции во стопанството, федерацијата и натаму ги извршува во сé според договорите за тие заеми и кредити. Овие обврски се извршуваат во рокот на стасаноста по курсот кој важи на денот на извршувањето на стасаната обврска, до колку во договорот за странскиот заем односно кредит не е утврден поинаков курс.

Средствата за извршување на обврските на федерацијата од ставот 1 на овој член ги обезбедуваат републиките и автономните покраини спрема критериумите според кои врз нив се пренесуваат обврските по основ на отплатување на странските заеми и кредити, во смисла на членот 3 точ. 1, 2 и 3 на овој закон.

Ако републиката односно автономната покраина спрема федерацијата не ги изврши обврските од ставот 2 на овој член во рокот на стасаноста, Службата на општественото книговодство, по налог од Сојузниот секретаријат за финансии, заради навремено извршување на обврската на федерацијата, ќе пренесе во корист на федерацијата соодветен износ средства од приходите на републиката односно автономната покраина, освен средствата за исплата на личните доходи на работниците во органите на републиката односно автономната покраина.

Член 7

Федерацијата останува и понатаму во обврска во рокот на стасаноста да обезбеди извршување на обврските спрема доверителите по внатрешните заеми и кредити што според сојузните прописи се склучени за извршување на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството.

Ако по обврските од ставот 1 на овој член за федерацијата настапи обврска за плаќање, средства за извршување на таа обврска обезбедуваат републиките и автономните покраини по критериумите по кои врз нив, во смисла на членот 3 точ. 4 и 5 на овој закон, се пренесуваат обврските за отплатување на внатрешните заеми и кредити.

Ако републиката односно автономната покраина не ги изврши спрема федерацијата обврските од ставот 2 на овој член во рокот на стасаноста, Службата на општественото книговодство, по налог од Сојузниот секретаријат за финансии, заради навремено извршување на обврската на федерацијата, ќе го пренесе во корист на федерацијата соодветниот износ на средствата од приходите на републиката односно автономната покраина, освен средствата за исплата на личните доходи на работниците во органите на републиката односно автономната покраина.

Член 8

Износот на средствата и на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството што со овој закон ќе пренесуваат врз републиките и автономните покраини се утврдува врз основа на:

1) завршната сметка за остварувањето и користењето на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година;

2) завршните сметки за 1970 година за средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството што се ставени под посебен режим, а кои во смисла на членот 175е на Законот за банките и кредитните работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 29/65, 4/66, 26/66, 1/67, 17/67, 54/67, 26/68, 50/68, 13/69, 42/69, 55/69 и 28/70) ги составуваат банките од членот 175е на тој закон;

3) завршните сметки за 1970 година на банките со кои федерацијата склучила посебни договори за средства на федерацијата за инвестиции во стопанството што не се ставени под посебен режим;

4) завршните сметки за 1970 година на Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта и на Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи;

5) книговодствените податоци за остварувањето на средствата и за извршувањето на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година, и тоа на:

— Службата на општественото книговодство;

— Народната банка на Југославија;

— Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта;

— Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи;

— деловните банки, преку кои федерацијата ги извршува обврските по основ на кредитирање и финансирање на инвестиции во стопанството.

Член 9

Пренесување на средствата, правата и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството, според одредбите на овој закон, ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Сојузниот секретаријат за финансии во рокот од членот 9 на овој закон ќе ги прибави и на органот што ќе го одреди извршниот совет на републиката односно автономната покраина ќе му ги предаде податоците средени по републиките односно по автономните покраини, и тоа од:

1) деловните банки со кои федерацијата склучила договори за работење со средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството (член 5):

а) за извршување на тие договори од денот на нивното склучување до 31 декември 1970 година, со состојбата на кредитите во користење и на кредитите во отплата на 31 декември 1970 година; за стасаните а ненаплатени ануитети и за однапред примените ануитети до тој рок; за ануитетите кои според договорите склучени помеѓу банката и инвеститорот стасуваат по 31 декември 1970 година до крајот на отплатниот период; за обврските по кредитите во користење што стасуваат по 31 декември 1970 година;

б) за користење на странски и внатрешни заеми и кредити за обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството до 31 декември 1970 година и со попис на обврските по основ на отплатувањето на тие заеми и кредити во периодот по 31 декември 1970 година до истекот на отплатниот период, вклучувајќи ги и обврските за обезбедување на курсната разлика по странските заеми и кредити;

2) Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта и на Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи: за стасаните а ненаплатени ануитети по кредитите во отплата на 31 декември 1970 година и за ануитетите што стасуваат по 31 декември 1970 година до истекот на отплатниот период — по кредитите дадени од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството преку тие фондови во периодот до 31 декември 1970 година;

3) Народната банка на Југославија за странските заеми и кредити од членот 6 став 1 на овој закон.

На органот што ќе го одреди извршниот совет на републиката односно автономната покраина Сојузниот секретаријат за финансии истовремено ќе му предаде и прописи на сите договори од членот 5 на овој закон, како и рекапитулација на податоците собрани во смисла на ставот 1 на овој член.

Пред доставувањето на податоците од ст. 1 и 2 на овој член Сојузниот секретаријат за финансии со претставниците на републиките и автономните покраини ќе го изврши нивното проверување.

Член 11

Републиката односно автономната покраина ја одредува банката кај која ќе ги држи средствата и преку која ќе ги извршува обврските што врз републиката односно автономната покраина се пренесуваат според одредбите на овој закон.

Член 12

Федерацијата и понатаму ќе ги извршува следните обврски за инвестиции во стопанството:

1) за делот на пругата Белград—Бар на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора — според Законот за учество на федерацијата во финансирањето на инвестиционите работи за довршување на изградбата на пругата Белград—Бар („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66);

2) за мелиорациите во Социјалистичка Република Македонија — според Законот за финансирање на мелиорационите работи во Социјалистичка Република Македонија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/57 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 4/66 и 28/66);

3) за делницата на Автопатот братство и единство од Башино Село до Бабуна во Социјалистичка Република Македонија — според Општествениот план на развојот на Југославија од 1966 до 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66);

4) за извршување на неизвршените законски обврски на федерацијата за инвестиции на териториите на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Социјалистичка Автономна Покраина Косово, преземени до 31 декември 1970 година;

5) за амортизација на обврзниците за инвестиции во стопанството, емитирани според членот 7 на Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година на корисниците од териториите на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Социјалистичка Автономна Покраина Косово;

6) спрема Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта по основ на неизвршената обврска од 1970 година и разликата за 1969 и 1970 година настаната со пресметувањето на обврската на федерацијата спрема тој фонд со примена на стапката од 1,85% врз општественото производ на општественото стопанство во тие години, намалено за 2% според членот 2 на Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66);

7) за амортизација на обврзниците емитирани според членот 9 на Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година;

8) делот на неизвршената обврска на федерацијата по основ на исплатата на наголемената додатна камата што се плаќа однапред за вложувања во основни средства во областа на туризмот, и тоа во височина од 78% од износот на стасната обврска по тој основ во 1970 година што е утврдена со посебен сојузен закон;

9) за отплатувањето во 1971 година на делот на странски и внатрешни заеми и кредити, кое според членот 3 точ. 1 до 5 на овој закон се пренесува врз Социјалистичка Автономна Покраина Косово.

Член 13

Од 1 јануари до 30 јуни 1971 година остварувањето на средствата од членот 2 и извршувањето на обврските од членот 3 на овој закон, во смисла на одредбите на Законот за обезбедување на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството од 1 јануари до 30 јуни 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/70 и 15/71), ги врши федерацијата од името и за сметка на републиките и автономните покраини.

Член 14

Обврските на федерацијата настанати од 1 јануари до 30 јуни 1971 година врз основа на Законот за определување на пониски интересни стопи и за давање надоместок на интересот и додатен интерес на определените кредити на товар на средствата на федерацијата, се пренесуваат врз републиките и автономните покраини по критериумите од членот 3 точка 9 на овој закон.

Обврските по основ враќање на средствата на Термоелектраната Сисак се пренесуваат врз Социјалистичка Република Хрватска.

Со посебен сојузен закон ќе се утврдат височината и начинот на извршување на остатокот на ненамирената обврска по основ на наголемената додатна камата што се плаќа однапред за вложувања во основни средства во областа на туризмот.

Сојузниот извршен совет, во врска со отплатувањето на странските заеми и кредити чија динарска противвредност е користена како учество на федерацијата за изградба на одредени објекти, без обврска за враќање, на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора, со оглед на височината на таа обврска во однос на вкупните расположиви средства на таа република, ќе ги разгледа овие прашања и за тоа ќе ја извести Сојузната скупштина и, во согласност со утврдената состојба а со претходно постигнат договор, ќе ѝ поднесе на Сојузната скупштина предлог да се обезбедат со посебен закон средства за извршување на обврските за отплатување на тие странски заеми и кредити.

Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат:

1) одредбите на Општествениот план на развојот на Југославија од 1966 до 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66) и одредбите на сојузните закони и други сојузни прописи, што се во спротивност со одредбите на овој закон;

2) Законот за определување на пониски интересни стопи и за давање надоместок на интересот и додатен интерес на определените кредити на товар на средствата на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66, 17/67, 42/67, 24/68, 5/69 и 60/70), освен членот 6 на тој закон;

3) одредбите на Законот за установувањето на каматата на фондовите во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/68 и 50/68) и на Законот за интересните стопи на фондовите во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/65, 56/65, 4/66, 11/66, 23/66, 52/66, 17/67, 26/68, 30/68, 50/68, 5/69, 8/69, 20/69, 56/69 и 25/70) што се однесуваат на каматата на средствата на општествено-политичките заедници за инвестиции во стопанството.

Член 16

Поблиски прописи за извршувањето на овој закон и за постапката при утврдувањето и пренесувањето на средствата и обврските на федерацијата кои според овој закон се пренесуваат врз републиките и автономните покраини донесува Сојузниот извршен совет.

Член 17

Одредбите на овој закон ќе се применуваат во согласност со спогодбата што ја склучија Сојузниот извршен совет и извршните совети на републиките и автономните покраини на 159 седница на Сојузниот извршен совет одржана на 14 јуни 1971 година.

Член 18

Овој закон влегува во сила на 1 јули 1971 година.

**349.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ВО 1971 ГОДИНА

Се прогласува Законот за остварување и користење на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството во 1971 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1036
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ВО 1971 ГОДИНА

Член 1

Вкупните средства на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1971 година изнесуваат 2.117,000.000 динари. Овие средства се остваруваат од следните извори:

милиони динари

1) од дел на Сојузниот буџет за 1971 година — — — — — — — — — — — — 945
2) од дел на приходите од камати на кредитите на Народната банка на Југославија — 186
3) од обврзници на федерацијата емитирани во 1971 година во смисла на членот 3 од овој закон — — — — — — — — — — 833
4) од странски средства (од заемот на Меѓународната банка за обнова и развој за пругата Белград—Бар на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора) — — — 71
5) од странски кредити за учество во изградбата на капацитети за цемент — — — 82

Член 2

Средствата од членот 1 на овој закон се користат во 1971 година за извршување на следните обврски на федерацијата:

милиони динари

1) за учество на федерацијата во финансирањето на инвестиционите работи за довршување на изградбата на пругата Белград—Бар на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора — — — — — — — — 253
2) за финансирање на мелирационите работи во Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — — — — 195
3) за финансирање на изградбата на делницата на Автопатот братство и единство од Башино Село до Бабуна во Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — 33
4) за неизвршените обврски на федерацијата пред 31 декември 1970 година за инвестиции на териториите на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Социјалистичка Автономна Покраина Косово — — — — — — — 467
5) за Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта — 263
6) за неизвршената обврска од 1970 година за регулацијата на Дунав од Белград до унгарската граница — — — — — — — — 12
7) за неизвршените обврски од 1970 година на корисниците по основот на стечените права на наголемена додатна камата што се плаќа однапред за вложувања во основни средства во областа на туризмот — — — — — — — 382
8) за амортизација на обврзниците на федерацијата емитирани во 1970 година според членот 7 од Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/70 и 47/70) на корисниците на териториите на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Социјалистичка Автономна Покраина Косово (187,000.000 динари) и за регулацијата на Дунав од Белград до унгарската граница (6.000.000 динари) и камата и трошоци (7,000.000 динари) — — — 200
9) за амортизација на обврзниците на федерацијата емитирани во 1970 година според членот 9 на Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година, и тоа: 208,000.000 динари за обврзници и 15,000.000 динари за камата и трошоци — — 223
10) за отплатување во 1971 година на дел од странските и внатрешните заеми и кредити, што според членот 3 точка 1 од Законот за пренесување на средствата и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството врз републиките и автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71) се пренесуваат врз Социјалистичка Автономна Покраина Косово — — — — — — — — — — — — 89

Член 3

За извршување на делот од обврските од членот 2 на овој закон, федерацијата во 1971 година ќе емитира обврзници до вкупен износ од 833,000.000 динари и ќе им ги предава само за стасаните обврски во 1971 година на крајните корисници на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството, и тоа:

1) до износот од 91,000.000 динари — за учеството на федерацијата во финансирањето на инвестиционите работи за довршување на изградбата на пругата Белград—Бар на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора;

2) до износот од 97,000.000 динари — за финансирање на мелиорационите работи во Социјалистичка Република Македонија;

3) до износот од 16,000.000 динари — за финансирање на изградбата на делницата од Автопатот братство и единство од Башино Село до Бабуна во Социјалистичка Република Македонија;

4) до износот од 172,000.000 динари — за неизвршените обврски на федерацијата пред 31 декември 1970 година за инвестиции на териториите на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Социјалистичка Автономна Покраина Косово;

5) до износот од 131,000 000 динари — за Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта;

6) до износот од 6,000.000 динари — за неизвршените обврски од 1970 година за регулацијата на Дунав од Белград до унгарската граница;

7) до износот од 320,000 000 динари — за дел од неизвршените обврски по основ на исплатата на наголемената додатна камата што се плаќа однапред за вложувања во основни средства во областа на туризмот.

Обврзниците од ставот 1 на овој член гласат на доносителот и носат камата од 8% годишно. Каматата се пресметува од денот на издавањето на обврзниците до нивната амортизација. Издавањето на обврзниците почнува на 1 јули 1971 година.

Амортизацијата на обврзниците од точ. 1 до 6 на ставот 1 од овој член ќе се изврши во четири еднакви месечни рати од кои првата стасува на 31 март 1972 година. Амортизацијата на обврзниците од точката 7 на ставот 1 од овој член ќе се изврши во 1972 и 1973 година во четири еднакви месечни рати од по 160,000.000 динари годишно од кои првата стасува на 31 март 1972 година односно на 31 март 1973 година. Амортизацијата ќе се изврши од средствата на сојузниот буџет за 1972 и 1973 година.

Обврзниците од името на федерацијата ги потпишува сојузниот секретар за финансии.

Врз овие обврзници согласно ќе се применуваат одредбите на Упатството за содржината, формата и апоените и за начинот на издавањето и за амортизацијата на обврзниците за покритие на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството во 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/70) и Упатството за постапката за издавање обврзници на крајните корисници на средствата за инвестиции во стопанството за покривање на обврските на федерацијата во 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/70).

Работите за издавање и исплатување на овие обврзници ги врши Народната банка на Југославија.

Трошоците за издавање на обврзниците ќе се намират од средствата на сојузниот буџет за 1972 и 1973 година.

Се овластува сојузниот секретар за финансии од името на федерацијата да склучи договор со Народната банка на Југославија за издавањето и исплатувањето на овие обврзници.

Член 4

Претсметката на средствата за инвестиции во стопанството за 1971 година е објавена кон овој закон и е негов составен дел.

Член 5

Овој закон ќе се применува од 1 јануари 1971 година.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

## ПРЕТСМЕТКА

### НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1971 ГОДИНА

1. Вкупните средства на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1971 година изнесуваат 2.117,000.000 динари и се утврдуваат според изворите на средствата во следните износи:

| | милиони динари |
|---|---|
| **I. Средства од домашни извори** | |
| 1) од дел на Сојузниот буџет за 1971 година | 945 |
| 2) од дел на приходите од камата на кредитите на Народната банка на Југославија | 186 |
| 3) од обврзници на федерацијата емитирани во смисла на членот 3 од Законот за остварување и користење на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството во 1971 година | 833 |
| Сé: | 1.964 |
| **II. Средства од странски заеми и кредити** | |
| 1) средства од заемот на Меѓународната банка за обнова и развој за изградба на пругата Белград—Бар на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора | 71 |
| 2) средства од странски кредити за учество во изградбата на капацитети за цемент | 82 |
| Сé: | 153 |
| Вкупно: | 2 117 |

2. Средствата од точката 1 на оваа претсметка за извршување на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството во 1971 година се распоредуваат:

| | | милиони динари |
|---|---|---|
| 1) за учество на федерацијата во финансирањето на инвестиционите работи за довршување на изградбата на пругата Белград—Бар на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора | | |
| — во динари | 162 | |
| — во обврзници | 91 | 253 |
| 2) за финансирање на мелиорационите работи во Социјалистичка Република Македонија | | |
| — во динари | 98 | |
| — во обврзници | 97 | 195 |
| 3) за финансирање на изградбата на делницата од Автопатот братство и единство од Башино Село до Бабуна во Социјалистичка Република Македонија | | |
| — во динари | 17 | |
| — во обврзници | 16 | 33 |
| 4) за неизвршените обврски на федерацијата пред 31 декември 1970 година за инвестиции на територијата на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Социјалистичка Автономна Покраина Косово | | |
| — во динари | 295 | |
| —во обврзници | 172 | 467 |
| 5) за Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта | | |
| — во динари | 132 | |
| — во обврзници | 131 | 263 |
| 6) за неизвршените обврски од 1970 година за регулацијата на Дунав од Белград до унгарската граница | | |
| — во динари | 6 | |
| — во обврзници | 6 | 12 |
| 7) за неизвршените обврски од 1970 година на корисниците по основот на стеченото право на наголемена додатна камата што се плаќа однапред за вложувања во основни средства во областа на туризмот | | |
| — во динари | 62 | |
| — во обврзници | 320 | 382 |

| | | |
|---|---|---|
| 8) за амортизација на обврзниците на федерацијата емитирани во 1970 година според членот 7 на Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година на корисниците на територијите на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Социјалистичка Автономна Покраина Косово (187,000.000 динари) и за регулацијата на Дунав од Белград до унгарската граница (6,000.000 динари) и камата и трошоци (7,000.000 динари) — во динари | 200 | 200 |
| 9) за амортизација на обврзниците емитирани во 1970 година според членот 9 од Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/70 и 47/70) — во динари | 223 | 223 |
| 10) за отплатување во 1971 година на дел од странските и внатрешните заеми, што според членот 3 точ. 1 до 5 од Законот за пренесување на средствата и обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството врз републиките и автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71) се пренесуваат на Социјалистичка Автономна Покраина Косово — во динари | 89 | 89 |
| | Вкупно: | 2.117 |

**350.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО КРЕДИТИРАЊЕ НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА СТОПАНСКИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И КРАИШТА

Се прогласува Законот за измена на Законот за привремено кредитирање на Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1042
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател
на Сојузната
скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО КРЕДИТИРАЊЕ НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА СТОПАНСКИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И КРАИШТА

Член 1

Во Законот за привремено кредитирање на Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/70 и 15/71) во членот 1 став 1 зборот: „јуни" се заменува со зборот: „јули", а бројот: „6/12" — со бројот: „7/12".

Во ставот 2 бројот: „1.056,000 000" се заменува со бројот: „1,232,000.000".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**351.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ОБВРСКАТА И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА НЕНАМИРЕНАТА ОБВРСКА ПО ОСНОВ НА НАГОЛЕМЕНАТА ДОДАТНА КАМАТА КОЈА СЕ ПЛАЌА ОДНАПРЕД ЗА ВЛОЖУВАЊА ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

Се прогласува Законот за утврдување на височината на обврската и за начинот на извршувањето на ненамирената обврска по основ на наголемената додатна камата која се плаќа однапред за вложувања во основни средства во областа на туризмот, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1035
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател
на Сојузната
скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ОБВРСКАТА И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА НЕНАМИРЕНАТА ОБВРСКА ПО ОСНОВ НА НАГОЛЕМЕНАТА ДОДАТНА КАМАТА КОЈА СЕ ПЛАЌА ОДНАПРЕД ЗА ВЛОЖУВАЊА ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

Член 1

Обврската создадена до 31 декември 1970 година врз основа на одредбите од Законот за определување на пониски интересни стопи и за давање надоместок на интересот и додатен интерес на определените кредити на товар на средствата на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66, 17/67, 42/67, 24/68, 5/69 и 60/70), по основ на правото на деловните банки на наголемена додатна камата која се плаќа однапред за вложувања во основни средства во областа на туризмот, се утврдува до вкупен износ од 971,000.000 динари.

Износот од ставот 1 на овој член е утврден со пресметување по каматна стопа од 2,5% од износите искористени до 31 декември 1970 година по кредитите дадени од 1 јануари 1969 до 31 декември 1970 година за намената од став 1 на овој член.

Член 2

Ненамирената обврска од членот 1 на овој закон, која според состојбата на 31 декември 1970 година изнесува 783,000.000 динари, ќе се намири, и тоа:

1) во износ од 62,000.000 динари — од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1971 година, како разлика помеѓу исплатениот износ од 188,000.000 динари во 1969 и 1970 година и износот од 250,000.000 динари колку што за исплатата на таа обврска на федерацијата е предвидено во Законот за издвојување дел од приходите од сојузен данок на промет и од царини во корист на сметката на федерацијата за инвестиции во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/67, 5/69 и 22/70);

2) во износ од 208,000.000 динари — од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1971 година, за амортизација на обврзниците емитирани во 1970 година според членот 9 од Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/70 и 47/70);

3) во износ од 320,000 000 динари — со емитирање обврзници на федерацијата во смисла на одредбата на членот 3 од Законот за остварување и користење на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71);

4) во износ од 193,000.000 динари — од средствата на републиките и автономните покраини, на начин што ќе го определат тие.

Средствата за извршување на обврските од точката 4 на ставот 1 од овој член ќе ги обезбедат републиките и автономните покраини во сразмер со искористените износи по кредитите од членот 1 на овој закон дадени за изградба на објект што се наоѓа на нивната територија.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**352.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ДЕЛ НА ПРИХОДОТ ОД СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРЕРАБОТКИ ОД ТУТУН ЗА СТИМУЛИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА СУРОВ ТУТУН

Се прогласува Законот за издвојување дел на приходот од сојузниот данок на промет на преработки од тутун за стимулирање и унапредување на производството на суров тутун, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1043
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател
на Сојузната
скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ДЕЛ НА ПРИХОДОТ ОД СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРЕРАБОТКИ ОД ТУТУН ЗА СТИМУЛИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА СУРОВ ТУТУН

Член 1

Од наплатениот сојузен данок на промет на преработки од тутун ќе се уплатуваат 13,4% непосредно во корист на Фондот за деловна сигурност на производството и извозот на тутун и тутунски преработки (во натамошниот текст: Фондот), што го основаа работните организации на тутунското стопанство, во согласност со членот 54 на Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67 и 15/71).

Член 2

Средствата уплатени според членот 1 на овој закон, Фондот ќе ги користи за стимулирање и унапредување на производството на суров тутун со исплатување на тутунопроизводителите премија во просек од 8,05 динари за 1 kg откупен тутун.

Износот на премиите според типовите и класите на тутунот, како и условите под кои се одобрува премијата, ги утврдува Фондот, во согласност со Сојузниот извршен совет.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за издвојување дел на приходот од сојузниот данок на промет на преработки од тутун за стимулирање и унапредување на производството на суров тутун („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/70).

Член 4

Овој закон влегува во сила на 1 јули 1971 година.

---

**353.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТ НА СТОКИ И УСЛУГИ СО СТРАНСТВО

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за прометот на стоки и услуги со странство, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1034
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател
на Сојузната
скупштина,
**Маријан Брецељ, с. р.**

# ЗАКОН

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ СО СТРАНСТВО

Член 1

Во Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67 и 15/71) по членот 53 се додава нов член 53а, кој гласи:

„Ако со договор со странска фирма или со меѓународна спогодба односно со друг меѓународен договор е предвидено дека стоките што се извезуваат треба да ги следат определени уверенија односно определени заверени исправи, тие уверенија односно тие исправи на домашна стопанска организација, на нејзино барање, ќе ѝ ги издаде односно завери Сојузната стопанска комора, а по нејзино овластување и други стопански комори, ако за тоа со важечки пропис не е определен државен орган или друга организација.

Поблиски прописи за издавање на уверенијата и за заверување на исправите што ги следат стоките при извозот, како и за тоа што се смета како стока од југословенско потекло донесува Сојузниот извршен совет. Со тие прописи Сојузната стопанска комора може да се овласти таа да го определи начинот на издавањето и формите на тие уверенија и начинот на заверувањето на тие исправи.

Со прописите од ставот 2 на овој член може да се предвиди одделен вид уверенија да издава определен царински орган."

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**354.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО НАГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со наголемено траење, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 30 јуни 1971 година.

ПР бр. 1041
30 јуни 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Потпретседател
на Сојузната
скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО НАГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ

Член 1

Во Законот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со наголемено траење („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/68 и 20/69) во членот 2 во одделот I по точката 6 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„7) Работните места на работници кои непосредно работат на дупчење мински дупки на површински откопи (дупчачи и помошници на дупчачи).

8) Работните места на возачи на тешки возила носивост над 20 тона, на површински откопи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 7 и 8 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Во одделот II по пододделот 3 се додава нов пододдел 4, кој гласи:

**„4. Работни места во поцинкувалници**

Работните места на работници кои непосредно работат на поцинкување и лужење на жица, цевки и лим.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Досегашниот пододдел 4 станува пододдел 5.

По досегашниот пододдел 5, кој станува пододдел 6, се додава нов пододдел 7, кој гласи:

**7 Работни места на одржување постројки**

Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско и електроодржување на постројки во железарници.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци."

Во одделот IV пододделот 2 се менува и гласи:

**„2. Работни места на дробење руди**

1) Работните места на работници кои непосредно работат на секундарно и терцијарно дробење на руди на обоени метали и на кварцна руда (дробилничари, точачи на руда, работници на сеење руда и послуга на транспортни ленти во дробилки).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

2) Работните места на работници кои работат на примарно дробење на руди на обоени метали кај отворени дробилки.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на одржување машини и уреди во дробилници и работните места на надзорно-техничкиот персонал кој непосредно работи во дробилници на секундарно и терцијарно дробење на руди на обоени метали и на кварцна руда.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 2 и 3 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Во пододделот 3 во точката 1 по ставот 1 се додава нова точка 2, која гласи:

„Работните места на работници кои непосредно работат на шаржирање на концентрати и на испуштање на пржинец во пржалници на бакар."

Во ставот 2 на точката 1, кој станува став 2 на точката 2, зборовите: „под 1" се заменуваат со зборовите: „под 1 и 2".

Во досегашната точка 2, која станува точка 3, по ставот 1 се додаваат девет нови точки, кои гласат:

„4) Работните места на работници кои непосредно работат како пржители во контрола на процесот на пржење во пржалници на бакар.

5) Работните места на работници кои непосредно работат на чистење на бренери кај пламена печка.

6) Работните места на работници кои непосредно работат на отпрашување на котел кај пламена печка.

7) Работните места на работници кои непосредно работат на уфрлање на кварц во конвертор.

8) Работните места на работници кои непосредно работат на точење руда во тунел на WJ-печка.

9) Работните места на работници кои непосредно работат на топење на обоени метали.

10) Работните места на работници кои непосредно работат на преработка на анодна тиња при добивање на благородни метали.

11) Работните места на работници кои непосредно работат на подготвување на вар и реагенати и во флотација и цијанизација.

12) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско одржување на WJ-печки, на пламени печки и на пржалници, на машинско и електроодржување на кранови што служат за шаржирање на конвертори и пламени печки."

Во ставот 2 на новата точка 3, кој станува став 2 на точката 12, зборовите: „под 2" се заменуваат со зборовите: „под 3 до 12".

По ставот 1 на досегашната точка 3, која станува точка 13, се додаваат седум нови точки, кои гласат:

„14) Работните места на работници кои непосредно работат на отпрашување на електрофилтери.

15) Работните места на работници кои непосредно работат на сушење и мелење на материјали за топење на обоени метали.

16) Работните места на работници кои непосредно работат на електролитичка рафинација на бакар (електролизери).

17) Работните места на работници кои непосредно работат кај печки за топење во леарница на бронза (топилничари).

18) Работните места на работници кои непосредно работат на одржување на електромашински уреди: во леарница на бакарни легури, при добивање на благородни метали и во хала на електролиза.

19) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско одржување на конвертори или на електроодржување на сите металуршки уреди во топилница.

20) Работните места на управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари, кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат непосредно на работа во топилница."

Во ставот 2 на новата точка 13, кој станува став 2 на точката 20, зборовите: „под 3" се заменуваат со зборовите: „под 13 до 20".

Во пододделот 4 во точката 1 по ставот 1 се додава нова точка 2, која гласи:

„2) Работните места на работници кои непосредно работат во пржалница на олово."

Во ставот 2 на точката 1, кој станува став 2 на точката 2, зборовите: „под 1" се заменуваат со зборовите: „под 1 и 2".

Досегашните точ. 2 до 4 стануваат точ. 3 до 5.

Во досегашната точка 5, која станува точка 6, по ставот 1 се додаваат три нови точки, кои гласат:

„7) Работните места на работници кои непосредно работат на дробење на суровини за шахтни печки и на агломерати за агломерирачко пржење на оловни концентрати (ракувач на дробилка, дробилкар и чистач на транспортни ленти).

8) Работните места на работници кои непосредно работат на подготвување на флотациски реагенати.

9) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на електромашинско одржување на шахтни печки, на пржалница, на постројка за филтрација на гасови, на рафинација на олово, на постројка во процесот на хлорирање, на пламени печки, на електролиза на сребро и на одружавање на кранови во хали за добивање олово."

Во ставот 2 на новата точка 6, кој станува став 2 на новата точка 9, зборовите: „под 2, 3, 4 и 5" се заменуваат со зборовите: „под 3 до 9".

Во досегашната точка 6, која станува точка 10, по ставот 1 се додава нова точка 11, која гласи:

„11) Работните места на управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината непосредно поминуваат на работа во топилница и во рафинерија на олово."

Во ставот 2 на новата точка 10, кој станува став 2 на новата точка 11, зборовите: „под 6" се заменуваат со зборовите: „под 10 и 11".

Во пододделот 6 во точката 3 по ставот 1 се додаваат пет нови точки, кои гласат:

„4) Работните места на работници кои непосредно работат во пржалница на цинк.

5) Работните места на работници кои постојано работат на помошни работи на дестилациони печки (работи во долниот строј на дестилациона печка и работи на собирање шлака).

6) Работните места на работници кои непосредно работат на мелење на суровини за изработка на реторти за дестилациони печки на дестилација на цинк.

7) Работните места на работници кои непосредно работат на дробење, мелење и сеење на шлака во топилница на електролиза на цинк.

8) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско и електроодржување на постројки во производството на цинк."

Во ставот 2 на точката 3, кој станува став 2 на новата точка 8, зборовите: „под 2 и 3" се заменуваат со зборовите:: „под 2 до 8".

По новата точка 8 се додаваат пет нови точки, кои гласат:

„9) Работните места на работници кои непосредно работат на електролитичко добивање на цинк (работници на извадување на цинк, на чистење на келии и на контрола на келии).

10) Работните места на работници кои непосредно работат на печки за дробење на аноден цинк (работници на леење и на обработка на шлака).

11) Работните места на работници кои непосредно работат на одржување на полиестер-маса во електролиза на цинк

12) Работните места на работници кои непосредно работат на топење на кадмиум.

13) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на работи на технички надзор во производството на цинк (управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 9 до 13 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Во пододделот 7, во точката 3 по ставот 1 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) Работните места на работници кои непосредно работат на опслужување на механички филтери и на гасни цевки во топилница на антимон."

Во ставот 2 на точката 3, кој станува став 2 на новата точка 4, зборовите: „под 1, 2 и 3" се заменуваат со зборовите: „под 1 до 4".

Во досегашната точка 4, која станува точка 5, по ставот 1 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„6) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско и електроодржување на постројки и уреди во топилница на антимон.

7) Работните места на управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината непосредно поминуваат во топилница на антимон."

Во ставот 2 на новата точка 5, кој станува став 2 на новата точка 7, зборовите: „под 4" се заменуваат со зборовите: „под 5 до 7".

Во пододделот 8 во точката 9 по ставот 1 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„10) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на одржување на постројка во топилница на жива.

11) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на работи на технички надзор во производството на жива (управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари)."

Во ставот 2 на точката 9, кој станува став 2 на новата точка 11, зборовите: „под 7, 8 и 9" се заменуваат со зборовите: „под 7 до 11".

По одделот V се додаваат три нови оддели, кои гласат:

„VI. НА ЕЛЕКТРО И АВТОГЕНО ВАРЕЊЕ

Работните места на работници кои непосредно работат на микрозаварување, како и на електро и автогено варење во жешки погони во црната и обоената металургија и во леарници.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

VII. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА АКУМУЛАТОРИ

**1. Во производството на оловни акумулатори**

1) Работните места на работници кои непосредно работат на мелење и мешање на оловни оксиди.

2) Работните места на работници кои непосредно работат на сушење на оловни плочи и електроди.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на формирање на оловни плочи.

4) Работните места на работници кои непосредно работат на обработка на оловни електроди.

5) Работните места на работници кои непосредно работат на монтажа на акумулатори и на акумулаторски батерии.

6) Работните места на работници кои непосредно работат на леење на оловни елементи за акумулатори.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 6 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

7) Работните места на работници кои непосредно работат на мачкање на оловни плочи.

8) Работните места на работници кои непосредно работат на складирање на оловни електроди.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 7 и 8 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

**2. Во производството на никел-кадмиумски алкални акумулатори**

1) Работните места на работници кои непосредно работат на производство и обработка на негативна кадмиумска маса.

2) Работните места на работници кои непосредно работат на механичка изработка на електроди.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на производство и обработка на позитивна никлена маса.

4) Работните места на работници кои непосредно работат на брикетирање на маси и на пакување брикети во мрежички.

5) Работните места на работници кои непосредно работат на монтажа на електроди.

6) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на одржување на машини при механичка изработка на електроди (реглери).

7) Работните места на началници на одделение, работоводители, партиводители и техничари кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат непосредно на работа на механичка изработка на електроди.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 до 7 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

VIII. ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА

1) Работните места на работници кои работат како машински слагачи на линотип, слагачи на букви на телетипстер и рачни слагачи на букви (типографи).

2) Работните места на работници кои работат како леари на букви на монотип, леари на монотип-супри, леари на безличен материјал (леари на штегови и прореди) и помошници во леарница на букви.

3) Работните места на работници кои работат како леари на олово.

4) Работните места на работници кои работат како стереотипери на оловни плочи и помошници во стереотипија.

5) Работните места на работници кои работат како бакроецери, ецери на клишеа (цинкографи) и помошници во работилница на клишеа.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 5 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Досегашниот оддел VI станува оддел IX.

По досегашниот оддел VII, кој станува оддел X, се додава нов оддел, кој гласи:

„XI. ВО ВОЕНИТЕ РЕМОНТНИ ЗАВОДИ

Работните места на работници кои во кабина работат на пескарење на делови на основни технички средства.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци."

Досегашниот оддел VIII станува оддел XII.

По досегашниот оддел IX, кој станува оддел XIII, се додава нов оддел, кој гласи:

„XIV. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ОГНООТПОРЕН МАТЕРИЈАЛ

1) Работните места на формери на пневматички чекани во производството на специјални фазонски шамотни тули што не е можно да се произведуваат на преси.

2) Работните места на празначи на печки.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Во досегашниот оддел X, кој станува оддел XV, во ставот 1 на почетокот се става ознака: „1)", а по тој став се додаваат пет нови точки, кои гласат:

„2) Работните места на кристалобрусачи — гравери и брусачи за конусно брусење.

3) Работните места на ракувачи на машини во машинско производство на стакло (стројостаклари).

4) Работните места на работници кои непосредно работат на влечна подготовка и на уфрлање смеса во стакларска печка.

5) Работните места на дувачи на стакло во производството на индустриски апаратури, стаклени апарати и инструменти, топломери и др.

6) Работните места на работници кои во производството на топломери работат на мерење со жива и на полнење и исфрлање на жива од топломери."

Во ставот 2 на точката 1, кој станува став 2 на точката 6, зборовите: „на овие работни места" се заменуваат со зборовите: „на работните места под 1 до 6".

По новата точка 6 се додаваат четири нови точки, кои гласат:

„7) Работните места на работници кои работат на брусење на стаклени апарати.

8) Работните места на работници кои работат со бои на стакло (стаклосликари).

9) Работните места на работници кои работат на градуирање на стаклени производи (стаклоградуери).

10) Работните места на работници кои работат на леење на жива при баждарење на лабораториски инструменти.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 7 до 10 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Во досегашниот оддел XI, кој станува оддел XVI, се додаваат две нови точки, кои гласат:

„1) Работните места на работници кои работат на спојување на елементи во секции и на спојување на секции во конструкција на бродски труп (бродомонтери).

2) Работните места на работници кои работат на монтирање на скелиња на бродови (бродоскелари).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци."

Досегашната точка 1 станува точка 3.

Во досегашната точка 2, која станува точка 4, по ставот 1 се додаваат пет нови точки, кои гласат:

„5) Работните места на работници кои работат на обработување и спојување на метални бродски елементи со пневматски алати.

6) Работните места на работници кои работат на изработка, монтирање и испитување на цевоводи, котли и разладни уреди на бродови (бродоцевари и бродокотлари).

7) Работните места на работници кои работат на гасно режење и рамнење на бродски елементи (гасни режачи).

8) Работните места на работници кои работат на изолирање на бродски елементи (бродоизолатери).

9) Работните места на работници кои работат на премачкување на бродски елементи (бродовапсувачи)."

Во ставот 2 на новата точка 4, кој станува став 2 на новата точка 9, зборовите: „под 1 и 2" се заменуваат со зборовите: „под 3 до 9".

По досегашниот оддел XII, кој станува оддел XVII, се додаваат три нови оддели, кои гласат:

„XVIII. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА НАФТА

1) Работните места на водач на смена на дупчење и на помошник-водач на смена на дупчење.

2) Работните места на клинари на дупчење и на клинари на ремонт.

3) Работните места на торњаши на дупчење и на торњаши на ремонт.

4) Работните места на мотористи на дупчење.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 4 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

XIX. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА ВРЗ БАЗА НА ФОСФОР

1) Работните места на работници кои непосредно работат на мелење и дробење на суровини и на готови производи (ракувачи и помошници на ракувачи на мелница и ракувачи на дробилка).

2) Работните места на работници кои непосредно работат на преработка на суров фосфор кај реактор (ракувачи и помошници на ракувачи на реактор и ракувачи на транспортер под реактор).

3) Работните места на работници кои непосредно работат на апсорпција и на преработка на флуорни гасови (ракувачи на апсорбери и работници на одржување на гасен канал и на вентилатор за апсорпција, ракувачи и помошници на ракувачи на уреди за производство на натриум и калиум силикофлуориди).

4) Работните места на работници кои непосредно работат како ракувачи на вибрациони сита.

5) Работните места на работници кои непосредно работат на полнење на бункери и на послужување, одржување и чистење на транспортни ленти во затворени канали и галерии (ракувачи на транспортни ленти).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 5 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

6) Работните места на работници кои кај гранулатор непосредно работат на подготовка и дозирање на суровини за гранулаторот (ракувачи и помошници на ракувачи на гранулатори, ракувачи на уреди за дозирање, работници на подготовка на томасово брашно и суровина и ракувачи на прифатен бункер за суровини).

7) Работните места на работници кои непосредно работат на пакување на суров фосфат.

8) Работните места на работници кои непосредно работат на уреди за мерење и на пакување на готови производи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 6 до 8 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

9) Работните места на работници кои непосредно работат како ракувачи на печки, сушници и ладилници.

10) Работните места на работници кои непосредно работат на рачно подготвување на суровини за преработка и на готови производи за пакување.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 9 и 10 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XX. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЛАК-ЖИЦА

Работните места на работници кои непосредно работат на лакирање на лак-жица (лакирери).

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Називот на досегашниот оддел XIII, кој станува оддел XXI, се менува и гласи:

## „XXI. НА РАБОТИ СО ЕКСПЛОЗИВИ И СО ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ"

Досегашниот оддел XIV станува оддел XXII.

По досегашниот оддел XV, кој станува оддел XXIII, се додава нов оддел, кој гласи:

## „XXIV. ВО ГЕОЛОШКИ И РУДАРСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Работните места на дупчачи за истражно дупчење, дупчачи-инјектирци и торкетирци.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци."

По досегашниот оддел XVI, кој станува оддел XXV, се додава нов оддел, кој гласи:

## „XXVI. НА РАБОТИ НА НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ

Работните места на работници кои во тунели и во комори на ладилници работат на ниски температури.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Досегашниот оддел XVII станува оддел XXVII.

Во досегашниот оддел XVIII кој станува оддел XXVIII, пододделот 1 се менува и гласи:

**„1. Работни места во железничкиот сообраќај**

1) Работните места на машинисти на парни локомотиви, на дизел-локомотиви и на електрични локомотиви.

2) Работните места на огнари на парни локомотиви.

3) Работните места на ракувачи на маневра и маневристи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 3 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

4) Работните места на помошници-машинисти.

5) Работните места на машинисти на маневра.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 4 и 5 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

6) Работните места на кочничари.

7) Работните места на скретничари на станици низ кои минуваат 30 возови во една турнусна смена просечно во текот на годината.

8) Работните места на отправници на возови на станици низ кои минуваат 30 возови во една турнусна смена просечно во текот на годината.

Секои 12 месеци поминати на работните места од 6 до 8 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Во пододделот 2 во точката 4 став 1 зборовите: „на долга и голема крајбрежна пловидба" се заменуваат со зборовите: „на долга, голема и мала крајбрежна пловидба".

По пододделот 4 се додава нов пододдел 5, кој гласи:

**„5. Работни места во лучкиот транспорт**

Работните места на лучко-транспортни работници кои непосредно физички (рачно, немеханизирано) работат на претовар на стоки во луки.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

По новиот оддел XXVIII се додава нов оддел, кој гласи:

## „XXIX. ВО КОМУНАЛНАТА ДЕЈНОСТ

1) Работните места на професионални пожарникари на оперативни должности во противпожарни единици што ги основаат општествено-политички заедници во местата што со своја одлука ќе ги утврди заедницата на пензиското и инвалидското осигурување.

2) Работните места на работници кои во канализација непосредно работат на чистење, одржување и поправање на канали и на собирни базени, како и на ракување, одржување и поправање на црпни (фекални) станици и на други уреди за собирање, транспортирање, преработување и евакуирање на каналска содржина.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци."

Досегашните оддели XIX и XX стануваат оддели XXX и XXXI.

Член 2

Во членот 3 по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

„3) Работните места на игроорци во постојан работен однос во професионални ансамбли на народни игри кои имаат во просек најмалку 50 настапи годишно.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци."

Член 3

Органот надлежен за следење на спроведувањето на прописите за сметање на стажот на осигурување со наголемено траење до 31 декември 1973 година ќе предложи ревизија на сите работни места опфатени со Законот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со наголемено траење. Со таа ревизија ќе се утврди на кои работни места и во кои рокови престанува сметање на стажот на осигурување со наголемено траење, како и на кои работни места и во кои рокови ќе се воведат определени заштитни

мерки (скратување на работното време, повремена замена на работници, временско ограничување на работата на определени работни места и сл. како предуслов за сметање на стажот на осигурување со наголемено траење.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**355.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, во врска со членот 7 став 4 од Законот за извршување на сојузниот буџет за 1971 година, Сојузната скупштина, по претходно прибавеното мислење на Сојузниот извршен совет, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕТСМЕТКИТЕ НА ПРИХОДИТЕ И НА РАСПОРЕДИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ПОСЕБНИТЕ СМЕТКИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА, СОЈУЗНИТЕ СОВЕТИ И СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 1971 ГОДИНА

1. Се одобруваат претсметките на приходите и распоредите на приходите на посебните сметки на сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации за 1971 година, и тоа:

1) претсметката на посебната сметка на Сојузниот совет за здравство и социјална политика — со вкупно планирани приходи од 1,916.230 динари, со вкупно распоредени приходи од 1,067 074,80 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 849,155.20 динари;

2) претсметката на посебната сметка на Сојузната управа за царини — со вкупно планирани приходи од 85,053.682 динари, со вкупно распредени приходи од 60,055.682 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 25,000.000 динари;

3) претсметката на посебната сметка на Сојузната управа за радиоврски за работи на Службата за контролно радио-мерење — со вкупно планирани приходи од 350.000 динари, со вкупно распоредени приходи од 213.000 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 137.000 динари;

4) претсметката на посебната сметка на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба — со вкупно планирани приходи од 33,000.000 динари и со вкупно распроедени приходи од 33,000.000 динари;

5) претсметката на посебната сметка на Сојузната геодетска управа — со вкупно планирани приходи од 3,000.000 динари и со вкупно распоредени приходи од 3,000.000 динари;

6) претсметката на посебната сметка на Сојузниот завод за патенти — со вкупно планирани приходи од 1,471.584,95 динари и со вкупно распоредени приходи од 1,471.584,95 динари;

7) претсметката на посебната сметка на Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали — со вкупно планирани приходи од 12,586 400 динари и со вкупно расопредени приходи од 12,586.400 динари;

8) претсметката на посебната сметка на Сојузната комисија за преглед на филмови — со вкупно планирани приходи од 483 000 динари, со вкупно распоредени приходи од 252 404 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 230.596 динари;

9) претсметката на посебната сметка на Дирекцијата на Југословенската слободна зона во Солун — со вкупно планирани приходи од 1,411.908, 15 динари и со вкупно распоредени приходи од 1,411.908,15 динари.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 454
30 јуни 1971 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател
на Соборот
на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**356.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народните од 18 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА ОПРЕМАТА НА ОРГАНИТЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ НАДЛЕЖНИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ГРАНИЦАТА НА МОРЕ, ПО РЕКИТЕ И ЕЗЕРАТА

1. За финансирање на набавките на опрема за модернизација на органите на внатрешните работи надлежни за обезбедување на границата на море, по реките и езерата, во 1971 и 1972 година се обезбедуваат средства во износ од 60,336.200 динари, од што 57,436.200 динари во девизи.

Од вкупниот износ на средствата од ставот 1 на оваа точка федерацијата обезбедува износ од 30,168.100 динари, од што 28,718.100 динари во девизи, без обврска за враќање.

Средствата од ставот 2 на оваа точка федерацијата ќе ги обезбеди ако за целите од ставот 1 на оваа точка републиките обезбедат, и тоа:

— Социјалистичка Република Македонија 168 000 динари, од што 168 000 динари во девизи;

— Социјалистичка Република Словенија 1,378.800 динари, од што 28.800 динари во девизи;

— Социјалистичка Република Србија 370.800 динари од што 370.800 динари во девизи;

— Социјалистичка Република Хрватска 22,781.200 динари, од што 22,681.200 динари во девизи;

— Социјалистичка Република Црна Гора 5,469.300 динари, од што 5,469.300 динари во девизи.

2 Опремата чија набавка се финансира според одредбите од оваа одлука опфаќа:

1) пловни објекти за вршење на потребната дејност (патролни чамци и глисери);

2) современи технички средства за врска;

3) современи технички средства за навигација и набљудување;

4) современо вооружување.

Средствата од точката 1 на оваа одлука се користат и за обука и стручно оспособување на кадрите.

3. Средствата од точката 1 на оваа одлука федерацијата ги обезбедува во сојузниот буџет, и тоа:

1) за 1971 година — 13,546 600 динари, од што 12,606.600 динари во девизи;

2) за 1972 година 16,621.500 динари, од што 16,111.500 динари во девизи.

Средствата на федерацијата од ставот 1 на оваа точка во 1971 и 1972 година можат да се користат до износот што за одделна година ќе го обезбедат републиките.

4. Ако средствата од точката 1 на оваа одлука, што се обезбедуваат во сојузниот буџет, во одделна година не бидат потрошени во целост се пренесуваат за истите намени во наредната година.

5. Сојузниот секретаријат за внатрешни работи секоја година до крајот на март ѝ поднесува на Сојузната скупштина извештај за потрошокот на средствата од точката 1 на оваа одлука.

6. Набавката на опремата од точката 2 на оваа одлука ќе се изврши до 31 декември 1972 година.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 423
30 јуни 1971 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**357.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, во врска со членот 3 став 1 од Законот за извршување на сојузниот буџет за 1971 година, Сојузната скупштина, на предлог од Сојузниот секретаријат за стопанство, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОГРАМАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСТВОТО

1. Средствата за унапредување на водостопанството, предвидени во разделот 13, позиција 214, распоредна група 16-2-21 на сојузниот буџет за 1971 година, можат да се користат до износот од 3,727 350 динари за намените од Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1971 година за унапредување на водостопанството (во понатамошниот текст: Програмата), која е составен дел на оваа одлука а во извод е отпечатена кон таа одлука.

2. Сојузниот секретаријат за стопанство, како носител на средствата од точката 1 на таа одлука, ќе договора извршување на задачите од позицијата 1—4 на Програмата со непосредните извршувачи.

3. Конечно пресметување на извршените задачи според точката 2 на оваа одлука, по извршената работа, врши носителот на средствата односно организацијата што тој ќе ја овласти.

4. Сојузниот секретаријат за стопанство врши надзор над извршувањето на Програмата и над употребата на средствата предвидени со Програмата.

5 Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 448
30 јуни 1971 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

## ПРОГРАМА

### ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСТВОТО

Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1971 година за унапредување на водостопанството содржи продолжение на порано започнатите задачи по обврските од Основниот закон за водите и обработка на актуелните економско-технички проблеми значајни за федерацијата, со цел за согледување на современите достигања во водостопанството и за неговата модернизација заради што поуспешно вклопување на водостопанските организации во стопанскиот систем на земјата. Еден дел од средствата е предвиден за изработка на техничка документација за процена на штетите што ќе настанат на територијата на САП Косово и на Скадарското Езеро поради влијанието на акумулацијата на хидроелектраната „Кукс" (што ја гради НР Албанија).

Средствата предвидени со Програмата се распоредуваат по следните позиции:

| Позиција | Вид работи | Средства во динари |
|---|---|---|
| 1. | Задачи по обврските од Основниот закон за водите | 700.000 |
| 2 | Обработка на актуелните економско-технички проблеми од интерес за федерацијата со цел за унапредување на водостопанството | 1,267 000 |
| 3. | Довршување на изработката на Водостопанска основа на Југославија I дел — сегашна состојба | 1,000 000 |
| 4. | Изработка на техничка документација за влијанието на албанската акумулација на ХЕ „Кукс" врз територијата на СФРЈ | 700 000 |
| 5. | Нераспоредени средства | 60 350 |
| | Вкупно: | 3,727.350 |

**358.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, во врска со членот 3 став 1 од Законот за извршување на сојузниот буџет за 1971 година, Сојузната скупштина, на предлог од Сојузниот геолошки завод, на седницата на Соборот на народите од 18 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ПРОГРАМАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА ЗА ГЕОЛОШКО-РУДАРСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ

1. Средствата за геолошко-рударски истражувачки работи, предвидени во разделот 30, позиција 410, подгрупа 16—2 на сојузниот буџет за 1971 година, можат да се користат до износот од 24,502.500 динари за намени од Програмата за употреба на [illegible] 971 година за геолошко-рударски истражувачки работи (во понатамошниот текст: Програмата), која е отпечатена кон оваа одлука и претставува нејзин составен дел.

2. Средствата од точката 1 на оваа одлука можат да се користат за оние истражувачки работи за кои е обезбедено учество на заинтересираните органи, установи и организации, во височината што одговара на односите утврдени во Програмата.

3. Средствата на резервата од Програмата Сојузниот геолошки завод може да ги користи за недоволно предвидените потреби во Програмата и за непредвидените потреби во Програмата до колку со тоа не се создаваат повеќегодишни обврски.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 422
30 јуни 1971 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

# ПРОГРАМА

## ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА ЗА ГЕОЛОШКО-РУДАРСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ

Во 1971 година федерацијата ќе учествува во финансирањето на геолошките истражувања од општ општествен интерес (регионални геолошки истражувања) што имаат за цел разјаснување на општогеолошките, хидрогеолошките, инженерско-геолошките и геофизичките особини на Земјината кора во Југославија, како и утврдување на минералогените особини на одделни подрачја и нивната потенцијалност во минерални суровини.

Со оваа програма се обезбедуваат средства за продолжување на истражувачките работи на подрачјата (просторите) на кои веќе се започнати истражувања.

Вкупните средства по оваа програма се утврдуваат на 46,056.000 динари, од кои федерацијата обезбедува 24,502.500 динари (53,2%), додека другите интересенти (општествено-политички заедници, стопански и други организации) треба да обезбедат 21,553.500 динари (46,8%).

Средствата по оваа програма се распоредуваат на следните видови геолошки истражувања:

(во илјади динари)

| Видови на геолошки истражувања | Предвидена вредност на работите | Учесници во финансирањето | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | федерацијата | | други | |
| | | износ | удел % | износ | удел % |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. Геолошки карти | 13.924,0 | 6.962,0 | 50,0 | 6 962,0 | 50,0 |
| 2. Регионални хидрогеолошки истражувања | 3.900,0 | 1 950,0 | 50,0 | 1.950,0 | 50,0 |
| 3. Регионални инженерско-геолошки истражувања | 1.178,0 | 589,0 | 50,0 | 589,0 | 50,0 |
| 4. Регионални геофизички истражувања | 1 196,0 | 598,0 | 50,0 | 598,0 | 50,0 |
| 5. Регионални истражувања на минералогените подрачја | 22.500,0 | 11.250,0 | 50,0 | 11.250,0 | 50,0 |
| 6. Печатење на карти, изработка и печатење на упатства, изработка на студии и анализи | 2.949,0 | 2.949,0 | 100,0 | — | — |
| 7. Средства на резервата | 409.0 | 204,5 | 50 0 | 204.5 | 50,0 |
| Вкупно: | 46 056,0 | 24 502,5 | 53,2 | 21.553,5 | 46.8 |

Средствата на резервата ќе се користат за евентуални зголемувања на средствата распоредени на одделни видови истражувања, до кои би можело да дојде при договарањето на работите, како и за дополнителен распоред на оние објекти на истражувањата каде што резултатите добиени во текот на изведувањето на работите ќе бараат проширување на предвидениот обем или измена на предвидената структура на работите, односно за финансирање на неопходните работи што не се предвидени со оваа програма.

**359.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 30 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1971 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА КОСОВО

1. Средствата предвидени во Сојузниот буџет за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/71), во разделот 23, позиција 346. за финансирање на спроведувањето на задолжителните видови здравствена заштита во недоволно развиените републики и покраини во износ од 100,000.000 динари, се распоредуваат, и тоа на:

| | Динари |
|---|---|
| 1) Социјалистичка Република Босна и Херцеговина | 47,420.000 |
| 2) Социјалистичка Република Македонија | 17,910.000 |
| 3) Социјалистичка Република Црна Гора | 6,920.000 |
| 4) Социјалистичка Автономна Покраина Косово | 27,750.000 |

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 460
30 јуни 1971 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,

**Маријан Брецељ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,

**Радомир Коматина**, с. р

Претседател
на Соборот на народите,

**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**360.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 18 јуни 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 30 јуни 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ОД РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НАСТАНАТИ ВО ВРСКА СО СПРЕЧУВАЊЕТО НА ВНЕСУВАЊЕТО КОЛЕРА ВО ЈУГОСЛАВИЈА

1. Од средствата на резервниот фонд на федерацијата, кои се формираат според членот 95 на Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/64, 28/66, 1/67, 54/67, 30/68, 56/69, 32/70, 60/70 и 15/71) му се доделува, без обврска за враќање, на Сојузниот совет за здравство и социјална политика износот од 6,000.000 динари за намирување на трошоците настанати во врска со спречувањето на внесувањето колера во Југославија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 418
30 јуни 1971 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,

**Маријан Брецељ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,

**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,

**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**361**

Врз основа на членот 53а од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71 и 29/71), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЈА И ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ НА ИСПРАВИ ШТО ГИ СЛЕДАТ СТОКИТЕ ПРИ ИЗВОЗОТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Издавањето на уверенијата и заверувањето на исправите од членот 53а на Законот за прометот на стоки и услуги со странство се вршат на начинот и под условите пропишани со оваа уредба.

Член 2

Како уверенија од членот 1 на оваа уредба се сметаат:

1) уверението за југословенско потекло на стоките;

2) уверението за фактите за кои стопанските комори водат службена евиденција (член 45 ст 1 и 2 од Основниот закон за единствените стопански комори и деловната соработка во стопанството — „Службен лист на ФНРЈ", бр 28/60, 16/61 и 13/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65, 31/67 и 51/68),

3) уверението за виша сила;

4) уверението за потеклото на стоките од трета земја;

5) уверението за стоките што се увезуваат заради извоз (работа на меѓународно трговско посредување),

6) уверението за директна пратка (уверение дека стоките минале преку југословенското царинско подрачје — транзит и дека биле под царински надзор).

Уверението од точката 6 на ставот 1 од овој член го издава царинскиот орган кој, според одредбите на Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/59 и 13/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65, 15/67, 30/68 и 32/70), врши надзор над стоките во транзит.

Сојузната стопанска комора определува кои уверенија од точ. 1 до 5 на ставот 1 од овој член ги издаваат одделни стопански комори.

Член 3

Како заверување на исправите од членот 1 на оваа уредба се смета заверувањето на фактури и други исправи што ги следат стоките при извозот и кое се врши во смисла на членот 45 став 5 од Основниот закон за единствените стопански комори и деловната соработка во стопанството.

## II. ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЈА И ЗАВЕРУВАЊЕ НА ИСПРАВИ

### 1. Уверение за југословенско потекло на стоките

Член 4

Уверението за југословенско потекло на стоките (член 2 став 1 точка 1) се издава на писмено барање од работната организација

Кон барањето од ставот 1 на овој член работната организација е должна да приложи и пополнет образец на уверението за југословенско потекло на стоките.

Член 5

Образецот на писменото барање и образецот на уверението за југословенско потекло на стоките (член 4) се еднообразни за целата територија на Југославија.

Член 6

Како стоки од југословенско потекло, во смисла на оваа уредба, се сметаат стоките што се во потполност произведени во Југославија, и тоа:

1) минералните производи извадени од земјината почва и од морското дно на Југославија;

2) растителните производи обрани во Југославија;

3) живиот добиток оплоден и одгледан во Југославија;

4) производите добиени од живиот добиток од точката 3 на овој член;

5) производите од лов и риболов во Југославија;

6) производите на морското рибарење и други производи на морето што се извадени со југословенски бродови;

7) производите произведени на југословенски бродови-фабрики, исклучително од производите од точката 6 на овој член;

8) употребените артикли, што служат само за регенерација на суровини, собрани во Југославија;

9) отпадоците од индустриското производство во Југославија;

10) стоките произведени во Југославија исклучително од производите наведени во точ. 1 до 9 на овој член.

Член 7

Како стоки од југословенско потекло се сметаат и стоките што се произведени во Југославија од увезени стоки, ако на увезените стоки е извршена измена која суштествено ги менува нивните првобитни својства.

Се смета дека суштествено се изменети првобитните својства на стоките во смисла на ставот 1 од овој член:

1) ако увезените стоки се распоредуваат во еден тарифен број односно став на Царинската тарифа, а новопроизведените стоки — во друг тарифен број односно став на Царинската тарифа; или

2) ако додатната вредност на увезените стоки изнесува најмалку 50% односно оној процент од вкупната вредност на новопроизведените стоки кој е посебно одреден од земјата во која се увезуваат стоките.

При утврдувањето на додатната вредност во смисла на точката 2 од ставот 2 на овој член се зема како основ цената на увезените стоки во однос на цената на новопроизведените стоки — на паритет франко фабрика.

Член 8

Не се смета дека суштествено се изменети првобитните својства на стоките (член 7) ако на стоките се извршени следните работи:

1) пакување и препакување, без оглед каде е произведена амбалажата;

2) делење поголеми количини на помали количини,

3) сортирање, класирање, исплакнување, поделба по пат на сечење, флаширање;

4) етикетирање и обележување;

5) операции заради конзервирање на стоките за транспорт односно за складирање;

6) слагање во групи.

Член 9

По исклучок од одредбите на чл. 6 и 7 од оваа уредба како стоки од југословенско потекло се сметаат и стоките што по барање на странски партнер можат да се третираат како стоки од југословенско потекло при увозот во таа земја.

По исклучок од одредбите на чл 4 и 5 од оваа уредба, уверението за југословенско потекло од ставот 1 на овој член се издава на писмено барање на работната организација, кон кое работната организација е должна да приложи писмена изјава на производителот дека односните стоки се од југословенско потекло.

### 2. Други уверенија

Член 10

Уверенијата од членот 2 став 1 точ. 3 до 5 од оваа уредба се издаваат на писмено барање од работната организација, која кон барањето ги прилага следните исправи:

1) за уверението за виша сила — писмена потврда за случајот на виша сила издадена од надлежниот орган на управата на општината на чија територија настанал случајот на виша сила;

2) за уверението за потеклото на стоките од трета земја — оригинално уверение за потеклото на стоките на земјата на потеклото, издадено од надлежниот орган на таа земја и, по потреба, заверено од југословенското дипломатско или конзуларно претставништво во таа земја;

3) за уверението за стоките што се увезуваат заради извоз (работа на меѓународно трговско посредување) — заверен препис на одобрението издадено за вршење на работата од точката 1 под 1 на Одлуката за начинот и условите за користење девизи остварени со вршење работи на посредување во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66).

Член 11

Уверението за директна пратка на стоките од членот 2 став 2 на оваа уредба го издава влезната царинарница, на барање на странски увозник.

Како директна пратка, во смисла на оваа уредба, се смета превоз на стоките со транзит преку територијата на Југославија, со претовар или со привремено складирање односно без претовар или без привремено складирање, ако стоките остануваат под царински надзор во превозот и не се пуштаат во промет односно не се пуштаат во потрошувачка.

Со стоките од ставот 1 на овој член не можат да се вршат други манипулации освен истовар и натовар, делење на стоките на помали количини или други дејствија што се потребни стоките да се сочуваат од расипување или оштетување.

Член 12

Сојузната стопанска комора, како и стопанските комори овластени во смисла на членот 53а од

Законот за прометот на стоки и услуги со странство (во понатамошниот текст: овластените комори), вршат проверка на точноста на податоците наведени во исправите од чл. 4 и 9 став 2 од оваа уредба.

Сојузната стопанска комора и овластените комори, по потреба, од подносителот на барањето за издавање на уверенијата од чл. 4 и 9 став 2 на оваа уредба можат да бараат дополнителни исправи и да вршат дополнителни проверки на точноста на податоците наведени во тие исправи и преку стручни лица (контролори) овластени од Сојузната стопанска комора односно од овластените комори да вршат увид во финансиската и друга документација и во производството на стоките во работните организации, во врска со издавањето на уверенијата за југословенско потекло на стоките.

Податоците во исправите и другите податоци од ст. 1 и 2 на овој член се сметаат доверливи.

Сојузната стопанска комора, во спогодба со овластените комори, утврдува која најмала стручна подготовка мораат да имаат стручните лица (контролорите) од ставот 2 на овој член.

Член 13

Сојузната стопанска комора, овластените комори и работните организации — подносители на барањето, се должни уверенијата од членот 4, копијата на уверенијата од членот 9 и другите исправи од членот 12 став 2 на оваа уредба да ги чуваат две години од денот на нивното издавање.

Царинскиот орган што врши надзор над стоките во транзит уверението и другите исправи од членот 11 на оваа уредба е должен да ги чува две години од денот на нивното издавање.

Член 14

Уверението од членот 4 на оваа уредба работната организација е должна да го поднесе со царинската декларација при извозот на стоките.

Царинскиот орган, при царинењето на стоките, контролира дали фактичната состојба на стоките им одговара на податоците од уверението поднесено во смисла на ставот 1 од овој член.

Ако царинскиот орган, при царинењето на стоките, утврди дека фактичната состојба на стоките не им одговара на податоците од уверението, царинарницата со решение ќе определи кои исправи и документација извозникот треба да поднесе за односните стоки.

Ако извозникот во рок од 15 дена од денот на правосилното решение од ставот 3 на овој член не ѝ ги поднесе на царинарницата исправите и документацијата наведени во тоа решение, царинарницата ќе го одземе односното уверение и ќе ѝ го достави на овластената комора што го издала.

Член 15

Сојузната стопанска комора, овластените комори и царинските органи што ја организираат царинската контрола во смисла на чл. 12 и 14 од оваа уредба, остварува соодветна соработка со царинските органи на земјата во која се извезуваат стоките што ги следат уверенија издадени во смисла на оваа уредба.

**3. Заверување на исправи**

Член 16

Заверувањето на исправите од членот 3 од оваа уредба се врши врз основа на писмено барање на работната организација, со поднесување на исправите што се заверуваат.

**4. Надоместок за издавање на уверенија и за заверување на исправи**

Член 17

Сојузната стопанска комора и овластените комори од подносителите на барања за издавање на уверенијата односно за заверување на исправите од чл. 4, 9, 10 и 16 на оваа уредба ќе наплатуваат определен износ кој, во смисла на членот 72 став 1 од Основниот закон за единствените стопански комори и деловната соработка во стопанството, се наплатува на име надоместок за услугите што коморите им ги вршат на работните организации.

## III. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Со парична казна од 20.000 до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап работната организација:

1) ако даде неточни податоци во писменото барање, во образецот на уверението или во документацијата во врска со издавањето на уверението (чл. 4, 9 и 10);

2) ако даде неточни податоци во исправата што се заверува (член 16);

3) ако употреби уверение од чл. 4, 9 и 10 на оваа уредба или заверени исправи од членот 16 на оваа уредба, кои не ѝ одговараат на фактичната состојба во поглед на стоките што се извезуваат.

За дејството од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 1.000 до 6.000 динари и одговорното лице во работната организација.

Член 19

Сојузната стопанска комора ќе го определи начинот на издавањето и формите на уверенијата од чл. 4, 9 и 10 на оваа уредба и начинот на заверувањето на исправите од членот 16 на оваа уредба.

Сојузната управа за царини дава упатства за издавање на уверенијата од членот 11 на оваа уредба.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Одредбите на оваа уредба се однесуваат на работите на извозот на стоки што ќе се склучат и ќе ѝ се пријаваат на банката од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Наредбата за издавање и заверување на документите што ги следат стоките при извозот и увозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/52).

Член 22

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 134
23 јуни 1971 година
Белград

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**362.**

Врз основа на членот 20 став 1, во врска со членот 13 став 1 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ЦЕНИТЕ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Уредбата за цените на електричната енергија („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/71) во членот 3 став 3 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „со тоа што да се подразбира дека купувачите и потрошувачите на електрична енергија во 1971 година не можат да го менуваат тарифниот степен што го избрале на почетокот на таа година".

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 136
1 јули 1971 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич,** с. р.

---

**363.**

Врз основа на членот 8 од Законот за извршување на Сојузниот буџет за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/71 и 29/71), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕМИЈА ЗА СУРОВ КОНОП ВО ТРЕТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ НА 1971 ГОДИНА

1. На работните организации што самите или во кооперација произведуваат суров коноп или вршат откуп на суров коноп од индивидуални производители, им се исплатува премија за суров коноп од домашно производство од родот на 1971 година продаден и испорачан од 1 јули до 30 септември 1971 година на работните организации што се занимаваат со преработка на суров коноп или за суров коноп од домашно производство што во тој период самите ќе го преработат.

2. Вкупната количина на суровиот коноп за која се дава премија се определува со програмата на производството, со тоа што таа количина да не може да биде поголема од 200.000 тони.

Програмата на производството од ставот 1 на оваа точка ќе ја утврдат заинтересираните работни организации договорно во соодветните групации на Сојузната стопанска комора во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Програмата на производството од ставот 2 на оваа точка Сојузната стопанска комора ќе им ја достави на Сојузниот секретаријат за стопанство и Службата на општественото книговодство.

3. Работните организации што имаат намера, врз основа на програмата од точката 2 на оваа одлука, самите или во кооперација да произведуваат суров коноп или да вршат откуп на суров коноп од индивидуални производители и да остварат премија според одредбите на оваа одлука, се должни да склучат договори за купопродажба со работните организации што се занимаваат со преработка на коноп и тие договори да ги регистрираат кај Сојузната стопанска комора.

Работните организации што имаат намера, врз основа на програмата од точката 2 став 2 на оваа одлука, да произведуваат суров коноп за сопствена преработка и да остварат премија според одредбите на оваа одлука, се должни да го регистрираат тоа производство и таа преработка кај Сојузната стопанска комора.

Регистрацијата на договорот односно на производството и преработката од ст. 1 и 2 на оваа точка ќе се изврши во понатамошен рок од 30 дена од денот на утврдувањето на програмата на производството.

4. Премијата од точката 1 на оваа одлука за 1 kg суров коноп изнесува:

| | Динари |
|---|---|
| 1) за конопово стебленце I класа | 0.15 |
| 2) за конопово стебленце II класа | 0.13 |
| 3) за конопово стебленце III класа | 0,11 |
| 4) за конопово стебленце IV класа | 0,03 |

5. Премијата може да се исплатува само:

1) за количините на суров коноп што се продадени и испорачани на работните организации што се занимаваат со преработка на коноп врз основа на купопродажен договор кој е регистриран кај Сојузната стопанска комора;

2) за количините на суров коноп што работните организации самите ги преработиле, ако тие количини се регистрирани во Сојузната стопанска комора.

6. Премијата од точката 4 на оваа одлука ќе се исплатува од средствата предвидени во Сојузниот буџет за 1971 година.

7. Одредбите на оваа одлука што се однесуваат на работните организации важат и за самостојните организации на здружениот труд — правни лица во состав на работните организации.

8. Се овластува сојузниот секретар за стопанство, во спогодба со сојузниот секретар за финансии, да донесе поблиски прописи за начинот и постапката за остварување на премијата од оваа одлука, за тоа што се смета како производство на суров коноп во кооперација и како откуп на суров коноп, како и да ја определи документацијата што корисниците на премијата треба да ја поднесат кон барањето за премија.

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 135
23 јуни 1971 годна
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич,** с. р.

---

**364.**

Врз основа на членот 18 точка 21 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМЕНА НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА ЗА СТОКИТЕ ШТО СЕ УВЕЗУВААТ ПОРАДИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ШТО ГИ СНАЈДЕ ТЕРИТОРИИТЕ НА ОПШТИНИТЕ БАЊА ЛУКА, ЧЕЛИНАЦ, ЛАКТАШИ, БОСАНСКА ГРАДИШКА И ПРЊАВОР

1. Во Одлуката за примена на ослободувањето од плаќање царина за стоките што се увезуваат поради отстранување на последиците од земјотресот

што ги снајде териториите на општините Бања Лука, Челинац, Лакташи, Босанска Градишка и Прњавовр („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/69) во точката 2 ст. 1 и 2 зборовите: „до 31 октомври 1970 година" се заменуваат со зборовите: „до 31 декември 1971 година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 137
1 јули 1971 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

**365.**

Врз основа на членот 99 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69, 32/70, 47/70, 53/70, 15/71 и 25/71), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБАТА НА СТОКИ ЗА ДЕВИЗИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ТИЕ ДЕВИЗИ

1. Во Одлуката за продажбата на стоки за девизи во Југославија и за начинот на располагањето со тие девизи („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 20/67, 26/67, 11/68, 26/69, 16/70, 6/71 и 16/71) во точката 6 ставот 3 се менува и гласи:

„Од девизите остварени со продажба на стоките од ставот 1 на оваа точка, од 1 јули до 31 декември 1971 година на производителските организации им се признаваат 50% како наплата по извозот на стоки заради остварување на правата за плаќање на увозот во определен однос спрема остварениот девизен прилив по извозот, без право на пресметување на делот на девизите во смисла на чл. 16 и 17 од Законот за девизното работење."

Ставот 4 се менува и гласи:

„Од 1 јануари 1972 година на производителските организации им се признаваат 25% од девизите остварени со продажба на стоките од ставот 1 на оваа точка."

Ставот 5 се менува и гласи:

„Покрај користењето на девизите според ставот 3 на оваа точка, производителските организации почнувајќи од 1 јули 1971 година можат да задржат и 10% од девизите остварени со продажба на стоките од ставот 1 на оваа точка и да ги користат само за плаќање на увозот на резервни делови за снабдување на сервисите што вршат одржување и поправки на тие стоки."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 138
1 јули 1971 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**366.**

Врз основа на членот 5 во врска со чл. 11 и 19 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО РЕГИСТРИРАЊЕ НА КРЕДИТНИТЕ РАБОТИ СО СТРАНСТВО

1. Работните организации и деловните банки не можат да започнат преговори за склучување на кредитните работи со странство од членот 1 на Законот за кредитните работи со странство ако започнувањето на преговорите претходно не го регистрирале кај Народната банка на Југославија.

2. Договорите за кредитните работи со странство од точката 1 на оваа одлука се регистрираат кај Народната банка на Југославија.

Договорите од ставот 1 на оваа точка што не се регистрирани кај Народната банка на Југославија не произведуваат правно дејство.

3. Одредбите на точ. 1 и 2 од оваа одлука согласно се применуваат и кога се даваат гаранции по кредитни работи со странство односно кога се примаат орочени депозити на странски лица.

4. Народната банка на Југославија може да одбие да изврши регистрирање според точ. 1, 2 и 3 на оваа одлука, ако започнувањето на преговорите односно склучувањето и извршувањето на договорите за кредитни работи со странство не се во согласност со критериумите за склучување и извршување на тие работи што ги утврдува Народната банка на Југославија во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии и со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, или ако започнувањето на преговорите односно склучувањето или извршувањето на договорите би можело да има штетни последици за ликвидноста на Југославија во меѓународните плаќања.

5. Поблиски упатства за примена на оваа одлука дава Народната банка на Југославија.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 139
1 јули 1971 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

**367.**

Врз основа на членот 8 од Законот за издвојување на посебни сметки дел на приходот од придонесот од личниот доход од работен однос, од данокот на промет, од царината и од судските такси во 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/70), сојузниот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО И ИЗДВОЈУВАЊЕТО НА ПОСЕБНИ СМЕТКИ ДЕЛ НА ПРИХОДОТ ОД ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС, ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ, ОД ЦАРИНАТА И ОД СУДСКИТЕ ТАКСИ

1. Во Упатството за начинот на пресметувањето и издвојувањето на посебни сметки дел на при-

ходот од придонесот од личниот доход од работен однос, од данокот на промет, од царината и од судските такси („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/71) во точката 6 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Пресметувањето според ставот 1 од оваа точка за заедниците на образованието и за фондовите на здравственото осигурување, на нивно барање, може да се врши и на тој начин што како основица во 1970 година ќе се зема износот на соодветните дванаесеттини во дадениот пресметковен период од остварените приходи во таа година."

2. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-5495/2
28 јуни 1971 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за финансии,
**Анте Зелић**, с. р.

---

**368.**

Врз основа на членот 52 став 3, во врска со членот 25 од Основниот закон за заштитата при работата („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65 и 28/66), во согласност со Сојузниот совет за здравство и социјална политика, Сојузниот совет за труд пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ОПШТИТЕ МЕРКИ И НОРМАТИВИ НА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТАТА ОД БУКА ВО РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат општите мерки и нормативи за заштитата на лицата при работата од штетното дејствување на буката врз човечкиот организам предизвикана со производни и други работни операции, со работа на орудија за работа и уреди, со механизиран и рачен алат, на работните места во работни простории.

Член 2

Мерењето, анализата и оценувањето на буката се врши според одредбите на овој правилник и според соодветните југословенски стандарди.

Член 3

Општите мерки и нормативи на заштитата при работата од бука, пропишани со овој правилник, ги спроведуваат работните организации што проектираат, произведуваат, поставуваат и користат орудија за работа и уреди, чија работа предизвикува бука, проектантите и изведувачите на технолошкиот процес, како и проектантите и изведувачите на градежни објекти во кои се сместуваат орудија за работа и уреди односно се изведуваат технолошки процеси што предизвикуваат бука.

Член 4

Како штетна бука, во смисла на овој правилник, се подразбира секој звук чие ниво, измерено на определено работно место во работната просторија во dB(A) ги преминува допуштените нивоа на буката пропишани со овој правилник.

Член 5

Како штетно дејствување на буката, во смисла на овој правилник, се подразбира бука која особено попречува разни видови дејности, непосредно спогодување со говор, посредно спогодување со средства на комуникации (телефон, радио), примање на звучни сигнали и го оштетува сетилото на слухот.

### II. ОПШТИ МЕРКИ И НОРМАТИВИ НА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТАТА ОД БУКА

#### 1. Мерење, анализа и оценување на бука

Член 6

Мерењето, анализата и оценувањето на штетното дејствување на буката се врши врз база на полно работно време и во согласност со нормативите на допуштените нивоа на буката пропишани во табелите 1 до 6 што се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Член 7

Штетноста на дејствувањето на буката се оценува со споредување на допуштеното ниво на буката на определено работно место или во определена работна просторија изразено во dB(A), со измереното ниво на буката во dB(A) на тоа работно место или во таа работна просторија.

Член 8

Нивото на буката на работните места во работните простории не смее да ги преминува следните допуштени вредности:

1) за непопречување на разни видови дејности — вредностите од табелата 1;

2) за непопречување на непосредно спогодување со говор — вредностите од табелата 2;

3) за непопречување на посредно спогодување со средства на комуникации (телефон, радио и др.) — вредностите од табелата 3;

4) за непопречување прием на звучни сигнали — нивото на буката мора да биде за 10 dB(A) пониско од нивото на звучниот сигнал кој на определено работно место треба да се чуе;

5) за заштита на слухот од оштетување — 90 dB(A);

6) за допуштено време на излагање на бука, со оглед на нивото на трајањето на буката — вредностите од табелите 5 и 6.

Член 9

На работното место што е изложено на комбинирано влијание од повеќе штетни дејствувања на буката од членот 5 на овој правилник, допуштеното ниво на буката се определува според членот 8 од овој правилник, и тоа посебно за секое неповолно дејствување на буката што се јавува на таквото работно место. Како допуштено ниво на буката на таквото работно место се зема нивото на буката со најниската допуштена вредност.

Член 10

На работното место, на кое со мерењето и со оценувањето од членот 7 на овој правилник ќе се утврди дека буката го преминува допуштеното ниво, се врши октавна анализа на буката. За оценување на штетноста на дејствувањето на буката врз основа на октавната анализа на буката се користат вредностите на N-кривата линија прикажана во табелата 4.

Член 11

Вредноста на N-кривата линија која треба да се користи на работното место од членот 10 на овој правилник мора да биде помала за 5 од бројот на dB(A) утврден според членот 8 односно членот 9 на овој правилник за нивото на допуштената бука на тоа работно место. При оценувањето на штетноста на дејствувањето на буката, се споредуваат вредностите на измерените нивоа на звучниот притисок во одделни октави со допуштените нивоа на звучниот притисок во односните октави.

Член 12

Ако буката на работното место содржи импулси или истакнати тонови или ако нејзиното ниво во текот на работното време се менува, треба да се пресмета вреднуваното ниво на буката.

Вреднувано ниво на бука е ниво на непроменлива бука кое дејствува врз човечкиот организам како испитуваната бука од ставот 1 на овој член.

Член 13

Вреднуваното ниво на буката со импулси или со истакнати тонови се пресметува:

1) со додавање 5 dB(A) на измереното ниво на буката во dB(A) — ако буката содржи импулси.

2) со додавање 5 dB(A) на измереното ниво на буката во dB(A) — ако буката содржи истакнати тонови.

Член 14

Ако нивото на буката во текот на работното време се менува, се мерат сите нивоа на буката што се појавуваат во текот на работното време и се одредува времето на траењето на секое ниво на буката. Врз основа на добиените податоци се пресметува еквивалентната бука според образецот:

$$\frac{q}{lg2} \cdot lg\left(\frac{1}{T} \sum_{i=1}^{i=n} ti\, 10^{\frac{lg2}{q} Li}\right)$$

каде што е: q = параметар на половење;

ti = време на траењето на i-тото ниво на буката;

Li = i-то ниво на буката;

T = време на траењето на вреднуваното ниво на буката.

Вредноста на параметрот q = 3, а во случај на високи и краткотрајни нивоа q = 4.

## 2. Инструменти за мерење, анализа и оценување на бука

Член 15

Буката се мери со прецизен мерач на нивото на звукот (звукомер) чиј филтер мора да им одговара на карактеристиките на филтерот од IEC Публикација 179.

Октавната анализа на буката се врши со помош на октавни филтери приклучени на мерачот на нивото на звукот.

Ако за мерење на буката се користи друга опрема (магнетофон, пишувач на нивоата и др), електроакустичните карактеристики на таквата опрема мораат да ѝ одговараат на IEC Публикација 179.

## 3. Мерни места

Член 16

На работните места во работните простории каде што се појавува бука, нивото на буката се мери и се проверува дали буката на испитуваното работно место го преминува допуштеното ниво на буката определено во согласност со одредбите на чл. 8 и 9 од овој правилник.

Член 17

Ако работникот во текот на работата го менува местото на работата, буката се мери во dB(A) на сите места на кои работникот работи. Врз основа на добиените податоци се пресметува вреднуваното ниво на буката според членот 14 од овој правилник и се проверува дали пресметаното ниво на буката не го преминува допуштеното ниво на буката на работното место на работникот определено во согласност со чл. 8. и 9 од овој правилник.

Член 18

Проверувањето на односот на нивото на буката на звучните сигнали се врши со мерење на нивото на буката и нивото на звучниот сигнал на најоддалечено место од звучниот сигнален уред на кое односниот сигнал мора уште да се чуе.

Член 19

На местата на кои на начинот определен во чл. 16, 17 и 18 од овој правилник ќе се утврди дека буката го преминува допуштеното ниво, се врши октавна анализа според одредбите на чл. 10 и 11 од овој правилник.

Член 20

Ако во просторијата во која се наоѓаат групи истовидни машини буката го преминува допуштеното ниво, октавна анализа на буката се врши на работното место во средината на секоја таква група машини и кај секоја машина чие ниво на буката е за најмалку 3 dB(A) повисоко од буката на соседните машини.

## 4. Услови на мерењето на буката

Член 21

Буката се мери во работните простории при затворени врати и прозорци и при вклучен систем за вентилација односно климатизација. Ако работната просторија често се користи при отворени врати или прозорци, мерењата на буката треба да се повторат и при такви услови.

Член 22

Мерењето на буката во работната просторија се врши при нормална работа на машините и уредите и при нормална работа со алатот.

Ако нивото на буката на определено работно место во работната просторија во текот на работното време се менува за најмалку 3 dB(A), мерењата се повторуваат кај сите режими на работата на машините, уредите, алатот и др. кои се користат на односното работно место.

Член 23

При мерењето на буката на работното место, микрофонот на звукомерот од членот 15 став 1 од овој правилник се поставува на место и во височина на увото на работникот на отстојание 0,20 m од увото. Микрофонот мора да бите насочен спрема изворот на буката. Помеѓу микрофонот и изворот на буката не смее да има пречки.

## 5. Мерки на заштита на орудија за работа и на уреди

Член 24

Орудијата за работа и уредите при чие користење се создава бука мораат да ги исполнуваат акустичките услови од членот 8 на овој правилник.

Орудијата за работа и уредите од ставот 1 на овој член мораат да бидат изработени така што да ја спречуваат буката што настанува поради удирни праволински и ротациони движења на деловите на орудија и уреди при нивната работа и пренесувањето на буката преку конструкцијата врз почвата и другите елементи на работните простории во кои таквите орудија и уреди се наоѓаат.

Ако за исполнување на условите од ставот 1 на овој член е потребно преземање на посебни мерки (придушувачи на бука, еластични подлагања, звуко-апсорпциони штитници, изолациони кабини и др), во документацијата што се прилага кон орудието за работа и уредот мораат да се назначат и тие мерки.

Член 25

За спречување на буката што настанува поради движење на флуидите (воздух, пара, гасови) низ цевки или канали, како и при нивното излегување во слободна атмосфера (мотори со внатрешно согорување, парни машини, компресори, дувалки, вентилатори и др.), се применуваат соодветните мерки на заштита при проектирањето, изведувањето и монтажата на цевоводи (правилно обликување на канали, одвојување на цевоводи од извори на бука и од други елементи на просторијата со влошки од гума и од други материјали што го амортизираат звукот, опремање на краиштата на оддивните цевки со направи за придушување на буката и сл.).

Член 26

За спречување на буката што настанува поради движење на транспортни средства во затворени простории (мосни и други дигалки на шини, железнички вагони, моторни колички, рачни колички и др.) се применуваат соодветните заштитни мерки за намалување на буката (полагање колосеци за дигалки на еластична подлога, спојување шини со заварување, обложување на метални тркала на помошни транспортни колички со гума или со друг еластичен материјал кој го амортизира звукот, асфалтирање на главните сообраќајници во халите и во работилниците ако се од бетон или од друг тврд материјал и др.).

Член 27

До донесувањето на југословенски стандарди за условите на мерењето на буката што ја создаваат машините, податоците за буката на орудијата за работа и уредите се утврдуваат врз основа на мерењата извршени во согласност со ISO Препораката R 495.

**6. Мерки на заштита на објекти со работни простории**

Член 28

Објектите со работни простории во кои ќе се сместуваат орудија за работа и уреди со извори на бука или во кои буката може да дојде однадвор, во поглед на акустичните услови мораат да ѝ одговарат на одредбата на членот 8 од овој правилник, на важечките технички прописи и на акустичките претсемтки приложени кон проектот на објектот.

Член 29

Мерките на заштитата од членот 28 на овој правилник ќе се применуваат и при реконструкција на градежни објекти, на работни простории и на технолошки процеси, како и при поставување на нови орудија за работа и уреди во работните простории, ако таквата реконструкција односно поставување на нови орудија за работа и уреди би можело да придонесе за пречекорувањето на допуштените нивоа на буката.

Член 30

Корисниците на нови и реконструирани објекти со работни простории во кои се сместени орудија за работа и уреди со извори на бука, пред пуштањето во редовен погон на тие орудија и уреди мораат да извршат мерења на нивоата на буката на работните места и во работните простории заради проверување да не го преминува буката допуштеното ниво пропишано со овој правилник.

**7. Средства за лична заштита од бука**

Член 31

На работните места на кои при работата со орудијата за работа и уредите поради технички или технолошки услови за експлоатација односно од други оправдани причини не можат да се исполнат акустичките услови од членот 8 на овој правилник а кои се утврдуваат со техничката документација на загрозените лица мораат да им се стават на располагање средства за заштита на слухот предвидени со Правилникот за средствата за лична заштита при работата и за личната заштитна опрема („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/69) односно со соодветните југословенски стандарди.

**8. Здравствени мерки**

Член 32

На работните места на кои буката преминува 90 dB(A) можат да се запослуваат само лица што врз основа на претходен специјалистички здравствен преглед се прогласени за способни за работа на такви работни места.

Член 33

Лицата од членот 32 на овој правилник во текот на работата мораат да се подложуваат на периодични специјалистички здравствени прегледи, вклучувајќи го и аудиометриското испитување на слухот, во согласност со членот 49 став 3 од Основниот закон за заштитата при работата.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Во постојните работни организации мерењата на нивоата на буката на работните места, во просториите и во објектите со технолошки процеси, со орудија за работа и со уреди чија работа создава бука мораат да се обезбедат според одредбите на овој правилник во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

По исклучок, во организациите од ставот 1 на овој член резултатите од порано извршените мерења на нивоата на буката на загрозени работни места и во простории се признаваат ако тие мерења се извршени во согласност со одредбите на овој правилник.

До извршувањето на мерењата на нивоата на буката во рокот од ставот 1 на овој член, работната организација заради отстранување на неповолното или штетното дејствување на буката ќе ги применува соодветните мерки за санација на буката, вклучувајќи го и користењето на средствата за лична заштита (член 31).

Член 35

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи одредбата на членот 85 од Општиот правилник за хигиенските и техничките заштитни мерки при работењето („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/47 и 36/50).

Член 36

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

6 бр. 641/3
21 јуни 1971 година
Белград

Заменик-претседател
на Сојузниот совет за труд,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**Табела 1**

## ДОПУШТЕНИ НИВОА НА БУКАТА СО ОГЛЕД НА ВИДОТ НА ДЕЈНОСТА

| Реден број | ВИД НА ДЕЈНОСТА | Допуштено ниво на буката на работното место во dB(A) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | а | б | в |
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Физичка работа без барање на ментално напрегање и на забележување на околината со слухот | 90 | 84 | 80 |
| 2 | Физичка работа насочена кон точност и концентрација; повремено следење и контрола на околината со слухот; управување со транспортни средства | 80 | 74 | 70 |
| 3 | Работа што се врши по чести говорни команди и акустички сигнали | | | |
| | Работа што бара постојано следење на околината со слухот | | | |
| | Работа од претежно ментален карактер но рутинска | — | 70 | 60 |
| 4 | Работа од претежно ментален карактер што бара концентрација, но рутинска работа | 70 | 64 | 55 |
| 5 | Ментална работа насочена кон контрола на работата на група луѓе која врши претежно физичка работа | | | |
| | Работа што бара концентрација или непосредно комуницирање со телефон | — | 60 | 50 |
| 6 | Ментална работа насочена кон контрола на работата на група луѓе што врши претежно ментална работа | | | |
| | Работа што бара концентрација, непосредно комуницирање со говор и со телефон | | | |
| | Работа исклучително врзана за разговори преку комуникациони средства (телефон и др.) | — | 55 | 45 |
| 7 | Ментална работа што бара голема концентрација, исклучување од околината, прецизна психомоторика или комуницирање со група луѓе | — | — | 40 |
| 8 | Ментална работа, како изработка на конценции, работа врзана за голема одговорност, комуницирање заради договор со група луѓе | — | — | 35 |

а — означува бука што ја прави орудие за работа или уред со кој работникот непосредно ракува или го послужува

б — означува бука што ја прави орудие за работа или уред со кој работникот не ракува ниту го послужува

в — означува бука што ја создаваат непроизводни извори (уреди за вентилација или климатизација, соседна организација, уличен сообраќај и сл.)

**Табела 2**

## ДОПУШТЕНИ НИВОА НА БУКАТА СО ОГЛЕД НА МОЖНОСТА ЗА НЕПОСРЕДНО СПОГОДУВАЊЕ СО ГОВОР

| dB(A) | Оддалеченост во метри | |
|---|---|---|
| | нормален говор | гласен говор |
| 45 | 7 | 14 |
| 50 | 4 | 8 |
| 55 | 2,2 | 4,5 |
| 60 | 1,3 | 2.5 |
| 65 | 0,7 | 1,4 |
| 70 | 0,4 | 0,8 |
| 75 | 0,22 | 0,45 |
| 80 | 0,13 | 0,25 |
| 85 | 0,07 | 0.14 |
| 90 | | 0,08 |

**Табела 3**

## ДОПУШТЕНИ НИВОА НА БУКАТА СО ОГЛЕД НА МОЖНОСТА ЗА ПОСРЕДНО СПОГОДУВАЊЕ СО СРЕДСТВА ЗА КОМУНИКАЦИИ

| Критериуми во dB(A) | Можност за спогодување со телефон и др. |
|---|---|
| 55 | задоволителна |
| 65 | малку отежната |
| 70 | тешка |
| над 75 | незадоволителна |

**Табела 4**

## ВРЕДНОСТИ НА НИВОАТА НА ЗВУЧНИОТ ПРИТИСОК ВО ОКТАВНИТЕ ПОЈАСИ

| N | Нивоа на звучните притисоци на октавите на N-кривите | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31,5 | 63 | 125 | 250 | 500 | 1000 | 2000 | 4000 | 8000 |
| 0 | 55.4 | 35,5 | 22,0 | 12,0 | 4,8 | 0 | —3,5 | —6,1 | —8.0 |
| 5 | 55.8 | 39,4 | 26,3 | 16,6 | 9.7 | 5 | +1,6 | —1,0 | —2,8 |
| 10 | 62 2 | 43.4 | 30,7 | 21,3 | 14,5 | 10 | 6,6 | +4,2 | +2.3 |
| 15 | 65.6 | 47,3 | 35,0 | 25.9 | 19,4 | 15 | 11,7 | 9.3 | 7 4 |
| 20 | 69,0 | 51,3 | 39.4 | 30,6 | 24.3 | 20 | 16,8 | 14.4 | 12.6 |
| 25 | 72,4 | 55.2 | 43,7 | 35.2 | 29,2 | 25 | 21,9 | 19,5 | 17.7 |
| 30 | 75,8 | 59.2 | 48.1 | 39 9 | 34.0 | 30 | 26,9 | 24,7 | 22.9 |
| 35 | 79.2 | 63,1 | 52,4 | 44,5 | 38,9 | 35 | 32,0 | 29,8 | 28,0 |
| 40 | 82.6 | 67,1 | 56,8 | 49,2 | 43.8 | 40 | 37,1 | 34 9 | 33.2 |
| 45 | 86,0 | 71,0 | 61,1 | 53.6 | 48,6 | 45 | 42,2 | 40.0 | 38,3 |
| 50 | 89,4 | 75.0 | 65.5 | 58.5 | 53,5 | 50 | 47,2 | 45.2 | 43,5 |
| 55 | 92.9 | 78,9 | 69,8 | 63.1 | 58,4 | 55 | 52,3 | 50.3 | 48,6 |
| 60 | 96.3 | 82.9 | 74,2 | 67,8 | 63.2 | 60 | 57.4 | 55.4 | 53.8 |
| 65 | 99,7 | 86,8 | 78.5 | 72,4 | 68,1 | 65 | 62,5 | 60.5 | 58,9 |
| 70 | 103.1 | 90,8 | 82,9 | 77.1 | 73,0 | 70 | 67,5 | 65,7 | 64.1 |
| 75 | 106,5 | 94,7 | 87.2 | 81,7 | 77,9 | 75 | 72,6 | 70,8 | 69.2 |
| 80 | 109,9 | 98,7 | 91.6 | 86.4 | 82.7 | 80 | 77,7 | 75.9 | 74.4 |
| 85 | 113,3 | 102,6 | 95,9 | 91.0 | 87.6 | 85 | 82,8 | 81,0 | 79 5 |
| 90 | 116,7 | 106 6 | 100.3 | 95,7 | 92.5 | 90 | 87,8 | 86,2 | 84.7 |
| 95 | 120.1 | 110,5 | 104,6 | 100,3 | 97,3 | 95 | 92,9 | 91,3 | 89,8 |
| 100 | 123.5 | 114,5 | 109,0 | 105.0 | 102,2 | 100 | 98,0 | 96,4 | 95,0 |
| 105 | 126.9 | 118.4 | 113,3 | 109,6 | 107,1 | 105 | 103,1 | 101,5 | 100,1 |
| 110 | 130,3 | 122,4 | 117,7 | 114,3 | 111,9 | 110 | 108.1 | 106,7 | 105,3 |
| 115 | 130,7 | 126,3 | 122,0 | 118,9 | 116.8 | 115 | 113,2 | 111,8 | 110,4 |
| 120 | 137,1 | 130,3 | 126,4 | 123,6 | 121,7 | 120 | 118,3 | 116,9 | 115,6 |
| 125 | 140 5 | 134.2 | 130,7 | 128,2 | 126,6 | 125 | 123,4 | 122,0 | 120,7 |
| 130 | 143.9 | 138,2 | 135.1 | 132 9 | 131,4 | 130 | 128,4 | 127,2 | 125,9 |

**Табела 5**

ДОПУШТЕНО ВРЕМЕ НА ИЗЛАГАЊЕ НА БУКА, СО ОГЛЕД НА НИВОТО НА ТРАЕЊЕТО НА БУКАТА

| Дневно излагање во часови | Ниво на буката во dB(A) |
|---|---|
| 8 | 90 |
| 6 | 92 |
| 4 | 95 |
| 3 | 97 |
| 2 | 100 |
| 1 1/2 | 102 |
| 1 | 105 |
| 1/2 | 110 |
| 1/4 или помалку | 115 |

**Табела 6**

ДОПУШТЕНО ВРЕМЕ НА ИЗЛАГАЊЕ НА БУКА

| min/ден | Нивоа на звучните притисоци на октавите | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 125 | 250 | 500 | 1000 | 2000 | 4000 | 8000 |
| 480 | 103 | 96 | 92 | 88 | 86 | 85,5 | 87,5 |
| 240 | 115 | 105 | 98 | 93 | 90 | 88 | 95 |
| 120 | 125 | 114 | 106 | 99,5 | 95 | 93 | 101 |
| 60 | | 125 | 115 | 107 | 100 | 99 | 107 |
| 30 | | | 124 | 114 | 107 | 104,5 | 114 |
| 15 | | | 133 | 122 | 113 | 110 | 120 |
| 7 | | | | 126 | 117 | 114,5 | 125 |
| 3 | | | | 131 | 122 | 119 | 130 |

Минимумите на кривите линии се наоѓаат кај 3500 Hz а вредностите за 0,5 dB се помали од оние во колоната 400 Hz

---

**369.**

Врз основа на членот 95а ст. 2 и 3 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67 и 15/71), во спогодба со Сојузната стопанска комора и со Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Сојузниот совет за труд пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ МОЖАТ ДА УПАТУВААТ СВОИ РАБОТНИЦИ НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Со овој правилник се определуваат случаите и условите под кои работните организации, во рамките на деловно-техничка соработка во смисла на членот 53 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство, можат да упатуваат свои работници на работа кај странски деловен партнер, како и условите под кои работните организации можат да упатуваат свои работници на работа во странство заради изведување на инвестициони работи во смисла на членот 82 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство, ако во изведувањето на тие работи учествуваат само со свои работници.

Член 2

Работната организација може да упатува свои работници на работа кај странскиот деловен партнер со кој, според важечките прописи, склучила договор за деловно-техничка соработка, заради:

1) стручно оспособување односно усовршување на работниците;

2) укажување стручна или техничка помош на странскиот деловен партнер.

Работната организација што склучила договор за деловно-техничка соработка со странски деловен партнер може да упати свои привремени вишоци работници на работа кај тој странски партнер на определено време заради запослување на работи кои, во врска со нејзиниот развој, се од интерес за работната организација.

Член 3

Работната организација може да упатува свои работници на работа во претпријатие што го основала (сама или преку своето деловно здружение) во смисла на членот 88 став 1 точка 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство.

Член 4

Работната организација може да упатува свои работници на работа кај странски деловен партнер во случаите од чл. 2 и 3 на овој правилник под следните услови:

1) да се согласил работникот да работи определено време во странство;

2) да е во работен однос на неопределено време со полно работно време работникот и претходно да поминал на работа во работната организација најмалку шест месеци;

3) да е определено со општиот акт на работната организација дека на работникот за време на работата во странство му мирува работниот однос и да е утврдено во спогодба со работникот дека работникот по враќање од работа од странство ќе продолжи да работи во работната организација на истото работно место, односно на слично работно место ако не може да се распореди на истото работно место;

4) работната организација да обезбедила остварување на правата на работникот и на членовите на неговото семејство по основ на привремен работен однос во странство, во согласност со меѓудржавните спогодби односно во согласност со важечките југословенски прописи ако не е склучена соодветна меѓудржавна спогодба помеѓу Југославија и странската држава во која се упатува работникот на работа;

5) да не му претстои на работникот упатување на отслужување на военото рок.

Член 5

Работната организација што ќе договори (сама или преку своето деловно здружение) изведување на инвестициони работи во странство, во кое учествува само со своите работници, може да упатува свои работници во странство заради изведување на тие работи, под следните услови:

1) да се согласил работникот да работи определено време во странство;

2) да е во работен однос на неопределено време со полно работно време работникот и претходно да поминал на работа во работната организација најмалку шест месеци;

3) за време на работата во странство да ги остварува работникот своите права од трудот и по основ на трудот според важечките југословенски прописи и општите акти на работната организација,

ако со меѓудржавната спогодба не е предвидено тие права да ги остварува работникот според прописите на странската држава;

4) да не му претстои на работникот упатување на отслужување на военото рок

Член 6

Работниците кои ги исполнуваат условите од членот 5 на овој правилник можат да се упатат на работа во странство заради изведување на инвестициони работи ако работната организација, во согласност со своите општи акти, со договор за изведување на инвестициони работи во странство односно со посебен договор склучен со странскиот деловен партнер обезбеди сместување и исхрана најмалку каква што ја имаат работниците во истото место во странската држава во кое се изведуваат инвестиционите работи, како и услови под кои работниците за еднаков труд и резултати на трудот ќе остваруваат личен доход најмалку во онаа височина во која го остваруваат и работниците со иста стручна подготовка во странската држава.

Работната организација што изведува инвестициони градежни работи во странство е должна да обезбеди сместување и исхрана за своите работници на градилиштето во странство согласно условите утврдени со Општествениот договор за минималните стандарди на животните и работните услови на градежните работници („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/71).

Член 7

Работната организација што во рамките на деловно-техничката соработка односно заради изведување на инвестициони работи во странство, упатува свои работници на работа во странство, е должна да му го достави на увид на органот определен со републички односно покраински пропис договорот за деловно-техничка соработка што го склучила со странскиот деловен партнер односно договорот за изведување на инвестициони работи во странство, како и своите општи акти со кои се определени правата и должностите на работниците кои се упатуваат на работа во странство.

Ако склучи спогодба за условите и за начинот на вршењето на надворешнотрговскиот промет, работната организација од ставот 1 на овој член ги доставува договорите и општите акти и до организацијата што ќе биде определена со таа спогодба односно до нејзиниот орган.

Член 8

Работните организации што во рамките на деловно-техничката соработка со странство односно заради изведување на инвестициони работи во странство упатуваат свои работници во странство, во смисла на членот 36е од Основниот закон за организацијата и финансирањето на запослувањето („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 51/65, 47/66, 55/69 и 9/70), се должни за тоа да поднесат пријава за тие работници до општинскиот завод за запослување на чие подрачје се наоѓаат.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1335/1
2 јули 1971 година
Белград

Заменик-претседател
на Сојузниот совет
за труд,

**Светозар Пеповски,** с. р.

**370.**

Врз основа на членот 53а став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71 и 29/71) и членот 2 став 3 и членот 19 став 1 од Уредбата за издавање на уверенија и за заверување на исправи што ги следат стоките при извозот („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71), Сојузната стопанска комора пропишува

# УПАТСТВО

## ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО И ЗА ФОРМИТЕ НА УВЕРЕНИЈАТА И ЗА НАЧИНОТ НА ЗАВЕРУВАЊЕТО НА ИСПРАВИТЕ ШТО ГИ СЛЕДАТ СТОКИТЕ ПРИ ИЗВОЗОТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Сојузната стопанска комора, републичките и покраинските стопански комори и основните стопански комори (во понатамошниот текст: овластените комори) издаваат уверенија и вршат заверување на исправи што ги следат стоките при извозот, согласно со одредбите на Уредбата за издавање на уверенија и за заверување на исправи што ги следат стоките при извозот (во понатамошниот текст: Уредбата) и со одредбите на ова упатство.

Основните стопански комори ги издаваат уверенијата и вршат заверување на исправите од ставот 1 на оваа точка ако за тоа добијат овластување од Сојузната комора. Ова овластување Сојузната стопанска комора го дава во спогодба со републичката стопанска комора.

Овластувањето од ставот 2 на оваа точка се дава ако основната стопанска комора кон своето барање за давање овластување достави податоци дека располага со кадровски и материјални можности за ефикасно вршење на работите и дека обезбедува соодветна контрола во врска со издавањето на уверенијата и со заверувањето на исправите што ги следат стоките при извозот.

2. За издавање на уверенијата и за заверување на исправите што ги следат стоките при извозот републичките и покраинските стопански комори можат да отвораат канцеларии (уреди) со свои работници во местата во кои не е седиштето на некоја од стопанските комори ако за нивното отворање се укаже потреба.

3. Сојузната стопанска комора ги издава уверенијата од членот 2 став 1 точ. 2 до 5 од Уредбата и врши заверување на исправите од членот 3 на Уредбата.

Републичките и покраинските стопански комори ги издаваат уверенијата од членот 2 став 1 точ. 1, 2, 3 и 5 од Уредбата и вршат заверување на исправите од членот 3 на Уредбата.

Основните стопански комори ги издаваат уверенијата од членот 2 став 1 точ. 1, 2, 3 и 5 од Уредбата и вршат заверување на исправите од членот 3 на Уредбата.

### II. ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЈА И ЗАВЕРУВАЊЕ НА ИСПРАВИ

**1. Издавање на уверенијата за југословенско потекло на стоките во рамките на Општата шема на царинските преференцијали**

4. За издавање уверение дека определени стоки се од југословенско потекло и дека можат да бидат земени предвид за преференцијален третман во рамките на Општата шема на царинските

преференцијали (чл. 4 до 8 од Уредбата) мора да се поднесе барање. Уверението се издава на образецот А, а барањето се поднесува на образецот В, кои се отпечатени кон ова упатство и се негов составен дел.

Кон обрасците од ставот 1 на оваа точка се поднесува и соодветна документација за потеклото на стоките и за пратката.

5. Образецот А се состои од комбинирана декларација и уверение за југословенско потекло на стоките, формат 210 x 297 mm.

Декларацијата и уверението од ставот 1 на оваа точка се изработуваат од хартија за пишување која не содржи вештачка целулоза и која не е полесна од 25 гр на еден квадратен метар а се бојосани зелено со соодветна материја која онемозможува фалсификување со хемиски или механички средства видливи со голо око.

Образецот А се печати во комплети од по три примероци со образецот Б кој е на грбот од третиот примерок на комплетот, и тоа посебно на англиски, а посебно на француски јазик. На грбот од првиот и вториот примерок на комплетот на образецот А се забелешки за основните критериуми за добивање на преференцијал, а на образецот Б забелешка за начинот на пополнувањето на барањето за издавање уверение.

6. Обрасците А и Б се печатат кај работната организација специјализирана за изработка на такви обрасци.

Обрасците ги отстапува Сојузната стопанска комора на овластените комори по набавната цена.

Сојузната стопанска комора води евиденција за серијата и за бројот на обрасците, и тоа посебно за обрасците печатени на англиски, а посебно за обрасците печатени на француски јазик, како и на која овластена комора ѝ се отстапени обрасците.

7. Извозникот на стоките е должен комбинираната декларација и уверението за југословенско потекло на стоките да ги пополни во комплетот од три примероци, како и примерокот на барањето за добивање на уверение, според забелешките отпечатени на нивниот грб. Декларацијата и уверението се пополнуваат на англиски и француски јазик, а барањето за издавање на уверение на еден од јазиците на народите на Југославија.

Извозникот ја поднесува декларацијата, уверението и барањето за издавање на уверение до овластената комора, која, ако се исполнети сите услови, ќе го завери првиот примерок на уверението и ќе му го врати на извозникот заради доставување на увозникот во земјата на намената, заедно со копијата (вториот примерок) на уверението, а третиот примерок на уверението овластената комора го задржува заради евиденција Со потпис од овластеното лице — подносител на барањето, се внесува со пишувачка машина неговото име и презиме.

8. Обрасците А и Б се пополнуваат со пишувачка машина или со мастило. Ако обрасците се пополнуваат со мастило тие се пополнуваат со големи печатни букви.

На образецот А ништо не смее да се брише, ниту зборовите или броевите смеат да се испишуваат едни преку други. Измените се вршат со прецртување на неточните податоци и со додавање на потребните исправки. Секоја таква измена ја врши лицето што го пополнило уверението и таа мора да биде заверена од овластената комора — издавател на уверението.

Секоја ставка содржана во комбинираната декларација и во уверението за југословенското потекло на стоките мора да биде обележена со реден број. Непосредно под последната ставка мора да се повлече водорамна линија. Празниот простор на образецот мора да биде прецртан така што во него да не може ништо да се додава.

9. Со декларацијата се специфицира дека производот ги исполнува условите на стоки „наполно произведени" во Југославија или на производен процес врз основа на кој производот им одговара на критериумите за суштествената трансформација или на вредност на елементите што се употребени за производството на односниот производ и увезени од други земји или се од непознато потекло, изразена во проценти на цената на производот франко фабрика.

Со декларацијата се потврдува дека секој производ во пратката е произведен во Југославија и дека во сé им одговара на правилата за потеклото на стоките за односниот производ во рамките на Општата шема на царинските преференцијали на земјата-давател на преференцијалите.

Во декларацијата мора да се наведе и земјата од која стоките се извезуваат и земјата во која стоките се увезуваат.

Декларацијата ја потпишува овластеното лице на извозникот, со мастило и со читлив ракопис.

10. При поднесувањето на барањето за издавање на уверение за југословенско потекло на стоките во рамките на Општата шема на царинските преференцијали, покрај правилата за потеклото на стоките утврдени според одредбите на чл. 6, 7, 8 и 11 од Уредбата и забелешките наведени на образецот А и на образецот Б (точка 5), подносителот на барањето го зема предвид и следното:

1) дека, ако не се во прашање стоки што се увезуваат во патнички багаж или како пратка на приватно лице од земјата-корисничка на преференцијалите упатена на приватно лице во земјата-давател на преференцијалите (за што надлежниот царински орган дава поблиски упатства) и ако пратката се состои од стоки по потекло од земјата-корисничка на преференцијалите а не ја преминува вредноста определена од страна на земјата-давател на преференцијалите, од земјата увозничка може да се бара декларацијата, потпишана од извозникот според образецот А и без заверка, да претставува доволна документација. Ако земјата увозник-давател на преференцијалите ја прифати изјавата потпишана од извозникот, таа изјава може да се даде на фактурата или на поштенската царинска декларација, со тоа што да гласи: „сите горенаведени производи по потекло се од . . . ." (да се наведе земјата на потеклото-корисничка на преференцијалите);

2) дека, ако за определување на царинските давачки земјата увозничка-давател на преференцијалите ги прегледа стоките одвоено од амбалажата, за примена на Општата шема на царинските преференцијали може посебно да се утврди потеклото на амбалажата. Ако потеклото на амбалажата не може да се утврди, се смета дека амбалажата сочинува целина со стоките што ги содржи, со тоа што при прегледот на стоките ниту еден дел од амбалажата, која е потребна за превоз или за складирање на стоките, да нема да се смета како увезен од друга земја туку од земјата корисничка на преференцијалите. Амбалажата во која стоките најчесто се продаваат во малопродажба не се смета како амбалажа потребна за транспорт и складирање на стоките;

3) дека секој производ во пратката ќе се прегледа одвоено, а прегледот ќе се врши на следниот начин:

— ако со царинската позиција на земјата увозничка се предвидува дека група, собир или склоп на производи треба да се класифицираат во рамките на една ставка или позиција, таквата група, собир или склоп се сметаат како еден производ;

— ако алати, делови или прибор се увезува заедно со определен производ и чија цена е вклучена во тој производ, а за кои не се предвидени посебни давачки, се смета дека тие сочинуваат целост со тој производ, под услов да претставуваат стандардна опрема на производите од тој вид;

— во други случаи стоките се сметаат како еден производ ако како такви се сметаат при определувањето на царинските давачки од земја увозничка;

4) дека намонтиран или размонтиран производ, кој се увезува во повеќе пратки и кој поради условите на превозот или на производството не може да се увезе како еден производ, ќе се смета како еден производ ако тоа го бара увозникот;

5) дека, ако се во прашање мешаници кои според своите особини не можат да се сметаат како групи, собири односно склопови на делови кои можат да се разделат, земјата увозничка — давател на преференцијалите може да одбие да прифати кој и да било производ да води потекло од земјата — корисничка на преференцијалите, ако таквиот производ настанал како резултат на мешање на стоки за кои би можело да се оквалификуваат дека се по потекло од земјата — корисничка на преференцијалите и на стоки кои не би можеле да се оквалификуваат како такви, во случај карактеристиките на тој производ да не се во целост суштествено различни од карактеристиките на стоките што се измешани;

6) ако стоките, експедирани од земјата извозничка — корисничка на преференцијалите заради излагање во друга земја, по затворањето на изложбата се продаваат за потрошувачка во земјата увозничка — давател на преференцијалите, таа земја да се грижи за примената на преференцијалите за тие стоки, под услов стоките да произлегуваат од земјата — корисничка на преференцијалите во рамките на Општата шема на царинските преференцијали, а, по потреба, да може да побара и дополнителна документација од земјата што излага, заради утврдување на потеклото на стоките и на условите под кои стоките се излагаат. Под изразот „изложба", во смисла на ова упатство, се подразбира комерцијална, индустриска, земјоделска или занаетчиска изложба, саем или слична манифестација која не е организирана за приватни цели во дуќани или во деловни простории заради продажба на увезени стоки и каде што стоките остануваат под царински надзор за време на траењето на изложбата. (Зборовите: „и каде стоките остануваат под царински надзор за време на траењето на изложбата" треба да се сфатат во смисла на „Глосарот на меѓународните царински изрази" на Советот за царинска соработка);

7) при поднесувањето на барањето за издавање на уверение за југословенско потекло на стоките, во рамките на Општата шема на царинските преференцијали, да се земаат предвид и другите правила на одделни земји или групи земји — даватели на преференцијалите што се однесуваат на користењето на преференцијалите.

11. Уверението за југословенско потекло на стоките се издава по извршената контрола и откако ќе се утврди дека декларацијата на извозникот е точна.

12. Секоја овластена комора мора да има два еднообразни печати со кои се врши заверувањето. Едниот печат содржи назив и седиште на овластената комора на англиски јазик и на еден од јазиците на народите на Југославија според седиштето на овластената комора а другиот печат — назив и седиште на овластената комора на француски јазик и на еден од јазиците на народите на Југославија според седиштето на овластената комора. Печатите се во тркалезна форма, со пречник 40 mm и изработени од гума.

Потписите на овластените лица и отпечатоците на печатите на овластените комори се депонираат во Сојузната стопанска комора — Секретаријат на Советот за стопански односи со странство, пред да почне со потпишувањето овластеното лице и пред ставањето на печатите на уверенијата.

13. Овластените комори ќе ја утврдат спогодбено височината на надоместокот што ќе се наплатува од подносителите на барањата за издавање на уверенија за југословенско потекло на стоките во врска со примената на Општата шема на царинските преференцијали.

14. По исклучок од забелешките отпечатени на грбот од првиот и вториот примерок на образецот А, образецот А и образецот Б почнувајќи од 1 јули 1971 година можат да се употребуваат само за преференцијалите што, во рамките на Општата шема на царинските преференцијали, ги даваат земјите на Заедничкиот европски пазар (Франција, Италија, Сојузна Република Германија, Белгија, Холандија и Луксембург). За другите земји, образецот А и образецот Б ќе се применуваат од моментот кога тие земји ќе овозможат користење на преференцијалите.

15. Уверението за југословенско потекло на стоките за користење на преференцијалите може да им се поднесе на царинските органи во земјите на Заедничкиот европски пазар најдоцна пет месеци од денот на издавањето на уверението. Овој рок може да биде десет месеци ако стоките од југословенско потекло се извезени во земјата-давател на преференцијалите во транзитот преку територијата на некоја друга земја.

### 2. Издавање на другите уверенија за југословенско потекло на стоките (член 9 од Уредбата)

16. Уверенијата за југословенско потекло на стоките што не се однесуваат на Општата шема на царинските преференцијали и што овластените стопански комори ги издавале според досегашните прописи, ќе ги издаваат овластените комори на постојните обрасци, во согласност со одредбата на членот 9 став 2 од Уредбата. Овластените комори ќе ги издаваат тие уверенија само во случај ако се уредно пополнети и кон нив е приложена соодветната документација.

Овластените комори ќе ги наплатуваат на име надоместок за услугите за издавање на уверенијата од ставот 1 на оваа точка износите пропишани со Правилникот за надоместоците за услугите што Сојузната стопанска комора ги врши со издавање и заверување на документите што ги следат стоките при извозот („Гласник" на Советот за стопански односи со странство на Сојузната стопанска комора, бр. 11/66).

Овластените комори, по потреба, ги утврдуваат единствените обрасци на уверенијата од ставот 1 на оваа точка и начинот на нивното издавање.

### 3. Издавање на другите уверенија

17. Уверенијата од членот 10 од Уредбата овластените комори ќе ги издаваат на досегашниот начин, во согласност со одредбата на тој член Овластените комори ќе ги издаваат тие уверенија само ако тие се уредно пополнети и кон нив е приложена соодветната документација.

Овластените комори ќе ги наплатуваат на име надоместок за услугите на издавањето на уверенијата од ставот 1 од оваа точка износите потпишани со Правилникот за надоместоците за услугите што Сојузната стопанска комора ги врши со издавање и заверување на документите што ги следат стоките при извозот („Гласник" на Советот за стопански односи со странство на Сојузната стопанска комора, бр. 11/66).

Овластените комори, по потреба, ги утврдуваат единствените обрасци на одделните или на сите уверенија од ставот 1 на оваа точка и начинот на нивното издавање.

18. Уверенијата дека увезените стоки нема да бидат реекспортирани (end use certificate) ќе ги издава исклучиво Сојузната стопанска комора.

**4. Контрола и соработка при издавањето на уверенијата за југословенско потекло на стоките**

19. Овластените комори се должни да состават листи на лицата од редот на стручњаците (контролорите) по струките кои ќе ја вршат проверката (контролата) од членот 12 став 2 на Уредбата за што овластените комори ги известуваат заинтересираните работни организации. По утврдувањето на листите, овластените комори за секое стручно лице (контролор) ќе донесат посебен акт со кој тоа се овластува за вршење на проверка (контрола).

За стручни лица (контролори) овластената комора може да определи само лица кои имаат висока или виша стручна подготовка за односната струка, а по исклучок и лица кои имаат средна стручна подготовка со најмалку десет години работно искуство во односната струка.

Стручните лица (контролорите) се должни да соработуваат со заинтересираните работни организации во извршувањето на своите задачи, а тие организации, на нивно барање, ќе им овозможат увид во документацијата и ќе им даваат потребни објаснувања.

20. Ако земјата-давател на преференцијалите, по пат на преписка со односните партнери во трговската трансакција, побара дополнителна документација или проверка од надлежните органи, тие органи договорно со органите на земјата-давател на преференцијалите ќе преземат потребни мерки за прибавување на дополнителни известувања и податоци што се однесуваат на признавањето на преференцијалите. По исцрпната проверка (контрола) надлежниот орган ќе им достави извештај на органите на земјата-давател на преференцијалите. Како „надлежни органи" се подразбираат овластената комора што го издала односното уверение за југословенско потекло на стоките или овластената комора и царинскиот орган од членот 14 став 2 на Уредбата.

Ако земјата-давател на преференцијалите пристапи кон анкета заради утврдување на фактите во поглед условите за признавање на преференцијалите и, по потреба, побара да се поднесат дополнителни известувања и документацијата во врска со декларацијата или уверението, заинтересираните органи односно организации ќе им ги достават тие известувања и документацијата на надлежните органи во Југославија кои по исцрпната проверка веднаш ќе ѝ достават соодветен извештај на земјата давател на преференцијалите. Известувањата, документацијата и извештајот што ќе се добијат во текот на проверката се сметаат за доверливи.

Ако царинските органи на земјата-давател на преференцијалите побараат да се преведат сите документи што им се поднесени, извозникот-корисник на преференцијалите е должен навремено да обезбеди превод на тие документи.

21 Овластените комори, при издавањето на уверенијата треба да земаат предвид:

1) дека, ако утврди дека овластената комора повеќе пати издала невистинити уверенија, земјата-давател на преференцијалите може да одбие да ја прифати заверката на уверенијата за југословенско потекло на стоките од која и да било овластена комора но само по претходни консултации и на начин за да не дојде до прекинување на извозот;

2) дека на лицата што ги доставуваат или се грижат да бидат доставени известувањата што се однесуваат на потеклото на стоките или на праткатa, а се неточни, можат да им се ускратат и олесненијата за признавање на преференцијалите, а во случај на сомнение во поглед на условите за признавање на преференцијалите, земјата-давател на преференцијалите може да побара од увозникот да положи обезбедување за оној износ на царинските давачки кој ѝ одговара на повластената тарифа додека се оствари правото на примена на преференцијалите. Ако и по проверката се утврди дека стоките не доаѓаат предвид за признавање на преференцијалите, земјата-давател на преференцијалите ќе го повика увозникот да ги плати царинските давачки по неповластена царинска тарифа.

22. За сите изречени казни или мерки, како и за сите неправилности што би можеле да доведат до изрекување на казни или мерки во врска со издавањето на уверенијата или со заверувањето на исправите, републичките и покраинските стопански комори и основчите стопански комори ќе ја известуваат Сојузната стопанска комора заради заедничко спречување или отстранување на негативните појави во оваа област.

**5. Заверување на исправи**

23. Заверување на исправите од членот 3 на Уредбата се врши со посебен печат и штембил на овластената комора. Штембилот го содржи зборот: „видено" на соодветен странски јазик.

Кон исправата што се заверува се поднесува и копијата на исправата. Копијата на исправата служи за евиденција за извршеното заверување.

Овластените комори ќе обезбедат, по потреба, еднообразни печати и штембили што исклучиво ќе служат за заверување на исправите од членот 3 на Уредбата.

Овластените комори ќе ги наплатуваат на име надоместок за услугите за заверување на исправите од ставот 1 на оваа точка износите пропишани со Правилникот за надоместоците за услугите што Сојузната стопанска комора ги врши со издавање и заверување на документите што ги следат стоките при извозот („Гласник" на Советот за стопански односи со странство на Сојузната стопанска комора, бр. 11/66).

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

24 Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Одлуката за надлежноста на стопанските комори за издавање и заверување на документите што ги следат стоките при извозот и увозот („Гласник" на Советот за стопански односи со странство на Сојузната стопанска комора, бр. 11/66).

25. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0100/27
24 јуни 1971 година
Белград

**Сојузна стопанска комора**

Претседател
на Сојузната стопанска
комора,
**Руди Колак, с. р.**

(Прва страна од првиот, вториот и третиот примерок на образецот А)

| | |
|---|---|
| 1. Expéditeur (nom, adresse, pays de l'exportateur) | Référence N° |
| 2. Destinataire (nom, adresse, pays) | **SYSTEME GENERALISE DE PREFERENCES**<br>**CERTIFICAT D'ORIGINE**<br>**(Déclaration et certificat)**<br>**FORMULE A**<br>Delivré en **République Socialiste Fédérative de Yougoslavie**<br>Voir Notes au verso |
| 3. Moyen de transport et itinéraire (si connus) | 4. Pour usage officiel |

| 5. N° d'ordre | 6. Marques et numéros des colis | 7. Nombre et type de colis; description des marchandises | 8. Critère d'origine (voir Notes au verso) | 9. Poids brut ou quantité | 10. N° et date de la facture |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| | |
|---|---|
| **11. Certificat**<br>Il est certifié, sur la base du contrôle effectué, que la déclaration de l'exportateur est exacte.<br><br>.....<br>Lieu et date, signature et timbre de l'autorité délivrant le certificat | **12. Déclaration de l'exportateur**<br>Le soussigné déclare que les mentions et indications ci-dessus sont exactes, que toutes ces marchandises ont été produites en .....<br>(nom du pays)<br>et qu'elles remplissent les conditions d'origine requises par le Système généralisé de préférences pour être exportées à destination de<br><br>.....<br>(nom du pays importateur)<br><br>.....<br>Lieu et date, signature du signataire habilité |

(Втора страна од првиот и вториот примерок на образецот А)

## NOTES

**1. Pays qui acceptent cette formule aux fins du Système généralisé de préférences:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Autriche, | Belgique, | Canada, | Danemark, | Etats-Unis d'Amérique, | Finlande, |
| France, | Irlande, | Italie, | Japon, | Luxembourg, | Norvège, |
| Pays-Bas, | R.F. d'Allemagne, | Royaume-Uni, | Suède, | Suisse, | |

Le détail des règlements concernant l'admission au bénéfice du Système généralisé de préférences dans ces pays peut être obtenu auprès de leurs administrations des douanes. Les éléments principaux de ces règlements sont résumés dans les paragraphes qui suivent.

**2. Conditions.** Les principales conditions d'admission au bénéfice des préférences sont que la marchandise expédiée vers l'un quelconque des pays susmentionnés:

i) doit correspondre à la définition établie des marchandises pouvant bénéficier du régime de préférences dans le pays de destination, et

ii) doit satisfaire aux conditions d'expédition spécifiées par le pays de destination. En général, la marchandise doit être expédiée directement du pays d'exportation au pays de destination, mais, dans la plupart des cas, le passage par un ou plusieurs pays intermédiaires, avec ou sans transbordement, est admis, à condition qu'au moment où elle est exportée, la marchandise soit manifestement destinée au pays de destination déclaré et que tout transit, transbordement ou entreposage temporaire ne résulte que des besoins du transport, et

iii) doit répondre aux critères d'origine spécifiés pour cette marchandise par le pays de destination. Des indications sommaires sur les règles d'origine généralement applicables sont données aux paragraphes 3 et 4.

**3. Critères d'origine.** Pour les exportations vers les pays susmentionnés, à l'exception du Canada et des Etats-Unis d'Amérique,

i) ou bien la marchandise doit être entièrement produite dans le pays exportateur, c'est-à-dire correspondre à la définition des marchandises considérées comme «entièrement produites» qui figure dans les règlements du pays de destination intéressé,

ii) ou bien si elle est fabriquée entièrement ou en partie au moyen de matières ou de composants importés dans le pays exportateur ou d'origine indeterminée, ces matieres ou composants doivent y avoir subi une transformation substantielle qui en fasse un produit différent. Il importe de noter que toutes matières et tous composants à propos desquels il est impossible de prouver qu'ils sont originaires dudit pays doivent être considérés comme importés. En général, la transformation doit être telle qu'elle ait pour effet de faire classer la marchandise exportée dans une rubrique de la Nomenclature douanière de Bruxelles différente de celle où seraient classés ces matières ou composants. En outre, des règles d'origine spéciales et des dispositions subsidiaires sont prévues pour diverses catégories de marchandises des listes A et B de certains pays, et ces règles et dispositions devraient être soigneusement étudiées.

Si la marchandise satisfait aux critères ci-dessus, l'exportateur indiquera, dans la case 8 de la formule, le critère d'origine en vertu duquel il demande, pour cette marchandise, le bénéfice du Systeme généralisé de préférences, de la manière indiquée dans le tableau ci-après:

| Conditions de production ou de fabrication dans le premier pays indiqué dans la case 12 de la formule. | Indiquer ce critère dans la case 8. |
|---|---|
| a) Marchandise, ouvrée, mais non entièrement produite dans le pays exportateur, qui a été produite d'une manière conforme aux dispositions du paragraphe 3 ii), qui relève d'une position de la NDB spécifiée dans la colonne 1 de la Liste A et qui satisfait aux conditions des colonnes 3 et 4 de cette liste applicables à cette marchandise. | «A», suivi de la position de la marchandise dans la NDB<br>Exemple: «A» 47.07 |
